РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

2010

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Поддржано од:
AgBiz Program
USAID
ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

МИНСТЕРСТВО ЗА
ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

2010

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

2011 година

Издавач:
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија

Уредено, организирано и технички обработено:
Здружение на агроекономисти на Република Македонија

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

354.83(497.7)"2010"(047)
633/635(497.7)"2010"(047)

ГОДИШЕН извештај за земјоделство и рурален развој: 2010. - Скопје
: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, 2011. -
113 стр. : илустр. ; 24 см

Библиографија: стр. 111 - Содржи и: Прилози

ISBN 978-608-209-010-8

а) Земјоделство - Македонија - 2010 - Извештаи б) Македонија -
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство - Сектор за
земјоделство - 2010 - Извештаи
COBISS.MK-ID 90090762

ПРЕДГОВОР

Годишниот земјоделски извештај на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е публикација која се осврнува на остварувањата на земјоделско-прехранбениот сектор на Република Македонија и активностите на Министерството за 2010 година.

Извештајот се состои од десет поглавја. Во ова издание, на почетокот се изложени политиките на развој на земјоделството и руралните средини, прилагодувањето кон Европската Унија и меѓународната соработка, како и хоризонталните и административно-контролните прашања. Понатаму, даден е осврт на макроекономската состојба на Република Македонија со фокус на земјоделско-прехранбениот сектор, вредноста на земјоделското производство, остварените производствени резултати по потсектори, вклучувајќи го и органското производство, како и трговијата со земјоделско-прехранбени производи. Исто така, во извештајот се третираат аспектите на безбедност на храна и одржливо управување со природните ресурси, а опфатени се трендовите во образованието, науката и трансферот на знаења.

При изготвувањето на извештајот користени се повеќе извори на податоци, пред сè поединечните извештаи изработени од секторите и управите во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Секако, како значаен извор на податоци се јавува Државниот завод за статистика на Република Македонија. Покрај објавените публикации и официјални извори, во некои делови на извештајот се користат и стручни процени.

Се надевам дека Годишниот земјоделски извештај за 2010 година ќе продолжи да биде корисна референца и ќе наиде на широка употреба меѓу учесниците во земјоделско-прехранбениот сектор.

Со почит,

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство

Љупчо Димовски

СОДРЖИНА

I. ПОЛИТИКИ НА РАЗВОЈ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ 1
1. Политика за земјоделство и рурален развој 1
2. Политики за поддршка на земјоделството 2
3. Политика за поддршка на руралниот развој 4
4. Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој 9
II. ПРИЛАГОДУВАЊЕ КОН ЕУ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА 11
1. ЕУ интеграција 11
2. Меѓународна соработка 12
III. ХОРИЗОНТАЛНИ ПРАШАЊА И АДМИНИСТРАТИВНО-КОНТРОЛНИ СИСТЕМИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКАТА ПОЛИТИКА 15
1. Институционална поставеност на МЗШВ 15
2. Информативни системи 23
3. Здружување во земјоделско-прехранбениот сектор 21
4. Политики на Заедничко Уредување на Пазарите (ЗУП) 22
IV. ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ОСВРТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКО-ПРЕХРАНБЕНИОТ СЕКТОР 25
1. Географски карактеристики, клима и население 25
2. Макроекономска рамка 26
3. Општи состојби во агрокомплексот 27
4. Главни карактеристики кај структурата на фармите 28
5. Карактеризација на руралните средини 30
V. ВРЕДНОСТ НА ПРОИЗВОДСТВОТО НА ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ СЕКТОР 38
VI. ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО, ПРЕРАБОТКА И ТРГОВИЈА 39
1. Растително производство 39
2. Сточарско производство 53
3. Политика на квалитет и органско земјоделство 59
4. Рибарство 62
5. Земјоделски пазари и трговија со земјоделско-прехранбени производи 64
VII. БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА 72
1. Ветеринарна политика 72
2. Фитосанитарна политика 78
3. Сектор агрохемија 80
4. Управа за семе и саден материјал 81
5. Државна фитосанитарна лабораторија (ДФЛ) 82
6. Државен инспекторат за земјоделство 83
VIII. ОДРЖЛИВО УПРАВУВАЊЕ СО ПРИРОДНИ РЕСУРСИ – ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ, ШУМИ И ВОДИ 90
1. Земјоделско земјиште 85
2. Шумарство – сектор за шумарство и ловство 85
3. Управа за водостопанство 87
4. Управа за хидрометеоролошки работи 91
IX. ОБРАЗОВАНИЕ, НАУКА И ТРАНСФЕР НА ЗНАЕЊЕ 95
1. Образование во биотехничките науки 95
2. Наука и истражување 96
3. Советодавни и консултативни услуги 97
4. Систем на обуки (неформално образование) 99
X. ПРИЛОЗИ 101

I. ПОЛИТИКИ НА РАЗВОЈ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ

Земјоделството (заедно со шумарството и рибарството) е третиот најголем економски сектор по услугите и индустријата во економијата на Република Македонија.

Зголемениот конкурентски притисок во процесите на интензивна интеграција во меѓународните текови на размена на стоки, а првенствено со пристапувањето на Република Македонија кон СТО и потпишувањето на други билатерални и мултилатерални договори за слободна трговија, е сериозен предизвик за македонското земјоделство.

Во следниот среднорочен период, македонскиот земјоделско-прехрамбен сектор и релевантните институции, по своите перформанси, организација и развој треба значително да се приближат кон нивото определено со стандардите дефинирани во регулативите од Заедничката земјоделска политика (ЗЗП) на ЕУ (Common Agricultural Policy-CAP) кои во процесот на пристапување кон ЕУ претставуваат најтешко и најсложено поглавје од преговарачкиот процес. Следејќи ги националните интереси, реалните состојби и потребите во секторот, реформите кои ќе се имплементираат преку три главни области: реформи на политиката, институционални реформи и реформи на правната регулатива, ќе ја имаат превид и потребата за ублажување на негативните ефекти со кои ќе се соочи дел од земјоделското и рурално население во текот на интезивниот процес на прилагодување кон сложените европски стандарди.

Цели и мерки на политиките на развој на земјоделството и руралните средини

Во рамките на Националниот Развоен План 2008-2013, глава 7- Рурален развој и развој на земјоделството, истакнати се следните цели и мерки на политиките на развој на земјоделството и руралните средини:

1. Зајакнување на конкурентноста на македонското земјоделство во интегрираните регионални пазари на Европската унија и Југоисточна Европа преку мерки за зголемување на ефикасноста на земјоделското производство, преработувачката и продажбата.
2. Подобрување на приходите на земјоделските стопанства.
3. Овозможување на потрошувачите да имаат пристап до безбедна, здрава храна.
4. Оптимизирање на искористеноста на ограничените земјишни, шумски и водни ресурси на начин кој нема негативно да влијае врз животната средина.
5. Изградба на одржливи рурални заедници преку интегриран развој на рурални средини и намалување на урбано-руралните диспаритети во развојот.
6. Изградба на соодветни, ефикасни јавни и приватни институции за спроведување на земјоделската политика и рурален развој.

Остварувањето на визијата и наведените стратешки цели за развојот на секторот ќе се реализира преку мерките и инструментите на следните политики во делот на земјоделството: политика за земјоделство и рурален развој, политики за поддршка на земјоделството и политика за поддршка на руралниот развој.

1. Политика за земјоделство и рурален развој

Земјоделството и руралниот развој се клучните претпристапни елементи на Република Македонија за Европската Унија. Поради неодржливата состојба на руралните подрачја во Република Македонија, како и насоките на ЕУ во сè позначајната финансиска поддршка на руралниот развој, во јануари 2007 година, Владата на Република Македонија донесе Закон за земјоделство и рурален развој (Службен весник на Република Македонија, бр. 134/07). Донесувањето на овој закон, како највисок правен акт во земјоделството, претставува појдовна основа на реформите и фундамент на развојот не само на секторот, туку и на македонската економија во целина.

Следствено на Законот, во јуни 2007 година, се донесе Националната стратегија за земјоделство и рурален развој 2007-2013 со јасни меѓусебно поврзани цели, со што Владата (особено Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство – МЗШВ) и институциите и интересните групи (руралното население, земјоделците и земјоделските здруженија, групите на производители и преработувачи) обезбедија повеќегодишен референтен материјал – стратегија и инструмент за развој на македонското земјоделство и руралните области. Исто така, се воспостави база за поддршка на нацртот на хиерархиски пониски оперативни планови за земјоделство и рурален развој, особено Претпристапен документ за земјоделство и рурален развој (ИПАРД) и за нивната дискусија со Европската комисија.

Целта на Националната стратегија за земјоделство и рурален развој е да допринесе кон постигнување на Стратешката цел наведена во Националниот план за економски развој 2007-2009 која гласи: „Зголемување на меѓународната конкурентност на земјата која е потребна за одржлив економски раст и поголема вработеност“.

Во декември 2007 година Европската Комисија го усвои ИПАРД Планот на Република Македонија за период 2007-2013. Со овој чин Република Македонија ги исполни утврдените рокови за искористување на ИПАРД фондовите кои се директно наменети за земјоделците, преработувачкиот сектор и развојот на руралните средини. Мерките во ИПАРД Програмата се фокусирани кон подобрување на конкурентноста на фармите и преработувачката прехрамбена индустрија во одредени потсектори преку инвестициони вложувања во технолошката и пазарната инфраструктура, со цел зголемување на додадената вредност на земјоделските производи и усогласување со стандардите на ЕУ за квалитет, безбедност на храна, благосостојба на животните и заштита на животна средина.

Согласно новонастанатите состојби во ресорот во април 2010 година (Службен весник бр.49/2010) се донесе Новиот Закон за земјоделство и рурален развој.

МЗШВ е управувачки орган за руралниот развој во Република Македонија кој ги планира, следи и ги оценува активностите и програмите, ги координира активностите на различните институции од секторот и врши супервизија на финансиските функции кои се однесуваат на руралниот развој. Оваа институција е партнер одговорен за целокупната соработка со ЕК во областа која управува со земјоделството и со руралниот развој.

2. Политики за поддршка на земјоделството

Политиката за поддршка на земјоделството, која претставува прв столб на Заедничката земјоделска политика на ЕУ е финансирана од националните фондови преку Програмите за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој.

2.1 Мерки за директни плаќања

Мерките за поддршка на земјоделството во минатото беа распределени на одреден број традиционални производи без дефиниран концепт за ефектите и целите кои треба да се постигнат. Со доминантно социјален карактер, мерките беа без јасно дефинирани критериуми за примена на поддршката и без успешни системи на мониторинг, контрола и проценка на влијанието. Стратегијата за периодот 2007-2013 ги поставува новите принципи на политиките за поддршка и мерките коишто се прилагодени на очекуваните промени во законодавството, институциите и во контролните системи.

Сепак, треба да се имаат предвид следните факти:

- Не е одреден датум за започнување на преговори за пристапување на Република Македонија во ЕУ.
- Република Македонија треба постепено да изврши реформи на нејзините регулаторни, институционални и земјоделски политики за поддршка, усогласувајќи ги со оние на ЕУ односно со ЗЗП до пристапувањето.
- ЗЗП е менлива цел и можно е во меѓувреме да се појават значителни модификации. На пример, зголемено поедноставување, преминување од „coupled“ кон „decoupled“ – директни плаќања по фарма и намалена поддршка.

Неопходно е да се внимава со воведувањето на сегашната ЗЗП следејќи го при тоа прагматичниот пристап. Избраните политики за поддршка на земјоделството со оваа Стратегија воглавно го земаат предвид развојот и општествените барања на македонското земјоделство и ќе бидат постепено прилагодени кога земјата ќе биде подготвена да премине кон моделите на ЗЗП во ЕУ. Ова, исто така, ќе зависи од износот на финансиски средства достапни на МЗШВ за имплементација на овие политики во иднина.

2.2 Целни категории на производи и производители

За постигнување на дефинираните цели на новата владина политика во земјоделството, политиката за поддршка е наменета за следните целни категории на производи или производители:

1. Поддршка на **конкуретни, извозно ориентирани производи** за кои има побарувачка (особено на европските пазари) со конкуретна предност над странското производство (**тутун, производство на грозје и квалитетни вина, јагнешко месо, производство на овошје и зеленчук**).

2. Производство на **алтернативни култури и/или нетрадиционални производи** со извозен потенцијал кои генерираат повисок приход со поограничени ресурси и кои се алтернативно решение за традиционалните производи со опаѓачка конкурентност, со намалување на царинската заштита (органско и интегрирано производство, маслодајни производи за производство на био-гориво, производство на цвеќиња, ситно овошје и јаткасти плодови, аспарагус, брокола, полжави, ноеви, ароматични и лековити растенија).
3. Поддршка на **традиционални производи, традиционални вештини и знаења од социјално значење** за руралните средини и важност за **безбедноста во обезбедување на основна храна** за населението со недоволни перфоманси во продуктивноста, поддржани во даден краткорочен до долгорочен транзиционен период на прилагодување, преку мерки за зголемување на приносите во региони со компаративни предности за производство и одгледување и мерки за воведување на алтернативно производство во регионите со многу ниски приноси и квалитет, споредени со увезените (на пример, пченица).
4. Поддршка на производи кои **значително учествуваат во вредноста на увозот,** а имаат неискористен потенцијал за зголемување на производството и се со соодветна компаративна предност во споредба со производите на други земји (на пример, производство на бројлери, јунешко преку системот крава-теле).
5. Производство на **високо-продуктивен, сертифициран семенски и саден материјал (прилагодени на домашните услови)** и негова дистрибуција до корисниците за надминување на проблемот на користење на трговски производи, како што се житни култури и подобрување на квалитетот на сортите (тутун, раноградинарски зеленчук, овошје и винови лози), како и мерки за **подобрување на структурата на расите во сточарството**.
6. Поддршка на **имплементирање на ЕУ стандарди** кои ја зголемуваат конкурентноста на производите (НАССР[1], ЕУРОГАП, сертификација на органско производство, поддршка на активности за промоција на карактеристични национални брендови на земјоделски производи и нивно промовирање на надворешните пазари).

Приносот кај едногодишните и повеќегодишните култури покажува големи годишни варијации поради променливите климатски влијанија, ниското ниво на застапеност на модерните земјоделски технологии, „*in primis*“ наводнување, како и поради поранешните неконзистентни политики за поддршка на земјоделството. Вертикалната поврзаност е слаба или воопшто не постојат стабилни договорни и кооперативни врски помеѓу земјоделците и преработувачката индустрија и групите на производители во потсекторите за овошје и зеленчук. Постои потреба од модернизирање на преработувачката индустрија. Исто така, постои потреба од зголемена поддршка со помош од истражувачки, советодавни и служби за обука. Прв чекор кон намалувањето на трошоците во земјоделското производство беше намалувањето на стапката на ДДВ на 5% за репроматеријалите, во прв ред семенски и саден материјал, агро-хемиските производи и минерални ѓубрива.

Постоечките субвенции за интегрирано управување со културите и добра земјоделска практика, како и за органско производство треба да продолжат, за да ја поддржат па дури и зголемат побарувачката за извоз, како и да обезбедат соодветна контрола и инспекција. Пазарните стандарди за квалитет треба да се дефинират и да се усвојат за поголемиот број на земјоделски култури, како и стандардите за безбедност во прехрамбената индустрија (НАССР) кои сé повеќе добиваат на важност. Производството на сертифицирани семиња и посадочни материјали (садници за овошје и лозови садници) треба да се прошири и контролира.

Предложените мерки се инструменти за реализација на конкретните цели во потсекторите, а се наменети за поддршка само на производители кои:

- Се регистрирани во МЗШВ и кај релевантните здруженија и национални совети (одговорноста и дел од контролните механизми ќе им бидат доделени на здруженијата и советите).
- Водат редовна сметоководствена евиденција.
- Можат да ги докажат договорите со трговците, преработувачите и дистрибутерите.
- Можат да докажат користење на сертифицирани семиња.

[1] НАССР е кратенка од Hazard Analysis and Critical Control Point и претставува систем за откривање на посебните опасности и мерките за контрола на тие опасности сé со цел за да се осигура безбедноста на храната и претставува средство за проценка на опасностите и воведување на контролни системи кои се насочени кон спречување на опасностите наместо тестирање/проверка на крајниот производ.

Откако законодавството ќе се усвои, финансиската поддршка треба да биде по можност канализирана преку барателите кои се организирани како групи на земјоделци (групи на производители, организации и кооперативи) и кои допринесуваат кон зајакнување на пазарниот синџир.

Постепеното стапување во сила на горенаведените општи критериуми за подобност (кои можат да се менуваат според потребите), зависи од воспоставувањето на релевантните регистри, контролните механизми и прирачници за имплементација на мерките.

3. Политика за поддршка на руралниот развој

Со измените на одредбите за рурален развој во рамките на Законот за земјоделство и рурален развој се заокружи основата за транспонирање на принципите за спроведување на мерките за рурален развој усогласени со принципите за програмирање, следење и имплементација на политиката за рурален развој на ЕУ и насоките од стратешката рамка за политика на рурален развој на земјите членки. Во законот детално се уредуваат начелата, целите, корисниците и критериумите за спроведување на сетот на кохерентни приоритетни оски и соодветни мерки кон реализација на целите на националната земјоделска политика на Република Македонија согласно ЕУ.

3.1.1. Националната политика за рурален развој

Политика на рурален развој од 2010 година се спроведува преку националната шема на поддршка во согласност со Уредбата на Владата за спроведување на политиката за рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/2008, 53/2009, 122/2009), усвоена согласно Законот за земјоделството и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ број 134/2007) која се финансира преку Програмата за финансиска поддршка за рурален развој за 2010 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.8/2010), усвоена согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ.

Во текот на 2010 година се изготвија низа подзаконски акти од областа на агро-екологијата, вршење на дополнителните дејности на земјоделските стопанства, обука и едукација на земјоделските производители. Направени се напори за воспоставување и одржување на работата на Руралната мрежа на Република Македонија како форма на партнерство во процесот на креирање и спроведување на политиката за рурален развој.

Национална програма за финансиска поддршка на рурален развој

Во 2010 година, мерките за финансиска поддршка на руралниот развој финансирани од Буџетот на РМ се реализираа во износ од околу 80% од планираните средства. Најголем процент на искористеност е забележан кај мерката Инвестиции во земјоделски стопанства за набавка на механизација за житни и индустриски култури како и за овоштарство и градинарство. Интересот е особено насочен кон набавка на нови трактори за обновување на земјоделската механизација која е особено застарена од недостиг на инвестиции во последните 20 години.

Прелиминарната анализа на претходно добиените податоци укажува дека познатите мерки кои се спроведуваат во континуитет од 2006 година, се добро познати и се идентификувани од страна на корисниците и затоа резултираат со висока апсорпција. Во 2010 година навременото објавување на мерките од Програмата за рурален развој (на почетокот на годината, јануари 2010), беа позитивен фактор за успешна имплементација на мерките.

Од аспект на транспарентноста и публицитетот, подготвени се Упатства за корисници во поедноставена форма и се одржаа бројни работилници низ целата земја. Сите воочени проблеми при имплементација во голема мера ќе придонесат за подобрување на ефикасноста и спремноста при спроведувањето на Програмата од страна на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (во натамошниот текст АФПЗРР) во 2011 година. МЗШВ дополнително ги интензивира своите активности за подобар публицитет.

Други политики поврзани со руралниот развој (рурални кредити, советодавни услуги)

Во насока на поддршка на земјоделските производители со цел полесен пристап до финансиски средства под поволни услови, се формираше Земјоделскиот кредитен и дисконтен фонд (ЗКДФ) претставен во форма на кредит и земјоделски Фонд за попуст. Земјоделскиот кредитен и дисконтен фонд (ЗКДФ) е одговорен за исплата на барањата за кредити и се базира на договор / Меморандум за разбирање помеѓу Владата на РМ и финансиските институции. Финансирањето е 20% од финансиските

институции и 80% од средствата на ЗКДФ а кои се формирани од ИФАД 1 и ИФАД 2, PSDL, ЕИБ заем аранжмани.

Преку ЗКДФ се финансираат следните кредитни категории:

- кредит за купување на капитални инвестиции и оперативни трошоци за производство на примарни земјоделци до 100.000 евра по корисник, со каматна стапка од 4% на годишно ниво, ако кредитот е исплатен преку комерцијалните банки или 6% ако е исплатен преку штедилниците.
- кредит за купување на капитални инвестиции и оперативни трошоци за малите и средни претпријатија со примарна дејност во агро-преработката на храна, до 200.000 евра по корисник, со каматна стапка од 5% на годишно ниво, ако кредитот е исплатен преку комерцијалните банки или 6,5% ако е исплатен преку штедилниците.
- кредит за купување на капитални инвестиции и оперативни трошоци за малите и средните претпријатија, со цел извоз на агро-прехрамбени производи, до 200.000 евра по корисник, со каматна стапка од 5% на годишно ниво, ако кредитот е исплатен преку комерцијалните банки или 6,5% ако е исплатен преку штедилниците.

Условите на отплата и периодот на отплата се во надлежност на финансиските институции во согласност со нивната кредитна политика. Редовниот период на отплата е 7 години за капитални инвестиции, од кои 3 години грејс период и се за оперативните трошоци, со рок на отплата 3 години и со 1 година грејс период.

Согласно одлуката на Владата на Република Македонија, почнувајќи од 01.07.2010 ЗКДФ кредитната линија се администрира во рамки на Македонската банка за поддршка на развојот (МБПР), што е регулирано со Договор за администрирање склучен помеѓу Министерството за финансии и МБПР. Во насока на зголемување на достапноста на кредитните средства до целната група и подобрување на кредитните услови преку зголемена конкуренција, МБПР презема активности за зголемување на бројот на финансиските институции кои ги сервисираат овие кредити а чиј број ќе се зголеми на 11, од кои 9 се деловни банки и 2 се штедилници.

Број на одобрени кредити и одобрено рефинансирање

Година	**2003**	**2004**	**2005**	**2006**	**2007**	**2008**	**2009**	**2010**	**2011**	**вкупно**
Број на одобрени кредити	18	400	761	1.131	435	1.183	513	387	18	**4.846**
Износ на одобрено рефинансирање (во милиони ЕУР)	0,3	2,1	2,6	4,5	2,0	12,2	10,5	3,8	0,2	**38,2**

Извор: МЗШВ

Просечниот одобрен износ на кредит изнесува 10.302 евра.

Споредено со претходниот период, реализацијата на ЗКДФ кредитната линија во текот на 2010 година е со намалена динамика, пред сè како резултат на економската криза што влијаеше на спроведување на порестриктивна кредитна политика од страна на финансиските институции учеснички и одложување на планираните инвестиции од страна на потенцијалните кредитокорисници.

Преглед на структурата на одобрени кредити по категории на кредит, 2010 година

	Категорија на кредит	Број на одобрени кредити	Процент од вкупниот број на одобрени кредити	Вкупен износ на одобрени кредити (ЕУР)	Процент од вкупниот износ на одобрени кредити	Вкупен износ на одобрено рефинансирање (ЕУР)
1	Кредити за примарно производство	4.554	94	28.806.970,06	58	21.765.790,40
2	Кредити за преработка на земјоделски производи	253	5	18.809.159,65	38	14.691.678,37
3	Кредити за извоз на земјоделски производи	39	1	2.309,652,42	4	1.766.256,51
	Вкупно	4.846	100	49.925.782,13	100	38.223.725,28

Извор: МЗШВ

Од вкупно одобрените кредити: 94% се кредити за примарно производство до 100.000 евра, 5% се кредити за мали и средни претпријатија кои вршат преработка на земјоделски производи до 300.000 евра, а 1% се кредити наменети за поддршка на извозот на земјоделски производи до 200.000 евра. Структурата по вредност покажува дека учеството на кредитите наменети за примарно земјоделско производство е најголемо со 28,8 милиони евра или 58% од вкупно пласираните средства. Потоа следуваат кредитите за преработка на земјоделски производи со 18,8 милиони евра (38%) и кредити за извоз на земјоделски производи во износ од 2,3 милиони евра (4%).

Проекција на расположливи средства за кредитирање преку Земјоделскиот кредитен дисконтен фонд

Проекциите за повлекување на средства од ЗКДФ до крајот на годината доставени од страна на вклучените финансиски институции кумулативно изнесуваат 6,5 милиони евра, и тоа: 4,1 милиони евра за примарно земјоделско производство, 2,0 милиони евра за преработка на земјоделски производи и 0,4 милиони евра за извоз на земјоделски производи.

Структурата на средствата кои се администрираат во рамки на ЗКДФ (состојба од 31.01.2011)

Извор на средства	Ликвидни средства	Побарувања
ИФАД 1	325.901,51	464.794,32
ИФАД 2	1.698.488,43	4.498.549,14
ПСДЛ 1	135.101,47	3.505.155,81
ПСДЛ 2	1.675.383,79	8.596.578,19
ЕИБ	2.721.211,92	9.760.355,28
Вкупно	**6.556.087,12**	**26.825.432,74**

Извор: МЗШВ

3.1.2 ИПАРД програма - програма за земјоделство и рурален развој

Спроведувањето на ИПАРД Програмата 2007-2013 започна веднаш по донесувањето на одлуката за пренос на правото на управување со средствата наменети за Компонента V на ИПА за рурален развој (ИПАРД), доделена од страна на Европската Комисија на 18 декември 2010 година (Одлука на Комисијата Бр. (Ц) 2009/987/ЕУ). Преносот на правото т.н. акредитација се однесува на трите мерки од ИПАРД Програмата:

- Мерка 101 – Инвестиции во земјоделски стопанства за преструктуирање и надградба до стандардите на ЕУ.
- Мерка 103 – Инвестиции во преработка и маркетинг на земјоделските и рибните производи за нивно преструктуирање и надградба до стандардите на ЕУ.
- Мерка 302 – Диверзификација и развој на рурални економски активности ЕУ.

Од денот на донесување на одлуката за пренесување на правото за управување со средствата од петтата компонента на ИПА, објавени се два јавни огласи за поднесување на барања за користење на средства од ИПАРД Програмата 2007-2013 година.

Јавни повици за ИПАРД програмата во 2010

Првиот јавен повик за поднесување на барања за користење на средства од ИПАРД програмата беше објавен на 23. 12. 2009 година, со 60 дневен рок на доставување на барањата.

На првиот јавен повик за користење на средства од ИПАРД Програмата, во АФПЗРР беа поднесени 133 барања, со вкупна вредност на инвестициите во висина од 18.551.040 ЕУР и вкупна сума за ко-финансирање од 9.253.360 ЕУР. АФПЗРР одобри 28 барања, од кои за 27 барања беа потпишани договори за кофинансирање, со вкупна вредност на инвестициите во висина од 3.867.481 ЕУР и вкупна сума за кофинансирање од 1.971.635 ЕУР (од што 1.478.726 ЕУР ЕУ средства). Вкупно одобрената сума за кофинансирање, 1.971.635 ЕУР, повлекува 70% од финансиските алокации за 2007 година.

Финансиско спроведување по мерки во ЕУР

Мерка	Алоцирани ИПАРД средства		Одобрени/договорени		% на спроведување
	а.Вкупна вредност	б. ЕУ (75%)	в.Вкупна вредност	г. ЕУ (75%)	в/а
М101	10.893.333	8.170.000	764.458	573.343	7,0%
М103	8.866.667	6.650.000	1.180.595	885.447	13,3%
М302	4.560.000	3.420.000	26.582	19.936	0,6%
Вкупно	**24.320.000**	**18.240.000**	**1.971.635**	**1.478.726**	**8,1%**

Извор : МЗШВ

За *мерката 101 - Инвестиции во земјоделските стопанства* во првиот оглас пристигнаа 58 барања, со вкупна вредност на инвестициите од 4,782,401 ЕУР, од коишто **15 барања** беа одобрени, со стапка на одобрување од 26%. Стапката на одбивање за М101 изнесува 74%. Највисока стапка на одбивање има во приоритетниот сектор градинарство (100%), а најниска во приоритетниот сектор одгледување на добиток за тов (63%). Највисока сума на прифатливи инвестиции има во приоритетниот сектор 1014 Одгледување на молзен добиток.

За *мерката 103- Инвестиции во преработка и маркетинг на земјоделските и рибните производи за нивно преструктуирање и надградба до стандардите на ЕУ* пристигнаа 41 барање, со вкупна вредност на инвестициите од 9.697.937 ЕУР, од коишто 11 барања беа одобрени, со стапка на одобрување од 27%. Стапката на одбивање за М103 изнесува 73%. Највисока стапка на одбивање има во приоритетниот сектор Преработка на месо (100%), а најниска во приоритетниот сектор Производство на вино (60%).

Вкупната вредност на инвестициите на одобрените барања изнесува 2.361.191 ЕУР со вкупна сума за ко-финансирање од 1.180.595 ЕУР, од што 885.447 ЕУР (75%) се средства на ЕУ. Највисок износ на одобрени инвестиции (повеќе од 80%) се во приоритетниот сектор 1032 Преработка на овошје и зеленчук (вклучително и откупни центри за овошје и зеленчук).

За *мерката 302 - Диверзификација и развој на рурални економски активности* пристигнаа 34 барања, со вкупна вредност на инвестициите од 4.070.702 ЕУР и вкупна сума за кофинансирање од 1.922.640 ЕУР. Во процесот на одобрување на проекти беше одобрено 1 барање за оваа мерка, со стапка на одобрување од 3% истапка на одбивање 97%.

Вториот јавен повик за поднесување на барања за користење на средства од ИПАРД програмата беше објавен на 30.12.2010 година, со 60 дневен рок на доставување на барањата, заклучно со 29.11.2010 година. До АФПЗРР беа доставени 112 барања кои се во фаза на административна обработка.

Вториот јавен повик опфати финансиски алокации за финансискиот период 2007- 2010 во износ намален за износот за кој се склучија договори од првиот јавен повик .

Подготовка за третата измена на ИПАРД Програмата 2007-2013

Третата рунда на промени е во подготовка на нацрт предлогот. Работниот документ се состои од амандманите кои се однесуваат на резултатите и наодите за време на првиот и вториот јавен повик (објавен во декември 2009 и во септември 2010 година), ажурирање на легислативата за да се вклучи дефиницијата на планинските региони, со цел да се искористи можноста за зголемување на интензитетот на помош за корисниците да инвестираат во овие области и квантификација на индикатори за мерење на резултатите и ефикасност на програмата.

Подготвителни активности за агро-еколошки мерки

Во ноември 2010 година започна проектот од ИПА Компонента I за:

- поддршка при подготовките на агро-еколошките мерки - со кој се планира техничка помош за финализација на агро-еколошките мерки и нивно воведување во ИПАРД Програмата,
- поддршка на ИПАРД Агенцијата за изготвување на процедури за спроведување на агро-еколошки системи, и
- поддршка во институционално организирање и изготвување на законска регулатива за спроведување на мерките.

Проектот предвидува и поддршка за информирање на потенцијалните корисници за мерките, тренинг и едукација на советодавната и инспекциската служба. Согласно планот на активности за

воведување на оваа мерка се планира во јуни 2011 да бидат изготвени предлог мерките кои до септември 2011 ќе бидат предмет на јавни консултации до заокружувањето на финален предлог во форма на измена на ИПАРД програмата.

Подготвителни активности за ЛЕАДЕР

Подготвителни активности за воведување на ЛЕАДЕР мерки беа поддржани со КАРДС 2006 Поддршка на ИПАРД, кој започна во ноември 2009 година и се планира да трае до ноември 2011 година. Во ноември 2010 година беше изготвена стратегија за ЛЕАДЕР која беше презентирана пред учесниците во процесот и е предмет на консултации.

Согласно планот на активности за воведување на оваа мерка се планира до јуни 2011 да бидат изготвени подзаконските акти за спроведување на мерките кои до септември 2011 ќе бидат предмет на јавни консултации до заокружување на финален предлог во форма на измена на ИПАРД програмата за воведување на мерката ЛЕАДЕР.

Координација на работата на ИПАРД Мониторинг Комитетот

Во 2010 година се одржаа два редовни состаноци на Комитетот за следење на ИПАРД – пролетен (шести) состанок одржан во мај 2010 и есенски (седми) состанок одржан во декември 2010. Во текот на овие состаноци беа направени следниве одлуки: усвојување на предлогот за трета модификација на ИПАРД Програмата 2007-2013, усвојување на извештаи за комуникација и публицитет и акционен план за комуникација за 2011 година, извештаи за напредокот во процесот на реализација на ИПАРД Програмата и извештаи од тековната проценка на спроведувањето на ИПАРД Програмата.

Активности за публицитет на ИПАРД програмата

Во 2010 година година се одржаа 20 специјализирани инфо-настани за ИПАРД и 12 гостувања и презентации на настани поврзани со теми во земјоделството, одржани се 7 панел дискусии за проблемите околу спроведувањето на ИПАРД Програмата со претставници на земјоделски здруженија како и 2 телевизиски панел дискусии. Во текот на 2010 година, во националните електронски и печатени медиуми, регистрирани се повеќе од 200 објави на тема ИПАРД. Во поголем дел од пренесените информации преку електронските медиуми директно учество земаа претставниците од Телото за управување со ИПАРД и АФПЗРР како одговорни институции за спроведување на ИПАРД Програмата, додека во дневниот печат редовно беа цитирани и пренесувани нивни изјави. На националната телевизија беа прикажани повеќе специјализирани емисии на тема ИПАРД на кои државните службеници ги презентираа мерките, типовите на инвестиции, критериумите како и постапката за селекција на проектите.

3.2. Директна финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој во 2010 година

Политиката на развој на земјоделството и руралните подрачја соодветно е поддржана со буџетската поддршка која треба да ги овозможи планираните активности и резултати до 2013 година.

Се реализира преку: директни плаќања (субвенции) по хектар во производството на растителни култури и по грло во сточарството.

Политиката за рурален развој е вториот финансиски инструмент за економски и социјален развој на руралните подрачја, со цел да го спречи процесот на депопулација, и од друга страна да ги истакне природните и наследните вредности како дел од културното наследство на Република Македонија.

Програмата за финансиска поддршка на Руралниот развој беше усвоена во 2010 година. Најголемиот дел од средствата од 51%, се наменети за инвестиции за подобрување на конкурентноста и модернизација на земјоделските стопанства.

Тренд на раст на буџетска поддршка на МЗШВ (во илјада МКД)

	2005	2006	2007	2008	2009	2010
МКД Буџет	66.538.469	88.576.000	79.552.497	89.397.520	153.215.000	161.838.801
МЗШВ	1.459.518	1.453.972	2.002.140	4.257.000	7.550.236	7.747.658
Учество	**2,2%**	**1,6%**	**2,5%**	**4,8%**	**4,9%**	**4,8%**

Извор : МЗШВ

Преглед на одобрена финансиска поддршка во земјоделството во 2010 година по секторски програми

Ред. Бр	Секторска програма	Износ (МКД)
1.	Земјоделство (Растително и сточарство)	5.326.700.000
2.	Проширена репродукција на шумите	150.000.000
3.	Здравствена заштита на животните	205.000.000
4.	Ветеринарно јавно здравство	35.000.000
5.	Здравје на растенијата	12.000.000
6.	Семе и саден материјал	600.000
7.	Развој и унапредување на ловство и заштита на дивеч	10.000.000
8.	Рурален развој	329.000.000
9.	Рибарство и аквакултура	64.300.000
	Вкупно :	**6.132.600.000**

Извор : МЗШВ

Преглед на средства по програмите за финансиска поддршка во земјоделството во 2010 година

Ред. Бр	Име на мерката	Вкупен износ (МКД)
1.	Растително производство	2.937.000.000
2.	Сточарство	1.733.100.000
3.	Спроведување на стандарди за квалитет и безбедност на храна	20.000.000
4.	Органско земјоделско производство	70.800.000
5.	Општи мерки	61.000.000
6.	Нереализирани обврски од 2009 година	504.800.000
	Вкупно :	**5.326.700.000**

Извор : МЗШВ

Програма за финансиска поддршка на Руралниот развој

Ред. Бр.	Мерка / група на инвестиции	во денари
1.	Инвестиции за подобрување на конкурентност и модернизација на земјоделските стопанства, вклучувајќи и аква-култура	168.000.000
2.	Инвестиции во преработка, складирање, сортирање, пакување и маркетинг на земјоделски производи	63.000.000
3.	Инвестиции во руралната инфраструктура	67.000.000
4.	Финансиска поддршка на промотивни активности за развој на рурален туризам	7.000.000
5.	Инвестиции за подобрување на знаењето и развој на човечкиот потенцијал на земјоделски производители преку одржување на советодавни услуги и едукација за управување со земјоделскиот сектор	9.000.000
6.	Поддршка за организирање и заедничко вршење на производна дејност на земјоделски стопанства	8.000.000
7.	Инвестиции за производството и користење на обновливи енергии во рурални подрачја	4.000.000
8.	Трошоци за имплементацијата на програмата	3.000.000
	Вкупно	**329.000.000**

Извор : МЗШВ

4. Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (во натамошниот текст АФПЗРР) е оперативен орган, основан како самостоен орган согласно Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија“ број 72/07 и 5/09) и е под директна одговорност на Владата на РМ.

По акредитацијата која беше доделена во месец декември 2009 година, АФПЗРР објави два јавни повика, објавени на 23 декември 2009 година и 30 септември 2010 година, а третиот е планиран во февруари 2011 година.

По однос на ИПАРД Програмата, на јавните повици беа објавени мерките:

- Мерка 101 „Инвестиции во земјоделски стопанства за нивно преструктуирање и надградување за достигнување на стандардите од ЕУ“ – приоритетна оска 1;
- Мерка 103 „Инвестиции во обработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи за нивно преструктуирање и надградување за достигнување на стандардите од ЕУ“ – приоритетна оска 1;
- Мерка 302 „Диверзификација и развој на руралните економски активности“ – приоритетна оска 3.

Јавноста покажа голем интерес за првиот јавен повик за доставување на барања. На првиот јавен повик беа поднесени 133 барања, од кои беа склучени договори за само 27 барања, додека по однос на вториот јавен повик беа примени 112 барања.

Преглед на поднесени барања и склучени договори по мерки во првиот јавен повик

Мерка	Бр. на примени барања	Бр.на склучени договори	Износ во евра
Мерка 101	58	15	1.180.595,33
Мерка 103	41	11	98.382,94
Мерка 302	34	1	26.581,86

Извор: АФПРЗЗ

Финансиска имплементација на ИПАРД Програмата

Буџетот за првиот јавен повик се состоеше од финансиски алокации од 2007, 2008 и 2009 година и истиот изнесуваше 24.320.000 евра, во чии рамки беа склучени договори за 27 барања во износ 1.971.635 евра за сите три мерки од Програмата.

Вториот јавен повик за доставување барања се состоеше од финансиски алокации од 2007, 2008, 2009 и 2010 година и истиот изнесува 40.028.365 евра.

Вкупниот буџет за имплементирање на третиот јавен повик изнесува 20.720.000,00 евра или 1.274.393.960,00 денари.

Престојна акредитација на останатите мерки од ИПАРД програмата

Во контекст на процесот на спроведување на мерките од ИПАРД програмата, Агенцијата во 2010 година изврши подготовки за спроведување на мерката 501 - Техничка помош од ИПАРД програмата, при што беа организирани неколку обуки на тема јавни набавки согласно PRAG процедурата. Вака подготвената процедура за работа беше доставена до Националниот координатор за акредитација и до Генералниот директорат за земјоделство на Европската комисија во Брисел на 20.09.2010.

Реализирање на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството 2010

Вкупниот предвиден буџет за Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2010 година беше 86.336.585,00 евра и истите беа обезбедени од Буџетот на РМ. Во текот на 2010 одобрени се барања во вкупен износ од 75.466.429,26 евра

Реализирање на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој 2010

Средствата предвидени за реализација на финансиска поддршка на руралниот развој за 2010 година беа во износ од 9.414.634,14 евра и беа обезбедени од буџетот на РМ.

II. ПРИЛАГОДУВАЊЕ КОН ЕУ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

1. ЕУ интеграција

Република Македонија продолжи со напорите во поглед на усогласувањето на националното законодавство со законодавството на ЕУ во областите кои ги уредува Заедничката земјоделска политика (ЗЗП) на ЕУ, вклучително и институционалната надградба за реализација на истото.

Во процесот на пристапување кон ЕУ, за Република Македонија како краткорочни приоритети се наметнаа: процесот на регистрација на земјоделското земјиште во катастарот за недвижен имот, прибирање и обработка на потврдени земјоделски податоци и основање на ефикасни и финансиски стабилни платежни тела за управување и контрола на фондовите наменети за земјоделството во согласност со барањата на ЕУ и меѓународните ревизорски стандарди.

На среден рок приоритетите беа утврдени во зајакнување на капацитетот на администрацијата од областа на земјоделството и подготовките за спроведување и практична примена на механизмите на заедничката земјоделска политика, во прв ред интегрираниот административен и контролен систем (ИСАК) и системот за идентификација на земјишните парцели (ЛПИС).

Согласно обврските кои произлегуваат од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА 2010 и НПАА 2011) и се однесуваат на земјоделството и руралниот развој, донесени беа или се во фаза на поготовка следните закони:

- Нов **Закон за земјоделство и рурален развој** („Службен весник на Република Македонија бр. 49/10) со кој се воспостави правна основа за поблиско уредување на областа на поддршката во земјоделството и начинот на нејзината реализација, усогласена со правната рамка која постои во областа на ниво на ЕУ во однос на директните плаќања, мерките за интервенција на пазарите, руралниот развој, државната помош, како и помошта за организирање на земјоделските производители. Со истиот се уредија и поголем број прашања поврзани со воспоставување на регистри и евиденции во земјоделството, пред се воспоставувањето на Интегрираниот Систем за Администрација и Контрола (ИСАК / IACS), со сите негови елементи. Во однос на финансирањето на мерките за финансиска подршка на земјоделството и руралниот развој, во рамките на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој развиени се и процедури за работа во однос на директните исплати во земјоделството, исплатата на интервенциски мерки, мерките за промоција, како и во однос на исплати на мерките во земјоделството кои се воведени во согласност со правилата на ЕУ во врска со Европскиот Земјоделски Гарантен Фонд. Со донесувањето на подзаконските акти од Закон за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10) ќе се постигне потполна усогласеност со изворите на правото во ЕУ (до крајот на 2011).

  Од Законот за земјоделство и рурален развој произлегоа две програми кои се реализирани во текот на 2010 година, и тоа: **Програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2010 година** („Службен весник на Република Македонија“ бр 07/10) и **Програма за финансиска поддршка во руралниот развој за 2010 година** („Службен весник на Република Македонија“ бр 08/10).
- Во врска со Заедничкото Уредување на Пазарите (ЗУП) со земјоделски производи од растително и животинско потекло, МЗШВ изготви **Закон за квалитет на земјоделските производи** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/10) за најзначајните производи, избрани врз основа на нивното значење и учество во рамките на севкупното земјоделско производство во Република Македонија, уредувајќи ги во пошироката рамка на ЗУП.

  Во тој контекст, следниве растенија и производи од растително потекло (житарки и ориз; сушена храна за добиток и свежо овошје и зеленчук), како и производи од животинско потекло (говедско месо; јајца и месо од живина; свинско месо; овчо и козјо месо; млеко и млечни производи и мед и други производи од пчели) се регулирани во рамките на Законот за квалитет на земјоделски производи, особено во однос на воспоставувањето и контролата на пазарни стандарди, информирање на потрошувачите и целокупниот маркетинг на производите и пазарниот информативен систем.
- **Закон за вино.** Усогласувањето на националната законска рамка во областа на виното со оглед на скорешната реформа на ЗОП на вино на ЕУ, е реализирана со донесување на („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/10). Покрај Законот за виното во примена се и 13 правилници донесени врз основа на законот кои дополнително ги уредуваат областите на енолошките средства

и постапки кои се применуваат во производството на вино, методите за анализа, класификацијата на сорти на грозје за производство на вино, условите за производство на вино, формата, содржината, димензиите и другите податоци на етикетата, содржината и формата на придружниот документ и влезните и излезни регистри за производи од грозје и вино, како и географските области насадени со винова лоза за заштита на географското потекло на виното во Република Македонија, листата на заштитени имиња на вина обележани со географска ознака и правилата во врска со обележувањето на нивните производни области.

- **Новиот Закон за органско земјоделско производство** усогласен со Регулативата на Советот бр. 834/2007 и Регулативата на Комисијата бр. 889/2008 стапи на сила и се применува од 01.01.2010 година. Со Закон за органско земјоделско производство беа донесени поголем број на подзаконски акти во текот на 2010 година, кои ја регулираат областа на производство, преработка, означување на органските производи, овластување и сертификација, системите за контрола. Во голем дел од подзаконските акти се превземени од Листите објавени во Регулативата на Комисијата бр. 889/2008 и тоа: Листа на ѓубрива и средства за подобрување на својствата на почвата, Листа на средства за заштита на растенијата, Листа состојки кои не биле произведени според принципите на органското производство, Листа на средства за чистење и дезинфекција, Листата на крмни суровини, Листата на додатоци во добиточната храна и други материи кои се користат во исхраната на животните, Листата на производи и супстанции кои се користат во процесот на производство на органски преработена храна. Покрај ова, во овој временски период се усвои и реализира Програмата за поттикнување и развој на органското земјоделство за 2010 година.
- Усогласеност со политиката на ЕУ во областа на **Политиката за квалитет** е реализирана со донесувањето на Закон за квалитетот на земјоделските производи. Во текот на 2010 година, во рамките на Потпрограмата за потикнување на развојот на земјоделството повторно се реализира мерка посветена на стандардите за квалитет и безбедност на храна, а надоградена е листата на приоритетни производи за заштита на потекло.
- Во областа на **рибарството** донесен е **Законот за изменување и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура** („Службен весник на Република Македонија“ бр 67/10). Со овој закон се регулираат области кои се непосредно поврзани со рибарството – земјоделска инспекција, концесии, заштита на природата, како и ветеринарните и прашањата од областа на здравствената заштита на животните, како и државната помош во рибарството и аквакултурата во согласност со Регулативите на ЕУ бр. 32008R0736 и 32006R1198 и се допрецизираат казнените одредби во насока на намалување на казните. Покрај ова, донесени се и придружни прописи со кои се допрецизираат и одредбите за организирањето на рекреативен риболов и вршењето аквакултура. Донесена е **Програмата со мерки за унапредување на рибарството и аквакултурата во 2010 година** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 07/10).
- МЗШВ активно учествува и во реализација, односно искористување на средствата од **претпристапната помош на ЕУ** од првата компонента на ИПА.

  Првите проекти во рамките на ИПА 2008 се следните:

1. **Заеднички пазарни организации – СМО** Техничка помош од ИПА средствата во вредност од 0.64 милиони EUR, проект кој започна во втората половина на 2010 год.,
2. **Систем за идентификација на земјишни парцели - LPIS** Техничка помош од ИПА средства со вредност 0.54 милиони EUR, проект кој исто така, започна во втората половина на 2010 год.
3. **Развој и имплементација на агро-еколошки мерки**, проект финансиран од ИПА ТАИБ 2008, износ на проектот е 0,70 милиони EUR, и започна кон крајот на 2010 година, а во времетраење од една година.

Во текот на месец април 2010 година, се одржа Шестиот состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство помеѓу РМ и ЕУ.

2. Меѓународна соработка

Сектор за меѓународна соработка

Основна задача на Секторот меѓународната соработка е да ја организира, насочува и координира работата во областа на меѓународната и трговската соработка односно:

- координација на странската помош обезбедена преку меѓународни (мултилатерални и билатерални) донатори во функција на развој на секторите во надлежност на МЗШВ, и

- следење на трговската политика и трговската размена на земјоделско- прехрамбените производи и реализирање на обврските согласно договорите кои ги регулираат трговските односи на РМ во земјоделско- прехрамбениот сектор.

Активностите на меѓународната донаторска заедница (мултилатералните и билатералните донатори/институции) се во насока на ефикасно спроведување на националните приоритети и активности во процесот на структурните реформи и развој на земјоделскиот и рурален сектор, како и политиката за безбедноста на храна, шумарството и водостопанството. Интегрален дел на секторот е следење и спроведување на обврските од трговска политика во земјоделско- прехрамбениот сектор што има клучна улога во севкупната економија на земјата.

Активности на секторот за меѓународна соработка во 2010 година:

- Документот „Приоритетни области за донаторска помош“, според кој се идентификувани пет приоритетни области е усвоен од страна на Владата на Република Македонија во мај 2010 година:
    - Програма за рурален развој,
    - Програма за развивање на конкурентен земјоделски сектор,
    - Програма за водостопанство,
    - Програма за шумарство,
    - Програма за безбедност на храна.
- Развивање на Програмски пристап за спроведување и координација на странска помош. Владата преку Секретаријатот за европски прашања со поддршка на целата донаторска заедница присутна во Република Македонија промовираше нов концепт „Програмски пристап за спроведување и координација на странска помош“. Целта на Програмскиот пристап се состои во надминување на ограничувањата на проектниот пристап воспоставувајќи поголема усогласеност на програмите и целите кои треба да се постигнат преку странската помош, како и покохерентна координација на реализацијата на странската помош. Во рамки на Владата Секретаријатот за Европски прашања е координатор на оваа инцијатива, додека Секторот за меѓународна соработка на МЗШВ е носител на активностите во третата (од вкупно петте тематски работни групи) работна група што се однесува на земјоделството и другите сектори во надлежност на МЗШВ.
- Следење на обврските за трговската размена од Спогодбата за стабилизација и асоцијација;
- Континуирано следење на активностите поврзани со учество во Организацијата на Обединетите Нации за храна и земјоделство – ФАО;
- Координација на спроведување на проекти поддржани од Програмата за техничка соработка на ФАО;
- Координација на проекти поддржани од мултилатерални донатори:Светска банка, УСАИД АгБиз, ФАО („Поддршка за управување со земјоделско земјиште во државна сопственост“,„Превентива од спречување на шумски пожари“ и други), како и активности поврзани со билатерална соработка, како Словенија, Израел, Словачка, Холандија, Норвешка, Египет итн., како и постојани преговори со билатерални и мултилатерални донатори за одобрување нови проекти согласно утврдените приоритети на МЗШВ;
- Ажурирана база на податоци на проекти и активности кои се во тек или се планираат да се спроведат, а се поддржани од меѓународни донатори.

Во областа на **билатералната соработка** во земјоделскиот и другите сродни сектори се следните активности:

- Во фаза на преговори е Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на министри на Украина за соработка во областа на заштитата на растенија.
- Во фаза на преговори е Меморандумот за разбирање меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на земјоделството.
- Во фаза на подготовка е Нацрт Договор меѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија и Министерството за земјоделство на Република Индија за соработка во областа на земјоделството и сродните сектори.

- Потпишан е Протокол меѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија и Министерството за земјоделство, шумарство и рурален развој на Република Косово за соработка во областа на земјоделството и сродните сектори.
- Измените на Договорот ЦЕФТА 2006 (согласно член 10 став 3 од Договорот), се парафирани и потпишани од сите земји членки, во постапка е процесот на ратификација.
- Реализирана е Регионалната програма за намалување на последиците од климатските промени во земјоделскиот сектор во Европа и Централна Азија (активност поддржана од Светска банка). Се спорведуваат обврските кои произлегуваат од оваа програма во однос на подготвување на План за прилагодување, како и програмирање на активностите кои ќе бидат поддржани од Светска банка „Програма за аналитичка и советодавна поддршка за климатски промени и зелен развој на Република Македонија“.

Меѓународната соработка преку Програми и проекти од областа на земјоделството и екологијата кои се реализираат во рамка на билатерална помош на Владата на РМ, ги издвојуваме следните земји и програми:

- **Кралство Холандија**

Програма „ОРИО“ која е насочена кон инфраструктурни проекти од областа на земјоделството, заштитата на животната средина и социјалните услуги, по сектори како следните:

- Сектор води:
  - Вода за пиење (собирање и прочистување, дистрибуција);
  - Отпадна вода (одвод и канализација, прочистување);
  - Системи за наводнување и дренажа.
- Сектор животна средина:
  - Управување со цврст отпад (собирање, преработка/рециклирање);
  - Клима (намалување на ефектот на стаклена градина, приспособување кон климатските промени);
  - Заштита на водите и почвата;
  - Заштита на био – диверзитетот.
- Сектор социјални услуги:
  - Здравствена заштита (изградба на болници, медицинска опрема);
  - Образование (изградба на училишта, простории за настава).

Реализацијата на ОРИО проектите се финансира преку Министерството за развојна соработка на Холандија, а Агенцијата за меѓународна соработка (ЕВД) е задолжена за имплементација на истите.

Програма G2G, (Влада-до-Влада – координатор СЕП)

Корисници се Владата на Р.Македонија и Владата на Холандија и тоа во следниве области:

- Животна средина (синхронизирање на законодавство)
- Унапредување на функционирањето на јавните институции во насока на стимулирање на инвестициите и трговијата
- Финансии (управување со јавната потрошувачка и внатрешна контрола)

- **Кралство Норвешка**

- Норвешка програма за билатерална проектна соработка се реализира преку Годишна програма за билатерална проектна соработка во Приоритетни сектори, како:
- Добро владеење на правото
- Енергија, животна средина и климатски промени (МЗШВ во сектор води и шумарство, како и климатски промени)

- Мир и соживот
- Зголемување на вработеноста.

III. ХОРИЗОНТАЛНИ ПРАШАЊА И АДМИНИСТРАТИВНО-КОНТРОЛНИ СИСТЕМИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКАТА ПОЛИТИКА

Имплементацијата, управувањето и контролата на земјоделска политика на Република Македонија, усогласена со Заедничката земјоделската политика на ЕУ, наложува развивање и зајакнување на соодветни административни капацитети. Во 2010 година со новите организациони дополнувања во структурата на Секторите и Управите на МЗШВ, бројот на вработени изнесува 1.122 службеници, не вбројувајки ги вработените во Агенциите и Јавните претпријатија од областа.

1. Институционална поставеност на МЗШВ

Според последната хоризонтална и вертикална реорганизација на секторите на МЗШВ на централно и регионално ниво, поставеноста е следна:

Сектори во рамки на МЗШВ:

- Сектор за финансиски прашања
- Сектор за координација и техничка помош на Кабинетот на министерот
- Сектор за внатрешна ревизија
- Сектор за ЕУ интеграција
- Сектор за меѓународна соработка
- Сектор за човечки ресурси
- Сектор за нормативно-правни работи
- Сектор за анализа на земјоделска политика
- Сектор за информатичка технологија
- Сектор за прекршоци
- Сектор за земјоделство
- Сектор за лозарство,винарство и овоштарство
- Сектор за регистрање и управување со земјоделско земјиште
- Сектор за организација и координација на подрачни единици
- Сектор за рурален развој
- Сектор за шумарство и ловство
- Сектор за шумска полиција (без статус на државни службеници)

Органи во состав на МЗШВ:

- Управа за водостопанство
- Управа за ветеринарство
- Управа за здравје на растенијата
- Државна фитосанитарна лабораторија
- Управа за семе и саден материјал

Инспекторати во состав на МЗШВ:

- Државен инспекторат за земјоделство
- Државен инспекторат за шумарство и ловство

Агенции и управи од областа на земјоделството и руралниот развој:

- Управа за хидрометеоролошки работи
- Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР)
- Агенција за поддршка на развојот на земјоделството – Битола (АПРЗ)

Јавни претпријатија од област:

- ЈП Агроберза
- ЈП за пасишта
- ЈП за шуми

Министерствотото за земјоделство, шумарство и водостопанство има 33 Подрачни Единици со вкупно 219 вработени, распоредени низ сите региони во РМ. Претстои период на редефинирање на позицијата, капацитетите и одговорностите во поглед на целите на политиката за земјоделство и рурален развој, за воведување регионален пристап со цел рационално искористување на средствата и зголемена ефикасност од активностите на МЗШВ.

Воспоставување на Интегриран Систем за Администрација и Контрола ИСАК (IACS)

Воспоставувањето на интегрираниот систем за администрација и контрола е еден од клучните среднорочни приоритети за период од 2009-2011 година, при што активностите кои се реализираат се во согласност со „Пристапното партнерство“ и поглавјето 11 наменето за земјоделство.

Интегрираниот административен контролен систем се содржи од пет елементи (Регулатива на Советот 3508/92):

(1) компјутерска база на податоци која ги сочувува податоците од барањата за финансиска поддршка за секое земјоделско стопанство;
(2) идентификационен систем за земјоделски земјишни парцели, т.е. систем кој дозволува декларираните површини да бидат лоцирани, надгледувани и се овозможуваат комјутеризирани проверки и проверки на лице место;
(3) систем за идентификација и регистрација на животни, кои дозволуваат барањата за поддршка да бидат проверени и контролирани на лице место;
(4) систем за евиденција и обработка на барањата за финансиска поддршка преку плаќања по единица капацитет;
(5) систем за ефикасна администрација и имплементација на плановите за регистрација и идентификација, интегриран систем за административна контрола и теренски инспекции.

За поддршка на изготвувањето на анализи за поставување, спроведување, контрола и следење на ефектите на земјоделска политика и политиката за рурален развој, неопходно е воспоставување на Земјоделски Информативен Систем (ЗИС) како еден од најзначајните краткорочните приоритети од процесот на интегрирање во ЕУ во делот на хоризонталните прашања.

Предвидените активности се однесуваат на следниве административни, контролни и информациски елементи од интегрираниот систем:

- Единствен регистар на земјоделски стопанства, (ЕРЗС),
- Систем за идентификација на земјишни парцели (LPIS),
- Земјоделски пазарен информативен систем (ЗПИС),
- Мрежа на сметководствени податоци од фарма (FADN) и земјоделските статстики.

Дел од нив се составни елементи или се во функција на Интегрираниот административен и контролен систем (IACS) за имплементирање и мониторинг на мерките за директни плаќања и рурален развој.

Целосното функционирање на системите ќе овозможи поставување на ефикасни политики базирани на потребите и проблемите во секторот, нивно успешно имплементирање со максимално редуцирање на неправилностите и злоупотребите, подобрена контрола и проценка на ефектите од политиките. Интегрирањето на различните бази на податоци и регистри треба да ги олесни процедурите на аплицирање на земјоделците за политиките на поддршка и ќе обезбеди корисни податоци за бизнис сектор.

Согласно Законот за земјоделство и рурален развој, МЗШВ е одговорна институција за воспоставување на интегриран информативен систем на податоци кој треба да обезбеди прибирање и обработка на податоци за земјоделскиот сектор, координација и оддржливост во размената на податоци со другите релевантни институции, како и дисеминација на податоците до крајните корисници.

Сите овие активности се во насока на воспоставување на функционален систем кој ќе овозможи поврзување на сите регистри кои се во надлежност на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и неговите органи.

2.1 Единствен Регистер на Земјоделски Стопанства (ЕРЗС)

Целта на Министерството е да има интегриран и заштитен регистар на земјоделски стопанства. Самата софтверска апликација генерира единствен индентификациски број кој се доделува на секое евидентирано земјоделското стопанство со што се овозможува креирање на електронска база на податоци значајни за ефикасно носење на одлуки и имплементација на политиките.

Софтверската апликација е поставена на централна серверска единица во посебно подготвена просторија (сервер сала) изградена според стандардите барани од ЕУ. Во 33 подрачни единици е инсталирана апликација за корисниците кои имаат за задача вда ги внесуваат пријавените земјоделски стопанства.

Внесувањето и ажурирањето на податоците за производните капацитети на земјоделски стопанства се прави на локално ниво во подрачните единици на МЗШВ за време на поднесување на барањето за субвенции. На почетокот од 2008 година, Министерството го донесе правилникот за формата, содржината и начинот на водење на Единствен регистер на земјоделски стопанства („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/08), додека во овие моменти сме во завршна фаза на донесување на нов Правилник кој ќе го подобри функционирањето на целиот процес на евидентирање на земјоделските стопанства врз основа на забелешките дадени од страна на АФПЗРР како и уочените недостатоци од неговото досегашно функционирање. Правилникот веќе е доставен до Секретаријатот за Законодавство при Влада на Република Македонија на негово усогласување. Одговорните лица во подрачните единици со помал број на земјоделски стопанства веќе ги имаат внесено и ажурирано податоците за земјоделските стопанства кои се со седиште во нивната подрачна единица. Истите лица кои ја имаат завршено својата работа во моментов ги ажурираат податоците за подрачните единици со поголем број на земјоделски стопанства со цел да заврши целиот процес пред почетокот на кампањата за субвенции за 2011 година. Откако се заврши со внесување на податоците дадени се испечатени регистри до сите евидентирани земјоделски стопанства за да ја потврдат точноста на внесените податоци. Поради софпаѓање на кампањата за субвенции и внесувањето на податоците во електронска форма, испечатените регистри ќе се даваат на носителите на земјоделските стопанства кога ќе дојдат во подрачната единица да поденсат барање за субвенции.

Што се однесува на поврзувањето со другите бази на податоци, веќе се изготвени веб сервиси за поврзување на базата со податоци од Агенцијата за ветеринарство и безбедност на храна за бројната состојба на обележаниот добиток како и поврзувањето на АФПЗРР со цел превземање на податоците од ЕРЗС. Во моментов се работи на поврзување на базата од Агенцијата за Катастар со цел превземање на алфанумеричките податоците за парцелите.

Исто така во јавните набавки на министертсвото се вклучени и лиценците за користење на базите на ORAQLE на кои функционира апликацијата за воспоставување на ЕРЗС како и избор на фирма за негово одржување.

Поврзувањето на LPIS со ЕРЗС е веќе реализирано и во моментов се работи во тест базата од ЕРЗС.

Со интегрирање на сите бази на податоци во ЕРЗС се добива реална слика за севкупното земјоделско производство во Република Македонија како и можност за анализа на постигнатите резултати од превземените мерки за финансиска подршка. Во исто време министерсатвото има контрола врз исплатата на субенциите на земјоделските стопанства и влијанието кое го имаат врз зголемување на производството како и развојот на севкупниот земјоделски сектор.

Досега, ангажирани се 110 вработени лица за внесување на податоците во ЕРЗС, истите се обучени минатата година, и до сега се евидентирани сите корисници на финасиската поддршка по Програмите на МЗШВ, или околу 100.000 земјоделски стопанства.

2.2 LPIS - Систем за идентификација на земјишни парцели

Развојот на сеопфатен референтен ГИС систем за идентификација на земјишни парцели, кој ќе го формира јадрото на Интегрираниот систем за администрација и контрола (ИСАК) за исплата на субвенции, е наведен во член 17 од Регулативата на Советот на ЕУ 73/2009 каде што сите елементи од системот се дефинирани во детали, како и во Регулативата на Советот на ЕУ 1122/2009. Според овие прописи системот за идентификација на земјишни парцели ќе биде заснован на база на техники на компјутеризиран географски систем за информации вклучувајќи воздушни или просторни ортофото слики во размер од 1:10.000. Овие дигитализирани картографски карактеристики се користат како основа на која се поставуваат слоеви на податоци со кои се дефинира употребата на земјоделското земјиште базирани на различни референтни основи (катастарска парцела, земјишни блокови, обработлива земјоделска површина, засеана земјоделска култура). Започнувањето на сите активности за воспоставување на системот зависи од обезбедувањето на дигитализирана и обработена ортофото снимка на целата територија на Република Македонија која се постигнува преку воздушно снимање при поволни временски услови.

Според акцискиот план усвоен од страна на Владата на Република Македонија во 2008 година, имплементирани се следниве активности:

1. Септември 2009 - јануари 2010 година, производството на дигитални ортофото мапи, Дигитален Теренски Модел - ДТМ и иницијални ЛПИС податоци;

- големина на пиксел 0.5м, соодветно на ортофото мапа во размер од 1:5000;
- точност на ортофото мапата од ±1.5м;
- висинска точност на ДТМ од ±2м;
- 24 бит. RGB (red, green, blue) ортофото мапи и 24 бит. инфрацрвена боја (CIR), ортофото мапи;
- дигитализирани физички граници на земјоделско земјиште на целата територија на РМ;
- фото интерпретација и дигитализација на ортофото мапата врз основа на јасно видливи постојани граници;
- секој полигон на земјоделско земјиште е обележан според намената на користење.

2. Јануари 2010 - март 2010 година, контрола на квалитетот на добиените податоци;

- проверка на вкупната состојба на доставените податоци;
- радиометриска контрола на квалитетот на авионските снимки и ортофото мапите;
- геометриска контрола на ДТМ и ортофото мапи вклучително:
  - карактеристики врз основа на одреден прмерок;
  - проверка на точност со избор и локација на контролни точки;
  - пресметка на резултатот;
- визуелна проверка на квалитетот на ортофото мапите и ДТМ.

3. 2009 - 2010, постапка за опремување на одделението за ЛПИС (Инфраструктурни решенија – HW и SW);

- набавка на ArcGIS софтвер;
- набавка на хардверска опрема.

4. 2009 - 2010, кадровско зајакнување на ЛПИС одделение.

Имплементирањето на ЛПИС софтверската апликација е завршено. Тестирањето на апликацијата е во тек и се очекува продукциската верзија на ЛПИС апликацијата да биде во функција на почетокот на април 2011 година. Интеграцијата помеѓу регистарот на земјоделски стопанства и ЛПИС е веќе заокружена и потребните веб сервиси се развиени. Прирачниците и процедурите потребни за користење на ЛПИС апликацијата се изработени и реализирани се потребните обуки за обучувачите.



Регистар на земјоделски стопанства и ЛПИС регистар

Потребните катастарски податоци (катастарски мапи, топографски мапи, административни и катастарски општини, дигитални ортофото мапи од 2004 година, и сл.) со цел помагање на процесот на имлпементирање на ЛПИС се веќе интегрирани. Дел од ЛПИС апликацијата е и алатката наречена „Клиент администратор“ која овозможува далечинска контрола на работата на крајните корисници од страна на Единицата за поддршка (Helpdesk Unit).

Регистрите за долгогодишни култури (лозов регистар, овошен, маслинов и регистарот за јаткасти овошја), се исто така, интегрирани во рамките на ЛПИС, вклучувајќи и детални специфични информации за секој регистар, на пр. површина, сорти, година на садење, растојание помеѓу и во самиот ред, системи на наводнување и сл. Атрибутните податоци во Регистарот за долгогодишни култури, ќе бидат внесувани независно од атрибутните податоци во ЛПИС софтверот додека како графичка презентација ќе се користат полигоните дигитализирани во ЛПИС софтверот.



Регистар на долгогодишни насади

Имплементацијата на третата фаза од воспоставувањето на ЛПИС е планирано да започне во вториот квартал на следната година. За спроведување на оваа фаза од формирање на ЛПИС, планирано е да бидат вклучени три различни институции: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенција за поттикнување на развојот во земјоделството и ЈП „Македонски шуми". Третата фаза од имплементирањето на ЛПИС се состои од обуки за оператори, консултации со земјоделците и спроведување медиумската кампања на целата територија на државата. Со планирање и имплементација на овие активности одделението за ЛПИС проектот започна кон крајот на август оваа година со поддршка на ИПА2008, ЛПИС/ИСАК.

2.3. ЗПИС – Земјоделски пазарен информативен систем

Пошироката цел на Земјоделско пазарно информативниот систем е континуирано следење и обезбедување на транспарентен преглед на земјоделското производство преку движењето на цените на пазарите на храна како и собирање и обработка на пазарните податоци за производите и тргуваните количества.

Навремените и релевантни податоци од пазарите треба да обезбедат поддршка во процесот на донесување на одлуки во формулирањето на земјоделската политика и исто така, да ја зајакнат позицијата на националниот земјоделски сектор на домашните и меѓународните пазари.

Со формирањето на одделението за ЗПИС во 2008 година, а кое функционира во рамките на Секторот за Анализа на земјоделска политика, се создадоа основните предуслови за воспоставување на Земјоделско пазарен информативен систем - ЗПИС.

Според акцискиот план воспоставувањето на ЗПИС предвидено е да се реализира во три фази.

Планираните активностите од две фази во целост се реализирани, а тоа подразбира: одредување и вклучување на сите групи и подгрупи на земјоделско-прехрамбените производи во сиситемот, одредување на репрезентативните пазари согласно ЕУ регулативите и избор и обука на реортерите одговорни за доставување на пазарни податоци. Останува третата последна фаза во која ќе се воспостави електронско внесување на пазарните податоци преку интернет, автоматска софтверска обработка и дисиминација на истите. Во оваа фаза ќе се изврши и прилагодување на информациите за движењето на цените на земјоделските производи според стандардите за класирање и потребите за редовно известување до Европската Комисија – Директоратот за земјоделство DG-Agri.

Врз основа на одредбите од законот за земјоделство и рурален развој, одделението за ЗПИС ги подготви подзаконските акти за подгрупите на производи, репрезентативните пазари и видовите цени, истите се усогласуваат согласно Законот за квалитет на земјоделски производи, што овозможува следење на цените согласно пазарните стандарди по класи согласно ЕУ реуглативите.

Податоците се однесуваат на репрезентативните пазари а се доставуваат од страна на деловните субјекти според обемот на трговијата со соодветните производи а кои имаат пошироко регионално или национално влијание во формирањето на пазарната цена.

Податоци од добиточните пазари, пазарите на големо и зелените пазари се собираат од страна на вработени во ПЕ на МЗШВ и директно од одбрани претпријатија - преработувачи и трговци на овошје и зелечук, мелници, кланици, млекари, винарии, откупувачи на тутун и трговци со основни инпути во

земјоделското производство, јајца, живинско месо, маслодајни култури и производите од органско потекло.

ЗПИС одделението има подготвено методологии за собирање на податоци по групи производи и има оформено внатрешни процедури за активностите на системот а кои се однесуваат за собирање, чување и обработка на пазарните податоци, подготовка на извештаи и нивна дисеминација.

Неделни и месечни пазарни извештаи се достапни на јавноста преку Веб страната на МЗШВ (www.mzsv.gov.mk) и во специјализираното списание на македонските фармери „Моја земја“.

Согласно обврските кои произлегуваат од Законот за квалитет на земјоделски производи се планира вклучување на повеќе директни доставувачи на податоци - правни лица и официјализирање на соработката преку потпишување на договори за размена на податоци.

Започнато е со изготвување на софтверски систем за внесување преку интернет, обработка и објавување на податоци во системот за ЗПИС, кој ќе опфаќа три нивоа на корисници: прво ниво - ниво на репортери со ограничен пристап, второ – администрирање и менаџирање со системот, проверка на квалитетот и точноста на внесените пазарни податоци и трето ниво ниво на корисници - отворена достапност до податоците од страна на сите корисници.

Во текот на 2010 година се обезбеди и хардверска поддршка за системот со што се овозможи комуникација во системот од ниво на репортери до ниво на корисници.

За подобрување на квалититот на податоците изготвен е и одобрен план од страна на Светска банка за континуирана обука на репортерите доставувачи на пазарни податоци за системот за ЗПИС кои ќе се реализираат во текот на 2011 година. Со планот за обуки се опфатени сите репортери - доставувачи на податоци во системота а на обуките се посветува внимание на воспоставување на деловна партнерска комуникација, подобрувањето на квалитетот на податоците изразени во класи на производи, како и управување со време при доставување на податоците.

Одделението за ЗПИС активно соработуваше во реализирањето на активностите и постигнување на предвидените цели од Проектот „Заедничка земјоделска политика со акцент на Заедничката пазарна организација“ финансиран од Европската комисија, во насока на зајакнување на капацитетот на земјоделско пазарно информативниот систем.

Соработката и придобивките од проектот се состојат во заедничка проверка на правните акти, проценка на практичната примена во реалната состојба на теренот и ефектите од истите, препораки за прилагодување и усогласување со ЕУ регулативите.

Организирање дијагностичко истражување на теренот за определени групи на производи, организирање на работилници со цел поддршка на производни групи или пазарни организации и имплементација на пазарни стандарди за определени производи во системот на користење на цените и предвидувањето на истите при пласман на производите.

Одделението за ЗПИС во рамките на Секторот за анализа на земјоделска политика превземаше и активности на меѓународен план со активно учество во реализација на идејата за формирање на регионален МИС (Маркетинг информативен систем) со цел поврзување на пазарните системи на балканските држави. Иницијативата е поддржана и водена од САД Министерство за земјоделство, а во процедура е официјализирање на соработката со потпишување на меморандум и договор за формирање на заедничкиот систем.

2.4 Мрежа на сметководствени податоци од земјоделски стопанства (FADN)

Мрежата на сметководствени податоци од земјоделски стопанства (ФАДН) претставува централна компонента на земјоделскиот информативен систем (ЗИС) управуван од acquis communautaires на Европската унија.

Податоците што се обезбедуваат преку ФАДН се користат за годишно определување на доходот на земјоделските стопанства во рамките на полето на истражување, бизнис анализа на земјоделските стопанства и оценка на планираните модификации на земјоделските политики.

Земјоделските стопанства се селектирани да учествуваат во истражувањето врз основа на план за избор. Истражувањето не ги покрива сите земјоделски стопанства, ги покрива само оние кои поради нивната големина може да се сметаат за комерцијални. Применетата методологија има за цел да обезбеди репрезентативни податоци во следните трите димензии: регион, економска големина и тип на земјоделско стопанство.

По препораки на Европската Комисија направени се измени и дополнувањата на „Закон за воспоставување на мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства“

(„Службен весник на Република Македонија“ бр.110/07) со што ќе се постигне целосно усогласување со Регулативите на Европската Унија. Измените и дополнувањата на ‘’Закон за воспоставување на мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства’’ се очекува да стапи на сила во месец мај 2011 година.

Во измените и дополнувањата на „Закон за воспоставување на мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства“ се дефинирани типот на податоци кои ќе бидат прибирани, учеството на земјоделските стопанства и институциите вклучени во системот, како и начинот на прибирање, обработка и употреба на сметководствените податоци.

Правната рамка за ФАДН ќе биде комплетно завршена со подготовката на Правилникот за опсегот и начинот на прибирање на сметководствените податоци Донесувањето на Правилникот е планирано за септември 2011.

Според акциониот план во текот на 2010 година беа реализирани активности кои придонесоа за воспоставување на ефективна и функционална мрежа за сметководствени податоци од земјоделски стопанства на ниво на висока усогласеност со соодветните национални и ЕУ регулативи. Во текот на 2010 година беше воспоставена соработка со Европската Комисија, подготвена е методологијата и процедурите за прибирање на структурни податоци од земјоделски стопанства за 2011 година, подготовка на прашалниците за селекција на земјоделски стопанства за 2011 година, изработени се пресметките за стандардните резултати за податоците од 2010 година, внесени се во системот основните контролни тестови за проверка на точноста на податоците од земјоделските стопанства, завршени се посетите на земјоделски стопанства и податоците се внесени во системот за 2010 година.

Во 2011 година се планира да се подготват пресметките на Стандард Аутпут (SO) коефициенти за 2007 година кои ќе се користат за подготовка на селекционен план за 2012 година кои што се специфични за Република Македонија, изборот на земјоделските стопанства според прашалникот за селекција ќе се извршат на почеток на 2011 година, одржување на состанок на Националниот комитет, одржување на дводневна национална конференција, подготовка на методологијата и процедурите за прибирање на структурни податоци од земјоделски стопанства за 2012 година, подготовка на прашалниците за селекција на земјоделски стопанства за 2012 година и се планира да се изврши надградба на контролните тестови во системот.

2.5 Земјоделска статистика и економски сметки во земјоделството

Државниот завод за статистика на Република Македонија (ДЗС) е националната овластена институција која ги прибира, обработува, анализира и објавува официјалните статистички податоци за земјоделството, рибарството, шумарството и водостопанството. МЗШВ учествува од своја страна со податоци од поставениот систем за тековно следење на производството, трговијата и услугите во земјоделството поради креирање соодветни политики за поддршка и развој на секторот. Со развој на современиот систем за следење на состојбите во секторот, МЗШВ ќе може во најголем дел да ги опфати сите земјоделски активности во стопанството, а со тоа и подобри квалитетот на податоците кои се прибираат од оваа област.

Државниот завод за статистика на Република Македонија редовно објавува месечни соопштенија за цените на земјоделските производи и откупот. Покрај тоа, на годишно ниво се издаваат публикации со податоци од одделните земјоделски потсектори и шумарството, а сумарните податоци се публикуваат во рамки на Статистички годишник на РМ. ДЗС одржува електронска база на податоци во однос на стоковната размена, како и детална база на податоците од Земјоделскиот попис во 2007 година. Економските сметки во земјоделството се изработуваат од 1998 година. При изработката на економските сметки се користат податоци добиени од редовните истражувања на ДЗС, годишните сметки од Централниот регистар и податоци од МЗШВ. Во бруто-вредноста на производството е вклучено и производството на „малите единици“, а исто така и производството на единиците за кои производството е дополнителна дејност или има карактер на хоби.

3. Здружување во земјоделско-прехранбениот сектор (Комерцијални форми на здружување, Организации на производители, Задруги, Стопански комори)

Здружувањето во земјоделско-прехрамбениот сектор е неодминлив услов за унапредување и развој на целокупната земјоделска политика во процесот на пристапување кон ЕУ. Преку здружувањето се постигнува подобро планирање на производството, стабилизација на производствените цени, подобрување на

концентрацијата на понудата и вкупната продажба, поголема конкурентност на производите, зголемен профит и намалени ризици за сите учесници во синџирите на производите од земјоделско потекло.

Најстар облик на здружување во Република Македонија се задругите, кои со последните законски измени се трансформирани во трговски друштва и со тоа ја загубија својата лидерска улога во здружувањето во земјоделството. Растот на бројот на задругите (околу 20) се должи главно на мерките на финансиска поддршка во 2008 и 2009 година.

Земјоделските здруженија се регистрирани во согласност со Законот за здруженија на граѓани и фондации (1998 и 2007 година), и како невладини и непрофитни организации немаат право да се занимаваат со трговија и производство, но може да основаат правни лица како Трговски Друштва (ТД) за овие цели. Досега се регистрирани околу 250 земјоделски здруженија со над 30.000 членови. Земјоделските здруженија како организација на индивидуалните фармери ги застапуваат своите заеднички интереси, вклучувајќи го советувањето и едукацијата, како и нивните заеднички интереси во поглед на маркетинг, складирање, пакување итн.

Највисока форма на организирање на земјоделските здруженија преставува Федерацијата на Фармери на Република Македонија (ФФРМ), основана во 2002 година. Таа ги обединува повеќето земјоделски здруженија (околу 80) и нивните регионални и гранкови сојузи преку своите 4 регионални центри во Гостивар, Кочани, Струмица и Битола. Од јануари 2008 година се печати сопственото специјализирано списание за земјоделство и рурален развој „Моја земја“ на македонски и албански јазик.

ФФРМ има за цел да ги заштитува економските, социјалните и културните интереси на фармерите и да работи на подобрување на условите на пазарното производство. За остварување на своите цели, организацијата соработува со домашни и меѓународни невладини организации, владини институции на локално и национално ниво, како и образовни и бизнис субјекти, кои придонесуваат и влијаат на условите за развој на одржливо и профитабилно земјоделско производство, на условите за развој во руралните подрачја и на квалитетот на живеење на фармерите. Во рамки на ФФРМ за подобрување на демократското и мрежно работење, формирана е Мрежа на жени фармери и Мрежа на млади фармери.

Федерацијата официјално има претставник во ЕУ во Брисел кој обезбедува цврста и ефикасна директна врска меѓу претставниците на земјоделците и важните структури во ЕУ. Понатаму, влијае на подигнување на свеста за важноста на функциите на ЕУ за македонскиот процес на пристапување кон ЕУ во делот на земјоделството и руралниот развој. Истотака, им помага на вработените и избраните претставници на ФФРМ да ги проценат предностите и недостатоците од идното членство во ЕУ.

Стопанските комори (национални, регионални или гранкови) се облици на здружување на стопанските субјекти, кои во последно време земаат активно учество во формулирањето на земјоделската политика. Нивни членови се по правило фирмите кои се вклучени во примарното производство, преработка, маркетинг и увоз-извоз на земјоделско-прехрамбени производи.

4. Политики на Заедничко уредување на пазарите (ЗУП)

Во врска со Заедничкото Уредување на Пазарите (ЗУП) на **земјоделски производи** од растително и животинско потекло, МЗШВ изготви Закон за квалитет на земјоделските производи за најзначајните производи, избрани врз основа на нивното значење и учество во рамките на севкупното земјоделско производство во Република Македонија, уредувајќи ги во пошироката рамка на ЗУП. Во тој контекст, со законот регулирани се следниве производи од растително и животинско потекло: житни култури и ориз, сушена храна за добиток и свежо овошје и зеленчук, говедско месо, јајца и месо од живина, свинско месо, овчо и козјо месо, млеко и млечни производи и мед и други производи од пчели.

Законот за квалитетот на земјоделските производи е усвоен и објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/10.

Врз основа на Законот за квалитетот на земјоделските производи во однос на **пазарните стандарди** и целокупниот **маркетинг** на земјоделските производи, предвидено е преку изработката на подзаконските акти, целосно да се регулираат пазарите на: жита и ориз (6 акти); храна за животни (3 акти); јајца и живина (6 акти); овошје и зеленчук (5 акти); мед и производи од пчели (3 акти), овчо, козјо, свинско и јунешко месо (8 акти); млеко (6 акти) предвидено е да бидат донесени заклучно со крајот на 2011 година.

Покрај ова, Правилникот за определување на репрезентативни пазари на земјоделски производи и видот, обемот, роковите и субјектите кои ги доставуваат податоците („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/09) е надграден, земајќи ги во предвид скорешниот развој во однос на ЗУП, остварен со усвојувањето на Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10) и Законот за квалитет на земјоделските производи („Службен весник на Република Македонија“

бр. 140/10), особено во однос на воведувањето на новите пазарни стандарди за земјоделските производи и соодветните категории и класи.

Голем дел од **хоризонталните аспекти на ЗУП** кои се релевантни за сите поединечни пазари на земјоделски производи, се регулирани во рамките и врз основа на Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10).

Имено, во насока на **унапредување на пазарните односи**, односно порамномерна дистрибуција на заработката во рамките на синџирот за снабдување со храна, односно намалување на тензиите во договорните односи помеѓу чинителите во синџирот за снабдување со храна, покрај основните принципи и начин на вршење на трговија со земјоделски производи уредени со законот, усвоени се поголем број на придружни прописи врз основа на законот кои ги уредуваат основните услови за трговија со земјоделски производи (услови кои треба да ги исполнуваат откупувачите и откупните места за земјоделски производи, управување со податоците за планиран и реализиран откуп, како и воспоставувањето на евиденции и регистри на откупувачи и увозници на земјоделски производи и начинот на нивното функционирање).

Покрај ова, а во насока на подобрување на меѓусебните односи во секторот, 5 подзаконски акти се усвоени во насока на уредување на **секторското партнерство** во земјоделството и руралниот развој, односно начините и модалитетите за соработка со не-владиниот сектор, примарните производители и бизнис заедницата во земјоделството, воспоставувајќи ги формите на **вертикалната интеграција** на чинителите во областа на земјоделско-прехранбениот сектор, односно подсекторски постојани групи. (слични на советодавните групи кои функционираат во рамките на ЕУ врз основа на Одлуката на Комисијата од 23 април 2004 година).

Конечно, придружните прописи кои ги уредуваат формите на **хоризонтално здружување** на земјоделските производители, **организациите и групите на производители** (ОП и ГП), усогласени со поголем број акти во рамките на правниот поредок на ЕУ, се во финална фаза на усвојување, целосно уредувајќи ги принципите и условите за воспоставување на ОП и ГП во земјоделството и руралниот развој, нивните Оперативни Програми и Програми за подобрување на квалитетот, како и мерките за нивна поддршка и поттикнување на производителите за членство во ОП и ГП.

Во врска со **специјализираните култури** и во временската рамка помеѓу двата состаноци на Поткомитетот за земјоделство и рибарство, согласно неодамна усвоениот Закон за виното („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/10), неколку (9) подзаконски акти беа усвоени за понатамошно прилагодување на националното законодавство со ЕУ Acquis-то во однос на ЗУП за вино во областа на земање мостри и анализа на виното, управување и водење на регистарот на лозови насади и условите за производство на вино.

Покрај ова, како резултат на тековните технички консултации во врска со виното помеѓу Република Македонија и ЕУ, за целите на дополнително прилагодување на националната правна рамка со Acquis-от на ЕУ во областа на ознаките за потекло и традиционалните ознаки за вино, изготвени се измени на Законот за вино кои во моментов се во Собраниска процедура за нивно усвојување. Овие измени и дополнувања ќе ги одразат неодамнешните промени во правната рамка на ЕУ во однос на взаемното признавање и заштита на географските ознаки и традиционалните називи за виното и винските производи, придонесувајќи кон успешно завршување на техничките консултации, размена на листите на ознаки за потекло и географски ознаки и традиционални називи за виното и потпишување на новиот Протокол за вино помеѓу РМ и ЕУ, предвидено до крајот на 2011 година.

Во однос на зголемувањето на реномето на македонските вина на надворешните пазари, во текот на 2010 година беше започната и реализирана промотивна кампања. Кампањата беше организирана во форма на јавно-приватно партнерство помеѓу МЗШВ и винарските визи и истата се реализираше и на веќе востановените, како и на потенцијалните пазари за македонско вино, меѓу кои и во неколку Земји членки на ЕУ (Полска, Холандија, Шведска). Врз основа на позитивните искуства и резултати од кампањата во 2010 година, активностите ќе продолжат и во тек на 2011 година. За таа цел, во рамките на програмите на МЗШВ за поддршка во 2011 година, утврден е буџет во висина од приближно 1 милион Евра.

Од аспект на **институционалното зајакнување** и имајќи ги во предвид горенаведените законодавни активности, од последниот состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство неколку структури и аранжмани за реализација во рамките на министерството, кои се однесуваат на горенаведените области, беа зајакнати во насока на зајакнато спроведување и управување со политиките за ЗУП.

Во тој контекст, детални информации за скорешниот развој на ЗПИС и неговата надградба, како и за СИЗП, особено неговото поврзување со Регистарот на лозови насади, се елаборирани во соодветните

делови на Информацијата за ПКЗР (точки 4.2.4 и 4.2.3). Покрај тоа, за целите на подобрување на пазарните односи во секторот, два Регистри се веќе креирани и се во напредна фаза на своите операции. Имено, Регистарот на откупувачи и Регистарот на увозници на земјоделски производи беа воспоставени кон крајот на 3-от квартал на 2010 година. Од нивното воспоставување и во текот на последниот квартал на 2010 година и првиот квартал на 2011 година, над 100 оператори кои се занимаваат со земјоделски производи се регистрираа во Регистарот на откупувачи, а над 40 во Регистарот на увозници.

Во врска со зајакнувањето на поединечните сектори / тела со нови вработувања, преглед на зголемувањето на вработените во министерството е наведен во воведот на точка 4.2, вклучително и преглед на соодветните обуки реализирани во периодот помеѓу состаноците на под-комитетот.

Конечно, беа реализирани и повеќе активности за техничка помош (неколку активности во рамките на TAIEX инструментот поврзани со ЗУП), додека G2G проектот од Холандската билатерална помош кој се однесува на ЗУП на јајца и живина успешно беше реализиран. Покрај последните напори од Проектот за пристап кон ЕУ, финансиран од страна на Владата на Република Македонија со заем од Светската Банка, за понатамошно унапредување на воспоставениот ЗПИС (детали во рамките на точка 4.2.4.), проектот од првата компонента на ИПА „Усвојување и спроведување на acquis-то во однос на ЗЗП, особено во однос на воспоставување на ЗУП“ од програмата за 2008 година, започна со реализација во јули 2010 година и се очекува да биде финализиран до октомври 2011 година.

IV. ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ОСВРТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКО-ПРЕХРАНБЕНИОТ СЕКТОР

1. Географски карактеристики, клима и население

Република Македонија е централна балканска држава во Југоисточна Европа, со површина од 25.713 km^2 и се граничи со пет држави: на исток со Бугарија, на север со Србија, на северо-запад со Косово, на запад со Албанија и на југ со Грција. Должината на границите изнесува вкупно 850 km. Иако е копнена земја, Македонија е на крстопат помеѓу два големи пан-европски транспортни коридори (број 8 и 10) кои ја поврзуваат централна Европа со Јадранското, Егејското и Црното море.

Уредувањето на земјата е суверена парламентарна демократија, а независноста од поранешната СФРЈ ја прогласи на референдум одржан на 8-ми септември 1991 година.



Карта на Република Македонија

Според географската положба сместена е меѓу 40°51' и 42°22' северна географска широчина, и меѓу 20°27' и 23°02' источна географска должина. Според овие географски параметри, земјата се наоѓа во јужниот дел на умерената зона и е ограничена со суб-тропската климатска зона, која овозможува производство на голем број на земјоделски култури.

Релјефот на Република Македонија е претежно ридско-планински со хетерогени природни услови и структура на земјиштето. Ридско-планинските делови опфаќаат 79% од вкупната територија, рамнинскиот дел 19%, а останатото се водни површини.

Република Македонија е главно под влијание на три климатски типови: континентална, планинска и медитеранска клима. Климатските фактори допринесуваат земјата да се карактеризира со топли и суви лета и студени и влажни зими. Инсолацијата и температурите во земјата се покачуваат од север кон југ.

Средната годишна количина на врнежи во планините е околу 1.000-1.500 mm, а во котлините 600-700 mm. Климатските индикатори, меѓу кои - сушата, раните есенски и доцните пролетни мразеви се ограничувачки фактори на интензивното земјоделско производство.

Во однос на административната поделба, општините претставуваат административни единици од прв ред. Во 2004 година, Република Македонија се реорганизира во 84 општини, од кои 10 припаѓаат на град Скопје. Македонија има 34 градови, а вкупниот бројот на населени места во 2009 година изнесува 1.767.

За статистички цели Република Македонија е поделена на 8 региони: Скопски, Пелагониски, Полошки, Источен, Југоисточен, Североисточен, Југозападен и Вардарски.



Административна поделба и статистички региони на Република Македонија (ДЗС)

Состојбата на вкупното население во 2010 година изнесува 2.057.284 лица. Густината на населението во 2010 година изнесува 80 жители/km^2. Најгусто населен е Скопскиот регион каде што живее 29,3% од населението, а најмала густина на населеност има Вардарскиот регион каде што живее 7,5% од населението. Руралното население во земјата опфаќа 43%, а остатокот (57%) е урбано население.

Според последниот попис на населението спроведен во 2002 година, населението во Република Македонија ја има следната структура: македонци (64,18%), албанци (25,17%), турци (3,85%) и роми (2,66%), а преостанатиот дел од 4,14% се малцински етнички групи.

2. Макроекономска рамка

Република Македонија е релативно мала земја според големината на територијата и според бројот на населението, поради што економијата е видно осетлива на надворешните и внатрешните фактори. Зависноста на македонската економија од меѓународните случувања особено е изразена преку економските движења кај нашите главни трговски партнери и кај земјите од опкружувањето.

Макроекономски показатели

Показател	Единица	2004	2005	2006	2007	2008	2009	2010
Население[1]	'000	2.032	2.037	2.042	2.045	2.047	2.054	2.057
БДП (во милиони евра)[1]	мил. евра	4.324	4.676	5.231*	5.965*	6.720*	6.677	6.905
БДП по глава на жител (во евра) [1]	евра	2.128	2.295	2.564	2.919	3.283	3.253	3.360
Учество на земјоделскиот сектор во БДП[1]	%	13,2	12,8	10,5	9,1	10,0	9,7	10,6
Економски развој [1] (промени во БДП)	%	4,1	4,0	4,0	6,1	5,0	-0,9	1,8
Стапка на невработеност[2]	%	37,2	37,3	36,0	34,9	33,8	32,2	32,1
Инфлација (крај на период, на годишна основа, во %)[2]	%	-1,9	1,2	2,9	6,1	4,1	-1,6	3,0
Просечен девизен курс [2]	МКД/ЕУР	61,34	61,30	61,19	61,18	61,27	61,27	61,51
Учество на храна, пијалоци и тутун во вкупната потрошувачка по домаќинства	%	45,4	43,8	43,4	42,5	43,3	40,7	39,0

Извор: * [1]ДЗС (2009-2010), [2]НБРМ (2010)

Во последните неколку години се до 2010 година, забележани се позитивни промени во бруто-домашниот производ (БДП). Оваа година се забележува слабо зголемување на бруто-домашниот производ од 0.7% во споредба со 2009 и изнесува 423.862 милиони денари (или 6.905 милиони евра). Во претходниот период, бруто-домашниот производ по пазарни цени во 2008 година изнесуваше 411.728 милиони денари (или 6.720 милиони евра) со реална стапка на раст од 5% во однос на 2007 година. Но, во

2009 година се забележува пад на бруто-домашниот производ од -0,9% како последица од светската финансиска криза која влијаеше врз намалувањето на бруто-домашниот производ, кој во 2009 година изнесуваше 409.100 милиони денари (или 6.677 милиони евра).

Просечниот девизен курс во однос на минатата година, бележи низок раст. Според Народна Банка на Република Македонија во 2010 година изнесува 61,51, а во 2009 изнесуваше 61,27 МКД/ЕУР.

Стапката на невработеност во 2010 бележи незначително благо намалување во споредба со 2009 година и изнесува 32,1%.

Земјоделството заедно со ловот, шумарството и рибарството е третиот најголем сектор по учество во БДП (во 2010 година учествува со 10,6% во вкупниот БДП), веднаш по секторите услуги и индустрија, додека пак, храната, пијалоците и тутунот учествуваат со 39% во вкупната потрошувачка по домаќинства.

3. Општи состојби во агрокомплексот

Според последните податоци, земјоделското земјиште (обработливи површини и пасишта) во 2010 година зафаќа околу 1, 1 мил. ha или 43,6% од вкупната површина, шумите се протегаат на околу 37% а останатите 19% припаѓаат на водната и останата површина.

Скоро една половина од земјоделското земјиште е обработливо, а другата половина се пасишта. Најголемиот удел во површината под ораници и бавчи имаат житата, од кои најмногу пченицата. Но, површините под жита бележат опаѓачки тренд за сметка на намалување на површините под пченица.



Извор: ДЗС, 2011

Генерално, во 2010 година бележиме зголемување на вкупната земјоделска површина и тоа: површината под пасишта е зголемена за 22,2%, а ливадите за 1,7% во однос на минатата 2009 година.

Земјоделски површини (во илјади хектари)

Показател	2005	2006	2007	2008	2009	2010
Земјоделско земјиште	1.229	1.225	1.077	1.064	1.014	1.121
Обработлива површина	546	537	526	521	513	509
Ораници и бавчи	448	439	431	424	420	415
Овоштарници	13	13	13	14	14	14
Лозја	26	25	23	22	21	21
Ливади	59	60	59	61	58	59
Пасишта	682	687	550	542	500	611
Бари, трски и рибници	1	1	1	1	1	1

Извор: ДЗС, 2011

Анализирано по региони, во 2010 година само во три региони преовладувале пасиштата: Полошки (79% пасишта), Пелагониски (57% пасишта) и Југозападен регион (51% пасишта). Пелагонискиот регион иако се карактеризира со повеќе пасишта од обработлива површина, сепак бележи најголема застапеност на ораници и бавчи од сите останати региони во земјата.

Структура на површината на Република Македонија (во илјади хектари)

Показател	2003	2004	2005	2006	2007	2008	2009	2010
Вкупна површина	2.571	2.571	2.571	2.571	2.571	2.571	2.571	2.571
Водена површина	49	49	49	49	49	49	49	49
Останата површина	264	310	338	338	504	515	559	441
Шумски фонд	955	948	955	959	942	943	949	960
Земјоделско земјиште	1.303	1.265	1.229	1.225	1.077	1.063	1.014	1.121

Извор: ДЗС, 2004-2011

4. Главни карактеристики кај структурата на фармите

Структурата на фарми во Република Македонија ја сочинуваат семејните фарми и земјоделските претпријатија (кои главно потекнуваат од земјоделско-индустриските комбинати кои биле во државна сопственост).

Земјоделскиот попис од 2007 година е основниот извор на податоци за структурата на фармите, а се планира да се извршува на секои 10 години.

Со земјоделскиот попис од 2007 година, регистрирани се вкупно 192.675 земјоделски домаќинства, од кои 192.378 се семејни фарми, а 297 се земјоделски претпријатија. Според пописот, семејните фарми користат 80% од обработливата површина, а останатото е во сопственост на државата.

Според соопштенијата на Државен завод за статистика (ДЗС), во 2010 година, семејните фарми користат 55,8% од вкупната земјоделска површина (или 91,5% од обработливата површина), додека земјоделските претпријатија и задруги користат 44,2% од земјоделското земјиште (или 8,5% од обработливата површина). Земјоделските претпријатија и задруги со 74% се најголеми корисници на пасиштата кои се во сопственост на државата. Просечната големина на семејните фарми е приближно 1,7 хектари. Најголемата група ја сочинуваат фарми со големина до 0,5 хектари карактеризирани со мешана производствена структура. Ваквата структура придонесува за неефективно користење на земјоделското земјиште, а е последица на големата парцелизацијата и фрагментацијата на парцелите во Република Македонија.

4.1. Типологија на земјоделските стопанства

Во 2011 година, Државниот завод за статистика за првпат воспостави типологија на земјоделските стопанства согласно со Европската регулатива број 1242/2008, која е единствена класификација на земјоделските стопанства во Европската унија. Класификацијата на земјоделските стопанства е заснована врз типот на земјоделското производство и врз економската големина на земјоделското стопанство, при што се користени коефициенти на стандардната вредност на производството и структурни податоци од Пописот на земјоделството во 2007 година.

Број на земјоделски стопанства според типот на земјоделското производство

Тип на земјоделско производство	Вкупно стопанства	Индивидуални земјоделски стопанства	Деловни субјекти
Специјализирано за поледелски култури	42.192	42.143	49
Специјализирано за градинарство	15.013	14.995	18
Специјализирано за повеќегодишни култури	30.392	30.347	45
Специјализирано за тревопасен добиток	24.199	24.169	30
Специјализирано за домашни животни што се хранат со семе и зрнеста храна1)	7.760	7.730	30
Мешано растително производство	25.456	25.438	18
Мешано добиточно производство	10.556	10.553	3
Мешано растително - добиточно производство	36.552	36.536	16
Некласификувани стопанства	555	467	88
Вкупно	192.675	192.378	297

Извор: ДЗС, 2011

Од вкупниот број класификувани земјоделски стопанства, 58,2% се класификувани во првата класа - до 2000 евра.

Типологија на земјоделските стопанства



Извор: ДЗС, 2011

Земјоделски стопанства според економската големина

Индивидуалните земјоделски стопанства учествуваат со 86,9% во формирањето на вкупната стандардна вредност на производството.



Извор: ДЗС, 2011

Процентуално учество на бројот на земјоделските стопанства според типот на земјоделското производство во креирањето на вкупната стандардна вредност на производството

Најголемо учество во формирањето на вкупната стандардна вредност на производството имаат земјоделските стопанства специјализирани за мешано растително-добиточно производство со 21,4%, додека најмало учество имаат земјоделските стопанства специјализирани за полјоделски култури со 6,7%.

Од вкупно 192.675 земјоделски стопанства, најголем дел – 42.192 стопанства се специјализирани за производство на полјоделски култури, додека најмал дел – 7.760 земјоделски стопанства се специјализирани за одгледување на домашни животни што се хранат со семе и зрнеста храна.

4.2. Структурно истражување за земјоделските стопанства

Во согласност со Регулативата број 1166/2008 на ЕУ, Државниот завод за статистика за првпат го спроведе структурното истражување за земјоделските стопанства во периодот од 1 до 15 јуни 2010 година. Структурното истражување за земјоделските стопанства е едно од основните статистички истражувања во областа на земјоделството кое обезбедува споредливи податоци за земјоделските стопанства. Споредливите статистики за структурата на земјоделските стопанства се неопходни за одредување на развојните правци на земјоделството и основа за креирање на правилни политики од областа на земјоделството. Според податоците од истражувањето, вкупниот број на индивидуални земјоделски стопанства изнесува 192 082 кои користат 282 830 хектари земјоделско земјиште. Просечната површина на користеното земјоделско земјиште по стопанство изнесува 1,47 хектари.

5. Карактеризација на руралните средини

Достапните податоци кои се потребни за социо-економската карактеризација на руралните области во Македонија се ограничени, а сликата е некомплетна.

Во 2002 година УНДП, Државниот завод за статистика и Министерството за локална самоуправа извршија социо-економско мапирање на разликите меѓу општините во Македонија и означија шест зони врз основа на концентрацијата на население на територијата на земјата: зони со слаба концентрација (до 50 жители на квадратен километар), зони со средна концентрација (51-100 жители на квадратен километар), пренаселени зони (101 – 150 жители по квадратен километар), значително пренаселена зона (151 – 500 жители по квадратен km), многу значително пренаселена зона (501 – 1.000 жители на квадратен km) и екстремно пренаселена зона (над 1.000 жители по квадратен километар).

Во 2002 година, речиси половина (61) од општините спаѓаа во групата на зона со слаба концентрација, 26 општини имаа средна концентрација, 7 беа пренаселени, 19 значително пренаселени, 4 многу значително пренаселени и 6 општини имаа над 1.000 жители од квадратен километар.

Развој на населението во региони

Регион	Вкупно население			Промена – Зголемување 1994-2002		Стапка на раст	Миграција	Густина на население		Стапка на невработеност во %
	1994	2002	2010*	Број	%			1994	2002	
Национално ниво	1.945.932	2.022.547	2.057.000	76.615	3,94	0,48	-30.992	76,0	79,0	38%
Пелагониски	242.614	238.136	234.000	-4.478	-1,85	-0,23	-5.297	49,7	48,8	18%
Вардарски	131.035	133.180	153.900	2.145	1,64	0,20	-1.670	40,7	41,4	13%
Североисточен	163.841	172.787	175.200	8.946	5,46	0,66	-1.557	70,6	74,4	8%
Југозападен	211.226	219.741	221.800	8.515	4,03	0,49	-6.191	64,2	66,8	4%
Скопски	545.228	578.144	604.300	32.916	6,04	0,73	243	314,6	333,6	1%
Југоисточен	168.481	171.416	173.000	2.935	1,74	0,22	-4.743	64,8	66,0	36%
Полошки	281.982	305.930	315.400	23.948	8,49	1,02	-8.472	116,8	126,7	10%
Источен	201.525	203.213	179.700	1.688	0,84	0,10	-3.305	48,3	48,7	12%

Извор: ДЗС, Попис 1994 и 2002, *ДЗС годишник, 2011

Инфраструктурата на социјалната заштита во руралните средини (детски градинки, училишта, јавни објекти во заедницата – библиотеки, клубови) била развиена во минатото, но во најголемиот број случаи објектите се во тешка состојба, без можност за поправка и/или напуштени.

Најголем дел од населението од руралните средини, особено оние од високите планински села, имаат недостаток од основни здравствени услуги, вклучително услуги за примарна здравствена заштита.

Во Република Македонија,вкупниот број на население во 2010 година изнесува 2.057.284 жители, а густината на населението во 2010 година изнесува 80 жители/km2. Најгусто населен е Скопскиот регион со густина на населеност од 329 жители/km2 каде што живеат вкупно 604.298 лица, додека најмала густина на населеност има Вардарскиот регион (33,9 жители/km2) со вкупно 153.880 жители. Околу 43% од населението живее во руралните области распределени на 86,7% од вкупната површина на земјиште, а остатокот (57%) е урбано население. Голем дел од селските населени места или се депопулирани или имаат изразито мал број на жители и поради неповолната старосна структура постои ризик да останат без ниеден жител. Но, и кај ваквите општини постојат видни разлики.

Некои рурални општини покажуваат дури погуста населеност отколку градските, како на пример Арачиново (400 жители/km2), Боговиње (211 жители/km2) и Врапчиште (161 жители/km2). Од друга страна, пак, постојат рурални општини каде што густината на населеност изнесува 5 жители/km2 како во Новаци и 8 жители/km2 како во Другово. Доколку се земе предвид регионалната споредба тогаш може да се заклучи дека најретко населен регион е Вардарскиот (33,9 жители/km2).

Населението во Република Македонија сеуште бележи позитивен природен прираст, иако со намалено темпо на раст. Природниот прираст на населението во 2009 година изнесува 4.624 жители, додека за 2010 година е проценето на 5.183 жители. Нето стапката на раст на населението во 2009 во однос на 2008 година изнесуваше 0,33%, а во 2010 година во однос на 2009, изнесува 1,22%.
Просечната возраст на населението во Македонија е приближно 37 години, и речиси 70,8% од населението е работоспособно (помеѓу 15 и 64 години).

Во 2010 година, младото население во урбаните средини (15-24 години) го сочинува 18% од вкупното население во тие средини, додека населението на возраст над 65 години изнесува 13%. Младото население во руралните средини (15-24 години) учествува со 21% од вкупното рурално население, додека населението на возраст над 65 години изнесува 11%.

5.1. Образование во руралните средини

Образовниот систем секако игра важна улога во способноста на младите луѓе за вреднување на локалните производи и локалната традиција. Квалитетот на образованието и доживотното учење може да ги намали нееднаквостите меѓу урбаните и руралните средини кои се големи во Македонија. Ситните земјоделци (особено во областите кои заостануваат) имаат најниско образовно и професионално ниво меѓу земјоделските производители. Во државата, покрај формалното средно и универзитетско образование, постои недостаток од дополнително (неформално) образование и обука за земјоделците. Постојните медиумски програми (радио и ТВ) во врска со земјоделството се ограничени во однос на траењето. Сепак, се јавува подобрување на информираноста на веб страните за земјоделство (сите официјални национални веб страни кои обезбедуваат корисни информации за земјоделските институции) и отварање на нови информативни блогови. Исто така, постои одреден број на програми за локалната култура и историја, особено за локалните јавни ресурси кои можат да го поттикнат и подобрат квалитетот на животот, но сепак може да се забележи тренд на зголемување на кампањи за промовирање на позначајните рурални средини.

Според пописот од 2002 година, само 3,6% од населението е неписмено. Неписмени мажи се 1,7%, додека 5,5% од жените се неписмени. Бројот на лица без образование во 2002 година изнесувал 67.358 односно 4,2%, а со некомплетно основно образование 219.507 односно 13,8%. Најголем дел од неписменото население се наоѓа во општините Новаци, Прилеп, Кавадарци, Богомила, Орашац, Клечевце и Старо Нагоричане.

Ниската стапка на образование во руралните области се должи на: „иселување на младо и способно население за работа, недостаток или мал број на образовни институции, недоволно грижа за подобрување на училишно образование на младото население, изолирање на неразвиените села и сл.”.

Образовниот проблем е очигледен меѓу невработените, бидејќи во 2010 година 10,97% од нив имаат високо или универзитетско образование; мнозинството (53,8%) имаат средно образование, а останатите 35,2% не поседуваат вештина. 17,9% од младата популација (на возраст 15-25 години) е невработена и учествува со 19% од невработените.



Образование во руралните средини

5.2. Вработување во земјоделството и руралните средини

Работната сила во земјоделството во Македонија главно се состои од труд на ниво на индивидуално земјоделско стопанство. Статистички, вработувањето во земјоделството се следи преку официјалните податоци за вработеност во земјоделските претпријатија и прехранбените капацитети и преку испитување на примерок на домаќинства - истражување на работна сила односно согласно методолошките препораки на Меѓународната организација на трудот (ИЛО) и препораките на Еуростат - Европско статистичко биро.

Достапната статистика не обезбедува адекватни детали за вработување во руралните области по гранки. Поголемиот дел од руралното население е ангажирано во земјоделскиот сектор (првенствено земјоделство во рамките на домаќинство) и други активности, доколку има. Земјоделските примања се со тенденција да бидат значително пониски од другите сектори и речиси половина од сите земјоделски работници се неплатени работници од членови на семејството.

Вработувањата во земјоделството, исто така, во голема мерка се сезонски. Извештајот на Светска Банка од 2005 година за оценка на сиромаштијата заклучува дека вработувањата во земјоделскиот сектор служат како социјален ублажувач и помагаат да се ублажи сиромаштијата и невработеноста, особено во време на висока стапка на невработеност надвор од фармата.

Споредбата на исклучително земјоделски домаќинства, мешани домаќинства (ангажирани во земјоделството на приватните имоти и каде што најмалку еден член од семејството е вработен вон земјоделството) и домаќинства без земјоделски имоти, покажува дека мешаните домаќинства имаат највисоки приходи, а потоа доаѓаат земјоделските домаќинства. Неземјоделските рурални домаќинства се најсиромашни. Студиите покажаа тренд кон диверзификација на неземјоделско вработување како резултат на економската потреба (во помала мерка, ставови кон земјоделството) и потврдуваат позитивна корелација меѓу приходот и бројот на неземјоделски дејности во кои се ангажираат домаќинствата.

Според ДЗС, во 2010 година активното население во Република Македониа брои 938 294 лица, од кои 68% се вработени, а 32% се невработени. Во земјоделскиот сектор се вработени 19,25% од населението, вклучувајќи ги и ловот, шумарството и рибарството. Околу 100.000 луѓе се вработени во земјоделството плус околу 20.000 кои се водат како повремени фармери и доста голем број сезонски работници (особено во секторот на зеленчук и овошје) за кои точен податок не постои.

Вработеност на населението

Опис	2006	%	2007	%	2008	%	2009	%	2010	%
Земјоделство, лов и шумарство, рибарство	114.777	20,1	107.717	18,3	119.749	19,7	116.668	18,5	116.995	19,25%
Вадење на руди и камен	3.861	0,7	5.093	0,9	6.680	1,1	4.253	0,7	4.389	0,67%
Преработувачка индустрија	123.066	21,6	126.193	21,4	128.953	21,2	126.779	20,1	128.787	19,52%
Снабдување со електрична енергија, гас и вода	15.955	2,8	15.636	2,7	15.516	2,6	15.296	2,4	15.542	2,36%
Градежништво	43.203	7,6	38.006	6,4	39.381	6,5	40.749	6,5	40.366	6,12%
Трговија	73.015	12,8	82.971	14,1	86.553	14,2	96.761	15,4	104.824	15,89%
Хотели и ресторани	19.034	3,3	17.486	3,0	19.117	3,1	21.193	3,4	21.573	3,27%
Сообраќај, складирање и врски	30.000	5,3	35.461	6,0	37.726	6,2	38.300	6,1	34.930	5,30%
Финансиски услуги	7.081	1,2	9.041	1,5	7.739	1,3	8.654	1,4	10.333	1,57%
Активности во врска со недвижен имот, изнајмување и деловни активности	15.376	2,7	15.909	2,7	16.298	2,7	19.560	3,1	21.038	3,19%
Јавна управа и одбрана; задолжителна социјална заштита	39.343	6,9	41.409	7,0	42.227	6,9	44.471	7,1	45.915	6,96%
Образование	33.394	5,9	34.367	5,8	33.615	5,5	37.433	5,9	39.914	6,05%
Здравство и социјална работа	32.584	5,7	32.947	5,6	32.906	5,4	35.905	5,7	36.283	5,50%
Други комунални, културни, општи и лични услужни активности	18.290	3,2	24.714	4,2	21.008	3,5	22.133	3,5	26.369	4,00%
Други	1.426	0,3	3.284	0,6	1.547	0,3	1.746	0,3	2.358	0,36%
Вкупно	570.405	100,0	590.234	100,0	609.015	100,0	629.901	100,0	659.5561	100,0

Извор: ДЗС, 2010

V. ВРЕДНОСТ НА ПРОИЗВОДСТВОТО НА ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ СЕКТОР

Производствените сметки на земјоделското производство во 2009 година изнесуваат 65.221 милиони денари. Најголем дел од вредноста на земјоделското производство (72,2%) отпаѓа на растителното производство, додека остатокот припаѓа на добиточното производство 27,5%, а само мал дел од 0,3% отпаѓа на услугите во земјоделството.

Вредност на земјоделското производство по тековни цени во 2009 година



Извор: ДЗС (ЕАА), 2011

Доколку се анализира по одредени земјоделски потсектори, тогаш може да се заклучи дека градинарските производи имаат најзначајно учество во вредноста на земјоделското производство (30,9% во 2009 година) со тенденција за натамошен развој. Во 2009 година, житата и овошјето имаат приближно учество во вредноста на вкупниот земјоделски производ (9-11%).

Учество на поединечните производи во вредноста на земјоделското производство изразено во %, по одделни години (2006 - 2009 година)

	2006	2005	2006	2007	2008	2009
РАСТИТЕЛНИ ПРОИЗВОДИ	**79,1**	**78,4**	**77,0**	**73,8**	**68,8**	**72,2**
Жита (вклучувајќи и семиња)	12,1	12,0	9,0	8,3	10,0	9,1
Индустриски растенија	5,8	9,2	7,3	6,5	4,3	7,3
Фуражни култури	10,8	10,3	8,8	6,6	6,6	6,5
Зеленчук	28,3	29,0	30,3	28,5	25,8	30,9
Компир (вклучувајќи и семиња)	3,6	2,9	4,3	2,8	2,1	3,0
Овошје	13,3	11,1	11,9	13,1	12,9	11,0
Вино	5,2	3,9	5,5	8,0	3,9	4,4
ДОБИТОЧНИ ПРОИЗВОДИ	**20,7**	**21,4**	**22,8**	**25,8**	**30,9**	**27,5**
Говеда	3,4	3,2	3,3	3,1	3,6	4,2
Свињи	3,7	3,4	3,2	4,9	4,3	4,4
Овци и кози	1,1	1,0	2,8	2,0	1,9	2,1
Живина	1,7	1,2	0,8	0,2	1,5	1,0
Млеко	7,5	9,5	10,0	12,7	17,6	13,7
Јајца	2,9	2,7	2,5	2,7	1,7	1,7
Други земјоделски производи	0,4	0,4	0,3	0,2	0,2	0,5
ПРОИЗВОДСТВО НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ	**99,8**	**99,8**	**99,7**	**99,6**	**99,6**	**99,7**
УСЛУГИ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО	**0,2**	**0,2**	**0,3**	**0,4**	**0,4**	**0,3**

Извор: ДЗС, 2007-2011

Во 2009 година вредноста на земјоделското производство е пониска за 10,9% во однос на претходната 2008 година, но споредена со просечната вредност на производството во периодот од 2005 до 2007 година бележи раст. Намалувањето на вредноста се јавува пред сé како резултат на опаѓање на добиточното производство за повеќе од 20%. Забележителен е растот на поддршката на земјоделскиот сектор, имено со зголемување на субвенциите за 84,4% во 2009 година, споредено со претходната 2008 година, односно скоро четирикратно зголемување во однос на периодот од 2005 до 2007 година. Субвенциите заземаат сé поголемо учество во претприемачкиот доход достигнувајќи 11,1% во 2009 година.

Вредноста на земјоделското производство по тековни цени (денари)

	Опис	Просек (2005 – 2007)	2008	2009	2009 (2008=100)
1.	Производство на земјоделската „деловна гранка“	64.553	78.061	69.543	89,1
А	Растително производство	48.032	52.483	49.104	93,6
Б	Добиточно производство	14.959	24.166	19.266	79,7
В	Субвенции на производи	802	1.816	3.349	184,4
Г	Услуги во земјоделството и неделиви секундарни активности	1.562	1.412	1.173	83,1
2.	Вкупна меѓуфазна потрошувачка	32.782	40.080	32.259	80,5
3.	Бруто-додадена вредност по основни цени	31.772	37.982	37.283	98,2
4.	Амортизација на основните средства	2.678	3.238	3.194	98,6
5.	Нето-додадена вредност по основни цени	29.093	34.744	34.089	98,1
6.	Други даноци на производството	67	59	56	94,9
7.	Други субвенции на производството	38	176	101	57,4
8.	Доход од производните фактори	29.064	34.861	34.134	97,9
9.	Средства на вработените	1.820	2.195	2531	115,3
10.	Платени наемнини	/	187	124	66,3
11.	Биланс на камати	/	-125	-264	211,2
12.	Претприемачки доход	27.063	32.353	31.216	96,5
13.	Субвенции како дел од претприемачки доход (%)	3,1	6,2	11,1	179,5

Извор: ДЗС, 2006-2011; Eurostat, www

Во текот на 2009 година забележителен е генерален пад на ценовните индекси, особено кај млекото за околу 30% и кај житата за околу 25% во однос на претходната 2008 година. Падот на ценовниот индекс се одразува со пад на вредносниот индекс кај житата, и покрај зголемувањето на обемот на производство за 5,1%. Кај млекото се забележува пад и на волуменскиот идекс за 3,5%. Значајни волуменски намалувања се среќаваат кај виното, кај живинарското производство и кај овошјето. Генерално, намалувањето на вредноста на земјоделската гранка во 2009 година главно се должи на намалувањето на ценовните индекси.

Промена на обемот, цената и вредноста на земјоделското производство (2009/2008 година)

Опис	Волуменски индекс	Ценовен индекс	Вредносен индекс
Жита	105,1	75,2	79,0
Индустриски растенија	144,0	102,4	147,4
Фуражни растенија	90,5	94,4	85,4
Градинарски производи	110,4	94,0	103,8
Компири	114,8	104,8	120,3
Овошје	72,6	102,0	74,1
Вино	52,1	105,8	55,1
Растително производство	95,4	98,1	93,6
Говеда	102,6	97,6	100,1
Свињи	84,6	106,1	89,7
Овци и кози	94,2	102,6	96,7
Живина	57,5	99,9	57,5
Млеко	96,5	70,1	67,6
Јајца	98,9	90,7	89,7
Добиточно производство	89,9	88,7	79,7
Услуги во земјоделството	75,5	100,1	75,6
Неземјоделски секундарни дејности (неделиви)	80,8	105,1	84,9
Производство на земјоделската „деловна гранка“	97,7	91,2	89,1

Извор: ДЗС, 2006-2011; Eurostat, www

Вредноста на меѓуфазната потрошувачка исто така бележи пад, пред сé како резултат на намалување на волуменските но и на ценовните индикатори. Во текот на 2009 година цените на семето и

посадочниот материјал, ветеринарните трошоци и трошоците за одржување на материјали и згради се стабилни, додека значителен пад има кај енергенсите и мазивата и кај добиточната храна. Волуменски гледано најзначајни намалувања на инпутите се јавуваат кај средствата за заштита и кај семето и посадочниот материјал.

Промена на обемот, цената и вредноста на меѓуфазната потрошувачка (2009/2008 година)

Опис	Волуменски индекс	Ценовен индекс	Вредносен индекс
Вкупна меѓуфазна потрошувачка	87,1	92,4	80,5
Семе и посадочен материјал	71,4	100,5	71,8
Енергија; Мазива	88,7	81,8	72,6
Ѓубрива	89,4	106,8	95,5
Средства за заштита на растенијата	61,3	103,3	63,3
Ветеринарни трошоци	90,0	99,8	89,8
Добиточна храна	90,2	85,6	77,1
Одржување на материјали	98,8	100,3	99,1
Одржување на згради	99,5	100,5	100,0
Услуги во земјоделството	74,0	102,2	75,6
Други производи и услуги	109,3	102,2	111,7

Извор: ДЗС, 2006-2011; Eurostat, www

Вкупната работна сила ангажирана во земјоделството изнесува 118 илјади годишни работни единици во просек за периодот 2004-2009 година, односно најмалку труд бил ангажиран во 2004 година (107 илјади годишни работни единици), а најмногу во 2008 година (130 илјади годишни работни единици). Околу половина од ангажираната работна сила во земјоделството е неплатена. Во 2009 година има 63 илјади годишни работни единици платена работна сила, наспроти 55 илјади единици неплатена работна сила.

Вкупна работна сила во земјоделството (1000 годишни работни единици)



Извор: ДЗС, 2006-2011

Претприемачкиот доход бележи раст во периодот 2004-2009 година со благо намалување во 2009 година. Реалниот доход од производните фактори по годишна работна единица следи нагорен тренд и во 2009 година изнесува 290.369 денари по тековни цени, односно е зголемен за 15,8% во однос на претходната 2008 година.

Движење на претприемачкиот доход и реалниот доход по работна единици (2005=100)

Извор: ДЗС, 2006-2011

Бруто маржи кај семејните фарми

Според податоците од Фарм Мониторинг Системот (ФМС) на АПРЗ, обработени од страна на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, просечната бруто маржа на примерокот на семејни фарми во земјата во периодот од 2005 до 2009 година изнесува 263.952 денари. Највисоки бруто маржи по стопанство се јавуваат во битолскиот и скопскиот регион. Бруто маржите во просек се движат од 36 илјади денари по стопанство кај фармите со големина под 1 ESU, до околу 2 милиони денари кај фармите со големина над 16 ESU.

Просечна бруто маржа по регион и по големина на стопанството (денари)

ФМС Регион	2005	2009	2005-09	Економска големина	2005	2009	2005-09
Битола	343.510	339.275	343.535	< 2 ESU*	41.820	31.281	36.391
Куманово	290.749	209.055	236.700	2-<4 ESU	217.949	203.883	205.626
Скопје	225.583	354.519	293.636	4-<8 ESU	404.442	408.525	397.033
Штип	181.514	234.214	210.013	8-<12 ESU	718.268	690.238	652.024
Струмица	234.351	163.786	245.405	12-<16 ESU	1.028.509	1.013.140	929.524
Тетово	209.167	127.104	157.600	> 16 ESU	1.897.208	2.067.265	1.842.297
Просек	259.323	259.837	263.952	Просек	259.323	259.837	263.952

Извор: ФЗНХ, 2011.

***ESU е единица мерка која се користи во EU FADN (1 ESU = 1200 евра бруто маржа)**

Гледано по хектар користена земјоделска површина, во периодот од 2005 до 2009 година во рамки на фармите вклучени во ФМС просечно е остварена бруто маржа од 84.942 денари/ha.

Просечна бруто маржа по регион и по хектар (денари)

ФМС Регион	2005	2009	2005-09	Економска големина	2005	2009	2005-09
Битола	84.655	71.162	89.309	< 2 ESU*	29.268	11.768	19.408
Куманово	50.300	31.343	39.165	2-<4 ESU	77.409	80.836	81.562
Скопје	122.335	134.722	102.550	4-<8 ESU	90.826	104.981	95.373
Штип	95.218	61.463	70.666	8-<12 ESU	101.104	152.343	124.047
Струмица	120.859	83.977	105.757	12-<16 ESU	418.093	71.810	135.512
Тетово	185.523	116.895	152.315	> 16 ESU	139.641	384.525	164.116
Просек	86.406	79.738	84.942	Просек	86.406	79.738	84.942

Извор: ФЗНХ, 2011.

*** ESU е единица мерка која се користи во EU FADN (1 ESU = 1200 евра бруто маржа)**

Во однос на типот на производството што во најголема мера е застапен на фармата, според податоците од ФМС фармите, највисока бруто маржа се јавува кај овчарските, мешаните и градинарските фарми, додека најниска е забележана кај лозарските фарми.

Просечна бруто маржа на стопанството по тип на фарма (денари)

Тип на фарма	2005	2009	2005-09	Тип на фарма	2005	2009	2005-09
Поледелска	66,951	58,349	174,668	Овчарска	351,591	605,420	440,743
Овоштарска	327,938	305,303	313,699	Говедарска	276,882	116,715	199,468
Лозарска	176,639	119,775	154,194	Мешана	333,820	440,066	337,958
Градинарска	328,089	304,700	326,993	Мешана сточарска	/	322,651	308,444
Мешана растителна	192,836	177,324	202,898	Просек	259,323	259,837	263,952

Извор: ФЗНХ, 2011

Вредноста на бруто маржата по фарма во рамки на примерокот се менува во текот на годините; околу една третина од фармите има вкупна бруто маржа на стопанството пониска од 100.000 денари, односно повеќе од половина од фармите имаат вкупна бруто маржа на стопанството пониска од 200.000 денари. Само 10% од фармите имаат вкупна бруто маржа на стопанството повисока од 700.000 денари.

Број на фарми во ФМС, групирани според висина на бруто маржата



Извор: ФЗНХ, 2011

VI. ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО, ПРЕРАБОТКА И ТРГОВИЈА

Развојот на земјоделството во Република Македонија ќе биде прикажан преку преглед на производството на земјоделски производи и нивната трговија во последните неколку години заклучно со 2010 година. Во прегледот ќе бидат опфатени и преработките од овошје и зеленчук..

1. Растително производство

Растителното производство е расчленето на пет главни групи: производство на житни, индустриски, фуражни и на градинарски култури, како и овоштарство и лозарство. Во 2010 година засеана е околу 67% од вкупната обработлива површина под ораници и бавчи. Во структурата на засеаната површина под ораници и бавчи (вкупно 277.000 ha), околу 59% отпаѓа на житните растенија, 18% на градинарските растенија, 13% на фуражните култури и 10% на индустриските растенија.



Извор: ДЗС, 2011

Овоштарниците се протегаат на површина од 14.000 ha, додека лозјата зафаќаат околу 21.000 ha. Според засеаната површина житните растенија имаат водечко значење, но сепак нивното учество во вредноста на растителното производство е само 12,6%. Најголемо учество во вредноста на растителното производство имаат градинарските растенија (47%), а потоа следи учеството на овошјето (15,2%).

1.1. Житни култури

Житните култури се стратешки земјоделски растенија за Република Македонија. Пченицата најмогу се одгледува во Пелагониискиот регион, а пченката во Полошкиот регион.

Извор: ДЗС, 2011

Во 2010 година, засеани се 162.028 ha со житни растенија. Приближно една половина од засеаната површина под житни растенија отпаѓа на пченицата. Потоа следи јачменот, кој зафаќа 27% од површината под жита, пченката (18%), а остатокот отпаѓа на ‘рж (2%), како и на ориз и овес кои заедно зафаќаат 4%.

Површините под житни култури во 2010 година се намалени за 9.7% во споредба со минатата година за сметка на зголемените површини под ориз, додека вкупното производството кај одделни житни култури е намалено, освен кај овесот и оризовата арпа.

Површини и производство на житни култури во Република Македонија, 2006-2010 година

Култури	2006	2007	2008	2009	2010
Засеана површина (хектари)					
Житни култури	187.880	180.592	176.686	179.421	162.028
Пченица	99.080	91.977	86.890	88.256	79.946
Јачмен	48.272	48.390	48.753	48.756	42.959
‘Рж	3.941	4.074	3.928	3.777	3.590
Овес	2.162	2.557	2.876	2.770	2.763
Пченка	31.900	31.069	31.582	32.737	28.644
Ориз	2.525	2.525	2.657	3.125	4.126
Производство (тони)					
Пченица	293.326	218.076	291.719	271.117	243.137
Јачмен	135.053	106.635	162.779	146.372	126.315
‘Рж	8.631	6.735	9.912	9.089	8.850
Овес	3.736	3.449	5.289	4.960	5.479
Пченка	147.494	118.378	127.125	154.237	129.045
Ориз	13.949	15.355	16.140	19.870	25.700
Приноси (тони/хектар)					
Пченица	3,0	2,4	3,4	3,1	3,0
Јачмен	2,8	2,2	3,4	3,0	3,0
‘Рж	2,2	1,7	2,5	2,5	2,5
Овес	1,7	1,4	1,9	1,8	2,0
Пченка	4,6	3,8	4,1	4.8	4,5
Ориз	5,5	6,1	6,2	6,4	6,2

Извор: ДЗС, 2006-2010

Генерално, постојат разлики во постигнатите приноси кај земјоделските претпријатија и кај индивидуалните земјоделски производители во Република Македонија, како што е кај **пченката** (приносот кај индивидуалните стопанства изнесува 4,3 тони/ha, додека претпријатијата остваруваат повисок принос од 8,4 тони/ха), кај **оризот** (приносот на ориз кај индивидуалните стопанства изнесува 6,3 тони/ha, додека претпријатијата остваруваат понизок принос од 4,7 тони/ha) и кај **јачменот** (приносот кај индивидуалните стопанства изнесува 3,0 тони/ha, додека претпријатијата остваруваат понизок принос кој изнесува 2,2 тони/ha).

Просечните приноси на **пченица** генерално се ниски во споредба со ЕУ, како резултат на несоодветната примена на агро-хемиски мерки, користење на несертифицирани ниско-приносни семиња, недоволна влажност на почвата (неадекватно наводнување), неадекватна примена на агротехнички мерки (плодоред, сеидба надвор од оптималниот рок и сл.) и застарена механизација за обработка на почвата, жетвата и транспортот (што предизвикува загуба во жетвата и постжетвениот период).

Просечен принос и цена на пченица во ЕУ, 2008-2009 година

	Приноси на пченица (тон/хектар)		Цена на пченица (€/тон)	
	2008	2009	2008	2009
ЕУ	5,8	5,3	205	129
ЕУ-15*	6,3	6,1	210	139
ЕУ-10**	5,1	4,9	209	120
ЕУ-2***	5,3	3,7	191	112

Извор: Европска комисија, 2010

*** ЕУ-15 го сочинуваат земјите кои се членови на Европската Унија пред 2004 година.**

**** ЕУ-10 го сочинуваат земјите кои се членови на Европската Унија од 2004 година.**

***** ЕУ-2 го сочинуваат земјите кои се членови на Европската Унија од 2007 година.**

Во 2010 година од домашните производители откупени се околу 38,5% од произведената пченица по просечна цена од 10,5 МКД/kg; 7,4% од произведениот јачмен по просечна цена од 7,7 МКД/kg; 4,4% од произведената пченка по просечна цена од 10,5 МКД/kg и 6,3% од произведениот ориз по просечна цена од 35,4 МКД/kg.

Откуп на житни култури, 2006-2010 година

	2006		2007		2008		2009		2010	
	откуп во тони	% од вк. произв.	откуп во тони	% од вк. произв.	откуп во тони	% од вк. произв.	откуп во тони	% од вк. произв.	откуп во тони	% од вк. произв.
Пченица (вклуч. семенска)	132.688	45,2	94.652	43,4	92.018	31,5	138.089	49,3	93.638	38,5
Р'ж	713	8,3	34	0,5	2	0,1	45	-	89	1,0
Јачмен (вклуч. пиварски)	15.965	11,8	22.118	20,7	12.394	7,6	8.546	5,8	9.445	7,4
Овес	1	0,02	2	0,1	0	0,0	28	0,0	392	7,1
Пченка во зрно (вклуч. семенска)	4.575	3,1	1.171	1,0	843	0,7	3.475	1,1	5.657	4,4
Ориз	959	6,9	1.237	8,1	2.432	15,1	2.847	4,1	1.627	6,3

Извор: ДЗС, 2006-2011

Во 2010 година, паричните издатоци за лична потрошувачка на производи од жито изнесуваат во просек 23.184 МКД по домаќинство. Земјоделските домаќинства конзумираат повеќе производи од жито од неземјоделските домаќинства. Земјоделското домаќинство во просек троши 710,5 kg храна од жито на годишно ниво (или 177 kg/член на домаќинство, доколку се смета дека во просек домаќинствата бројат четири члена), а неземјоделските домаќинства околу 434,7 kg (или 108,7 kg/член на домаќинство).

1.2. Индустриски култури

Кај индустриските култури преовладува **тутунот** како многу значајна трудоинтензивна култура во подрачјата со отежнати услови за земјоделско производство. Од вкупните засеани површини под индустриски култури 82% отпаѓаат на тутунот. Најмногу тутун се одгледува во Пелагонискиот и Југоисточниот регион. Примарното производство на ориенталските ситнолисни ароматични тутуни има големо економско и социјално значење за Република Македонија, бидејќи земјата е традиционален производител на ваквиот вид на тутун. Во изминатиот период се одгледувале и тутуни од типовите „вирџинија“ и „берлеј“. Тој е и еден од главните извозни производи. Македонскиот ориентален тутун, поради својот висок квалитет е многу ценет на меѓународниот пазар и заедно со тутунските производи претставува значаен извозен производ. Денес над 99% од вкупното производство на тутун е ориентирано кон барањата на мултинационалните компании кои преку свои регистрирани фирми за откуп на суров тутун го обезбедуваат пласманот на ферментираниот тутун.

Во 2010 година, индивидуалните земјоделски домаќинства остариле повисок принос на тутун (1492 kg/ha) од земјоделските претпријатија и задруги (1000 kg/ha), додека претходните две години се јавува обратна ситуација.

Од реколта 2010 откупени се 26.212 тони тутун во споредба со реколта 2009 година кога се откупени 20.592 тони. Просечната откупна цена е 136,91 денари за килограм откупен тутун. Исто така, субвенцијата за реколта 2010 година е 60,00 денари за килограм предаден тутун во откупните тутунски претпријатија.

Според класификацијата за индивидуална потрошувачка по намена, тутунот учествува со 2,3% во структурата на индивидуалната потрошувачка на домаќинствата (пресметано по расходен метод за бруто-домашниот производ).

Откуп на тутун, 2006-2010 година

	Количество на откуп (во тони)	Вредност (во илјада МКД)	Цена по kg	Висина на фин. поддршка за откупен тутун (МКД/kg)
2006	24.787	3.107.206	125,36	15,00
2007	20.522	2.374.698	115,71	30,00
2008	16.630	2.507.472	150,78	45,00
2009	20.592	4.109.525	199,57	60,00
2010	26.212	3.588.685	136,91	60,00

Извор: ДЗС, 2011; *МЗШВ, 2011



Извор: ДЗС, 2011

Според Земјоделскиот попис од 2007 година, 26.341 индивидуални земјоделски домаќинства произведуваат индустриски култури, од кои најголем дел производители, 46%, се наоѓаат во Пелагонискиот регион. **Сончогледот** се одгледува на околу 16,4% од засеаните површини во земјата, а **афионот** на 1,7%. **Шеќерната репа** која беше со опаѓачки тренд до 2008 година, како последица на несоодветната политика, ниските цени и увозот на нерафиниран шеќер, во 2008, 2009 и 2010 година не се засади.

Засеани површини и производство на индустриски култури, 2006-2010 година

	2006	2007	2008	2009	2010
Засеана површина (илјада хектари)					
Шеќерна репа	0,01	0,24	0	0	0
Тутун	17,50	17,20	17,10	17,81	20,30
Сончоглед	3,70	3,70	5,00	4,21	4,06
Афион	0,14	0,24	0,22	0,62	0,41
Производство (тони)					
Шеќерна репа	0,4	7,9	0	0	0
Тутун	25,0	22,1	17,1	24,1	26,2
Сончоглед	6,0	3,6	5,4	7,8	7,6
Афион семе	0,1	0,2	0,2	0,5	0,3
Принос (тон/хектар)					
Шеќерна репа	59,3	32,6	0	0	0
Тутун	1,4	1,3	1,0	1,4	1,5
Сончоглед	1,6	1,0	1,2	1,9	1,9
Афион семе	0,6	0,7	0,8	0,8	0,7

Извор: ДЗС, 2006-2011

Кај тутунот се забележува значително зголемување на производството за околу 6.000 тони. Приносите кај останатите индустриски култури се релативно стабилни.

Производството на главните маслодајни култури (**сончоглед** и **маслодајна репка**) во последните години се наоѓа во значителен развој во однос на засадените површини и приноси, поради нивната повеќенаменска употреба (масло за јадење, маслени пити како добиточна храна, производство на био-дизел и добиточна храна од маслодајната репка). Исто така, маслодајните култури создаваат можности за плодоред и овозможуваат подобро искористување на капацитетите на постојната преработувачка индустрија.

Сончогледот главно се одгледува во Пелагонискиот регион (50-70%), а по него следуваат Североисточениот и Вардарскиот регион. Во 2010 година беше засеан на површина од 4.061 ha и бележи намалување на површината од 3.6% во однос на 2009 година. Од сончогледот, кој беше ожнеан на 4.029 ha, се оствари вкупно производство од 7.592 тони. Приносите на сончоглед во 2010 година се исти како во претходната година. Како главни производители на сончоглед во земјата се јавуваат земјоделските

претпријатија и задруги, додека само 9% од оствареното производство доаѓа од индивидуалните земјоделски стопанства.

Годишните потреби од масло за јадење се околу 25.000 тони од кои само 10% се обезбедуваат од домашно производство. Недостигот од суровина за производство на масло за јадење се надополнува со увоз на сурово масло, кое потоа се рафинира во повеќе приватни фирми во земјата.

Во 2010 година со **афионово семе** засеана е површина од 413 ha и исто толку е ожнеана. Остварено е производство од 297 тони и вкупен принос од 719 kg/ha. Афион (семе) се произведува исклучително од страна на индивидуалните земјоделски стопанства. Афионот претежно се одгледува како есенска култура во централниот и јужниот дел од земјата. Нашата земја, како традиционален производител на опиумски афион, согласно со меѓународниот договор има право да одгледува афион за производство на суров опиум во определени количества. „Алкалоид"- АД Скопје е единствениот индустриски капацитет, кој организира и контролира откуп и преработка на афионовите чушки.

Површини и производство на афион (чушки), 2006-2010 година

Година	2006	2007	2008	2009	2010
Површина во хектари	533,9	534,0	534,0	675,0	654,3
Производство на чушки (во тони)	99,4	95,9	119,0	147,0	88,2
Принос на чушки во kg/ha	186,1	179,6	223,0	145,5	134,9
Принос на семе во kg/ha	617	682	800	867	754

Извор: АД Алкалоид-Скопје, 2010

1.3. Фуражни култури

Фуражните култури се застапени во сточарско-развиените подрачја. Недостатокот од фуражни култури и добиточна храна (а оттука и нивната висока цена) е еден од главните ограничувачки фактори за развојот на сточарството што негативно се одразува на трошковната структура на производството на месо и млеко.



Извор: ДЗС, 2011

Фуражните растенија во 2010 година опфаќаат само 5,8% од вкупната обработлива површина во земјата. Ова претставува многу ниско учество за разлика од земјите со развиена сточарска индустрија каде овој удел изнесува околу 40%. Една од причините за ваквата состојба е недостатокот од доволно земја за обработка по сточарска фарма и малите парцели на кои е непрофитабилно да се одгледуваат фуражни растенија.

Најголем удел во засеаната површина под фуражни растенија бележи луцерката со 65% учество. Останатите фуражни култури учествуваат со значително помал удел. Оттука, производството на луцерка во земјата е од доминантно значење во однос на фуражното производство.

Производството на фуражни култури главно се одвива кај индивидуалните земјоделски стопанства кои остваруваат и поголеми приноси од земјоделските претпријатија, освен за луцерка, граор за сено и крмна пченка. Особено за производството на граор и крмна пченка, земјоделските претпријатија имаат развиени нови технологии со кои видно го надминуваат приносот остварен од страна на индивидуалните производители.

Во 2010 година може да се забележи благо зголемување на површините под детелина и крмна пченка, додека приносите кај луцерката и граорот-сено се намалени во споредба со минатата година.

Производство на фуражни култури, 2006-2010 година

	2006	2007	2008	2009	2010
Ожнеана површина (ha)					
Фуражни култури (Вкупно)	28.472	29.294	28.543	29.680	29.730
Детелина	3.618	2.911	2.920	3.011	3.046
Граор-Сено	2.399	2.418	2.456	2.557	2.447
Луцерка	18.114	19.369	18.808	19.573	19.408
Добиточен грашок-сено	1.418	1.312	1.308	1.729	1.829
Фуражна пченка	2.241	2.627	1.825	2.249	2.487
Добиточна репа	435	420	479	561	513
Производство (тони)					
Детелина	16.951	11.921	12.441	12.684	13.657
Граор-Сено	10.822	9.461	9.656	10.327	7.792
Луцерка	125.832	114.130	119.153	126.112	124.145
Добиточен грашок-сено	6.624	3.662	4.605	5.431	5.863
Фуражна пченка	48.916	62.701	37.144	61.558	64.870
Добиточна репа	5.754	5.453	6.270	6.219	5.754
Приноси (тон/ha)					
Детелина	4,7	4,1	4,3	4,2	4.484
Граор-Сено	4,5	4,0	3,9	4,0	3.184
Луцерка	6,9	6,1	6,3	6.4	6.397
Добиточен грашок-сено	4,7	2,8	3,5	3,1	3.206
Фуражна пченка	21,8	23,9	20,4	27,4	26.084
Добиточна репа	13,2	13,0	13,1	11,0	11.217

Извор: ДЗС, 2006-2011

Фуражните култури подлежат на мерки на политиката чија цел е првенствено да ја зголемат понудата на добиточна храна. Конкретно, мерката се однесува на развојот на вештачки ливади преку сеење на еспарзета на ливадите.

1.4. Градинарски култури

Одгледувањето на градинарски култури е традиционално во земјата. Раниот зеленчук особено е еден од позначајните под-сектори кои нудат солидна основа за понатамошен конкурентски развој на земјоделство. Обемот на производство на градинарските култури се движи од 800 илјади тони до 1.200 илјади тони, во зависност од климатските погодности во одредени години.

Производството на градинарски култури на отворено е лоцирано претежно во јужните делови на земјата со медитеранска клима (Струмица, Гевгелија, Валандово) како и во источните и северните делови на Македонија (Скопје, Куманово, Кочани, Радовиш) со средна континентална клима. Градинарското производство во стакленици е високо-профитабилно поради неговото рано прибирање во месец јануари (еден месец пред жетвата кај нашите соседни држави), поради што и производите имаат високи цени се до периодот април/мај.

Климатските услови во Република Македонија овозможуваат успешно производство на повеќе видови зеленчук. Најзастапени се: компирот (22%), доматите (18%), пиперките (18%), зелката (16%), бостанот (14%), краставиците (5%) и кромидот (5%), кои се произведуваат претежно на отворено поле (91%). Овие култури традиционално се произведуваат во Република Македонија заедно со останатите градинарски култури како: грав, лук, праз, карфиол, марула, модар патлиџан, морков, итн. Во последните години земјоделските производители воведуваат и нови не-традиционални култури како што се: брокола, аспарагус, кинеска зелка и други.

Градинарското производството се одвива главно на отворено поле (91%), во стакленици, како и под пластеници, со и без греење.

Извор: ДЗС, 2011

Најголема обработлива површина од градинарското производство зафаќаат компирот и гравот, кои главно се произведуваат од страна на индивидуалните земјоделски стопанства, коишто остваруваат и значително производство на пиперки, домати, бостан и зелка.

Површина и производство на градинарски култури, 2006-2010 година

Градинарски култури		2006	2007	2008	2009	2010
Компир (вклучително и меѓупосев)	Ожнеана површина (ha)	13.598	14.005	13.781	13.893	13.398
	Производство, тони	189.867	180.887	189.430	207.153	202.325
	Принос (тон/ha) – без меѓупосев	14,0	12,9	13,7	14,9	15,4
Грав (вклучително и меѓупосев)	Ожнеана површина (ha)	14.454	13.727	13.621	13.880	13.285
	Производство, тони	14.854	10.947	12.800	12.751	12.070
	Принос (тон/ha) - без меѓупосев	1,0	0,8	0,9	0,9	1,2
Зелка	Ожнеана површина (ha)	3.565	3.996	4.147	4.486	4.695
	Производство, тони	77.850	86.226	93.876	112.130	149.157
	Принос (тон/ha)	21,8	21,6	22,6	25,0	31,8
Домати	Ожнеана површина (ha)	5.642	5.368	5.319	5.731	5.665
	Производство, тони	142.387	117.981	121.637	145.395	168.010
	Принос (тон/ha)	25,2	22,0	22,9	25,4	29,6
Кромид	Ожнеана површина (ha)	3.029	3.131	3.182	3.361	3.544
	Производство, тони	33.853	33.524	34.934	41.863	47.432
	Принос (тон/ha)	11,2	10,7	11,0	12,5	13,4
Бостан	Ожнеана површина (ha)	6.466	6.152	6.211	5.977	5.732
	Производство, тони	129.564	123.840	129.288	123.939	134.885
	Принос (тон/ha)	20,0	20,1	20,8	20,7	23,5
Пиперки	Ожнеана површина (ha)	8.313	8.331	8.199	8.438	8.474
	Производство, тони	140.905	140.558	141.729	154.771	168.150
	Принос (тон/ha)	16,9	16,9	17,3	18,3	19,8
Лук	Ожнеана површина (ha)	964	1.013	1.003	1.060	996
	Производство, тони	3.814	3.754	4.604	5.803	5.015
	Принос (тон/ha)	4,0	3,7	4,6	5,5	5,0
Грашок	Ожнеана површина (ha)	895	901	963	1.060	1.568
	Производство. Тони	1.723	1.872	2.448	3.022	2.789
	Принос (тон/ha)	1,9	2,1	2,5	2,9	1,8
Леќа	Ожнеана површина (ha)	103	102	96	82	72
	Производство. Тони	86	87	85	69	90
	Принос (тон/ha)	0,8	0,9	0,9	0,8	1,2
Краставици	Ожнеана површина (ha)	1.430	1.478	1.392	1.351	1.266
	Производство. Тони	39.320	39.156	40.620	41.494	46.635
	Принос (тон/ha)	27,5	26,5	29,2	30,7	36,8

Извор: ДЗС, 2006-2011

Доколку се спореди вкупното производство на градинарски култури во 2010 година во обем од 936.558 тони, со минатата година во обем од 847.870 тони, може да се забележи дека производството е зголемено за 10,46%, освен кај компирот, гравот, лукот и грашокот. Иако годишното производство на компирот и гравот е намалено во споредба со претходната година, сепак нивниот просечен принос е зголемен. Просечниот принос на компири во 2010 година е 3% зголемен во однос на 2009 година.

Компирите се најраширени во ридско-планинските региони (Берово, Кратово и Крива Паланка). Се проценува дека околу 50% се консумираат на ниво на домаќинство, додека остатокот се продава на угостителски објекти и преработувачката индустрија. Оваа година вкупното производство на компири е намалено за 2% за разлика од претходната година и вклучувајќи го и меѓупосевот изнесува 202.325 тони.

Околу 80% од производството на **домати** се одвива во југо-источниот и повардарскиот регион, односно во регионот на: Струмица, Валандово, Гевгелија, Дојран, Кавадарци, Демир Капија, Велес и Свети Николе. Во 2010 година производството на домати е зголемено за 15%, во однос на претходната година за сметка на зголемениот просечен прино (5% зголемување во однос на 2009 година).

Производството на **пиперки** најчесто се сретнува во: Струмичкиот, Радовишкиот, Полошкиот, Скопскиот и Кумановскиот реон. Вкупното производство на пиперки во 2010 година изнесува 168.150 тони и претставува зголемување од 8,6% во однос на претходната година. Освен за потрошувачка во свежа состојба, пиперките во голем дел се користат и во преработувачката индустрија (индустриски пиперки), во прв ред, „Куртовска капија“, која е најбарана пиперка од преработувачката индустрија поради нејзиниот квалитет за конзервирање и преработка во ајвар. Ајварот е еден од најбараните производи со потекло од Република Македонија. Индустриските пиперки се произведуваат како доцни посеви.

Производството на **бостан** во 2010 година е намалено за 8.8% во однос на 2009 година, поради тоа што е засеан на помала површина, како последица на проблемите при продажбата во минатата година.

Гравот е најзастапен во Полошкиот регион со домашната сорта Тетовски грав, кој е познат и надвор од границите на земјата. Производството претежно е наменето како меѓупосев во комбинација со пченка. Меѓупосевот на грав зафаќа 40% од вкупните површини под грав. Во 2010 година производството на грав е благо намалено во однос на производството од минатата година и изнесува 12.070 тони.

Во 2010 година, ожнеана е 3.706 ha **зелка** и дополнително 989 ha како меѓупосев. Годишното производство е значително зголемено во однос на претходната година.

Раноградинарското производство се одвива во затворени, односно заштитени простори под стакло и пластеници, на вкупна површина од приближно 4.048,3 ha, од кои околу 216,3 ha се инсталирани капацитети под стакло и околу 3.832 ha под пластеник. Раноградинарското производство во 2010 година се карактеризира со намалување на површините под оранжерии освен кај благиот пипер и зголемување на вкупното производство поради остварените повисоки приноси.

Површина и производство на градинарски култури (под оранжерии и стакленици), 2006-2010 година

		2006	2007	2008	2009	2010
Домати	**Површина (ha)**	120,0	121,0	140,6	154,0	148,8
	Производство (тони)	12.580	14.960	14.952	12.360	16.464
Краставици	**Површина (ha)**	42,5	50,4	54,0	55,8	52,7
	Производство (тони)	7.100	8.860	9.812	6.748	8.661
Лути пиперки*	**Површина (ha)**	4,0	2,5	2,5	2,6	1,2
	Производство (во илјада броја)	3.800	2.700	2.500	2.600	1.200
Благ пипер	**Површина (ha)**	1,5	3,8	3,8	5,0	10,1
	Производство (тони)	75.0	65.0	147,0	62,0	548,0
Зелка	**Површина (ha)**	-	17,0	15,0	19,0	15,7
	Производство (тони)	-	850,0	700,0	487,0	660,0

Извор: МЗШВ, 2006-2010

***Производството е изразено во тони, освен за лутите пиперки чиешто производство е изразено во илјада броја.**

Производство на градинарски култури - доцни посеви го опфаќа пластеничкото производство и производството на отворено.[2] Кај доцните посеви, во 2010 година во однос на минатата година, помало производство е остварено кај пиперката и бостанот, за сметка на намалените површини и намалениот принос.

Производство на градинарски култури – доцни посеви, 2007-2010 година

		2007	2008	2009	2010
Домати	**Површини (хектари)**	5.280	4.613	4.689	4.917
	Производство (тони)	122.795	113.944	109.234	135.548
	Принос (тон/ha)	20,3	24,7	23,2	27,5
Пиперка	**Површини (хектари)**	6.567	5.980	4.995	4.257
	Производство (тони)	108.922	114.040	114.839	82.461
	Принос (тон/ha)	15,2	19,0	23,0	19,4
Индустриска пиперка	**Површини (хектари)**	2.035	2.438	1.958	2.745
	Производство (тони)	39.600	46.808	42.048	69.202
	Принос (тон/ha)	15,9	19,2	24,0	25,2
Бостан	**Површини (хектари)**	5.891	5.751	5.560	4.855
	Производство (тони)	150.069	132.310	220.640	130.704
	Принос (тон/ha)	23,8	23,0	39,7	27,0
Компир	**Површини (хектари)**	11.060	11.144	11.022	10.664
	Производство (тони)	227.868	206.592	211.394	228.865
	Принос (тон/ha)	17,5	18,5	19,2	21,5
Грав	**Површини (хектари)**	11.224	9.647	10.743	10.909
	Производство (тони)	11.020	10.226	9.142	9.596
	Принос (тон/ha)	0,8	1,06	0,9	0,9

Извор: МЗШВ, 2006-2010

1.5. Овоштарство

Овоштарството и лозарството се потсектори со значителен потенцијал, меѓутоа не се доволно искористени. Главната причина за тоа се: несигурниот откуп, пласман и ниските инвестиции. Исто така, домашната преработувачка индустрија за овошје е релативно мала и недоволно развиена (без современа технологија на производство), а пазарите за овие производи се ограничени.

Овошјето е најзастапено во западните делови на земјата коишто се карактеризираат со влажни климатски услови. Површината под овоштарници изнесува 14.000 ha и зафаќа 2,7% од вкупната обработлива површина. Овоштарското производство главно е застапено кај индивидуалните земјоделски стопанства, со исклучок на производството на вишни кое најмногу е застапено кај земјоделските претпријатија и задруги, поради тоа што вишните во целост се користат во преработувачката индустрија.

Производството на **јаболки** е главна гранка од овоштарскиот сектор во Република Македонија и зафаќа 63% од вкупното производство на овошје. Производството на **сливи** е второ по значење во овој подсектор и се карактеризира со зголемено производство во 2010 година (7,9% зголемување во однос на минатата година). Понатаму, **вишните** опфаќаат околу 3% од вкупното производство на овошје, крушките 4%, а другите овошни видови (кајсии, праски, дуњи, и др.) околу 10%. Во 2010 година, зголемување на производството е забележано кај сливите, црешите, кајсиите и јаболката.

Најзначајни реони за производство на **јаболка** се езерските (Ресенско-Охридски) реони кои се на надморска височина од околу 700 метри, каде се произведуваат 90% од вкупните количества на јаболка во Република Македонија. Од сортиментот најзастапени сорти на јаболки се: Ајдаред со околу 63%, Златен делишес - 20%, Црвен делишес - 10% и други сорти со околу 7%.

Производството на јаболки во 2010 година изнесува 121.383 тони и претставува зголемување од 14% во однос на минатата година. Од вкупното количество, 85.648 тони се произведени во Охридско-Преспанскиот реон, а останатите 35.735 тони во другите реони.

Во однос на приносот на јаболките, 2008 година се оценува како многу родна мерено во квантитет и во квалитет. Од вкупните набрани количества на јаболки, околу 70% се од прва и екстра класа

[2] Се однесува на бербата после 14 април од тековната година.

додека околу 30% се индустриски јаболки и втора класа. Но, во 2009 година производството на јаболки е дури помало од оствареното во 2007 година. Сепак, во 2010 година имаме повторно зголемување на произведени јаболка. Околу 25% од вкупното производство на јаболки се пласира на домашен пазар додека останатиот дел од 75% се преработува или продава на странските пазари.

Производство на овошје, 2006-2010 година

Производство на овошје			2006	2007	2008	2009	2010
Број на стебла, во илјади	Вкупно	Крушки	441	415	403	395	384
	Родни		417	382	380	371	366
Производство	Вкупно (тони)		9.728	8.235	8.26	8.313	7.586
	kg/стебло		23	22	22	22	21
Број на стебла, во илјади	Вкупно	Череши	161	169	171	172	192
	Родни		151	160	163	164	182
Производство	Вкупно (тони)		4.646	4.966	5.631	5.587	5.701
	kg/стебло		31	31	35	34	31
Број на стебла, во илјади	Вкупно	Кајсии	161	149	148	144	150
	Родни		145	137	137	135	134
Производство	Вкупно (тони)		3.561	3.531	3.706	2.95	2.996
	kg/стебло		25	26	27	22	22
Број на стебла, во илјади	Вкупно	Јаболки	4.31	4.412	4.512	4.397	4.491
	Родни		3.803	3.942	4.154	4.049	4.313
Производство	Вкупно (тони)		95.826	152.089	174.315	106.356	121.383
	kg/стебло		25	39	42	26	28
Број на стебла, во илјади	Вкупно	Сливи	1.52	1.499	1.53	1.576	1.601
	Родни		1348	1337	1354	1400	1.438
Производство	Вкупно (тони)		29.745	27.773	32.826	35.61	38.431
	kg/стебло		22	21	24	25	27
Број на стебла, во илјади	Вкупно	Вишни	909	1.06	926	1.049	696
	Родни		765	932	773	804	494
Производство	Вкупно (тони)		6.037	7.034	8.832	8.684	5.207
	kg/стебло		8	8	11	11	11
Број на стебла, во илјади	Вкупно	Праски	518	478	454	597	505
	Родни		435	407	405	396	452
Производство	Вкупно (тони)		10.532	10.461	11.252	10.266	10.211
	kg/стебло		24	26	28	26	23

Извор: ДЗС, 2007-2011

1.5.1. Преработка на овошје и зеленчук

Преработувачката индустрија на овошје и зеленчук е ориентирана кон извоз (80% од вкупното производство) на пазарите на ЕУ и на соседните пазари. Податоците се базираат врз Студијата на Македонската асоцијација на преработувачи на овошје и зеленчук (МАП) од 2011 година.

Иако повеќето преработувачки претпријатија можат да преработуваат и овошје и зеленчук, сепак преработените количества на овошје се симболични. Според класификацијата: 22 претпријатија преработуваат само зеленчук (19 во 2009 година), 4 се занимаваат само со преработка на овошје, додека 17 претпријатија ги преработуваат двете групи на земјоделски производи (20 во 2009 година). Општо земено 91% од сите активности опфаќаат преработка на зеленчук, додека само 9% преработка на овошје.



Извор: МАП, 2010

Во 2010 година преработката на зеленчук е доминантна активност кај 51% од сите преработувачки капацитети. Во однос на типот на преработувањето, најголем дел од преработувачите (односно 29 преработувачки капацитети) се занимаваат со конзервирање, само 2 субјекта се капацитети за сушење (исто како 2009 година), а 7 субјекти се капацитети за замрзнување (во 2009 година, бројот изнесуваше 6), додека останатите 5 имаат комбинирани производствени линии (во 2009 година, бројот изнесуваше 7).

1.5.1.1. Откуп на суровини

Во 2010 година, откупот на суровини изнесува 69,4 илјади тони и е за 3,4% поголем во споредба со 2009 година.

Откуп на суровини од страна на преработувачката индустрија, 2009 - 2010 година

Суровина	Откуп во 2009 (во 1000 t)	% од вкупното	Откуп во 2010 (во 1000 t)	% од вкупното
Црвени пиперки (капија)	29,7	44,1	32,9	47,4
Бели пиперки	1,0	1,5	1,2	1,7
Гамби	0,7	1,1	1,6	2,3
Феферони	2,0	3,0	2,1	3,0
Корнишони	2,7	4,1	3,5	5,1
Цвекло	2,7	4,1	1,5	2,2
Модар патлиџан	3,2	4,8	3,0	4,3
Зелка	2,9	4,3	2,5	3,6
Моркови	0,9	1,3	0,3	0,4
Индустриски домати	4,9	7,3	8,4	12,1
Кромид	1,4	2,1	1,3	1,9
Вишни	3,2	4,8	2,4	3,5
Сливи	0,9	1,3	1,6	2,3
Индустриски јаболки	1,7	2,5	1,5	2,2
Друго	9,2	13,7	5,6	8,0
Вкупно	**67,1**	**100**	**69,4**	**100**

Извор: МАП, 2010

Во 2010 година, индустријата откупила вкупно 63,2 илјади тони зеленчук (или 91%) и 6,2 илјади тони овошје (или 9%) за преработувачки цели, од што на црвената индустриска пиперка (Куртовска капија) како најважната суровина за преработувачката индустрија, отпаѓа 47,4% од вкупно откупеното количество на овошје и зеленчук. Освен вишните кои се многу баран производ од странските купувачи, останатиот дел од откупот на овошје за преработка е симболичен.

Преработувачките капацитети откупиле 22 илјади тони на свежи производи директно од индивидуалните производители (или 31,7 %), додека 35 илјади тони се откупени од трговци/посредници (или 50,7%). Земјоделските задруги ја снабдиле индустријата со само 1,8 илјада тони или 2,6%, додека останатите 9,5 илјади тони на свежо овошје и зеленчук (или 15.2%) биле обезбедени од земјоделските фирми.

1.5.1.2. Производство на преработено овошје и зеленчук

Во периодот 2004-2010 година индустријата бележи постојан раст во производството како резултат на зголемената побарувачка за македонските преработки од страна на странските купувачи, со исклучок на 2009 година, каде што има намалено производство во споредба со минатата година, главно како резултат на глобалната економска криза. Таа негативно влијаеше на домашните преработувачи и се карактеризираше со намалени или откажани нарачки, одложени наплати на побарувањата и намалување на обртниот капитал користен за откуп на свежи производи за преработка, како и за други инпути.

Производството од преработувачката индустрија во 2010 година изнесува 47,6 илјади тони, што е за 1,7 илјади тони повеќе споредено со минатата сезона (или +3,7%). Производите од пиперка доминираат во вкупното производство. Главни карактеристики на сезоната од 2010 година беа поволните временски состојби, но веќе елаборираните недостатоци не им дозволија на преработувачките капацитети во целост да ги искористат потенцијалите на домашното производство на суровини и да ги оптимизираат своите производствени планови. Конзервната компонента имаше највисоко учество во севкупното производство на преработени производи во 2010 (исто како и во 2008 и 2009 година). Според истражувањето, најмногу произведуван е индустриски ајвар (21.6% во вкупното производство), па потоа следат: смрзнати пиперки, корнишони, печени пиперки, итн. Производството на замрзнати пиперки во 2010 година е многу зголемено и изнесува 5.3 илјади тони, во споредба со 2.8 илјади тони во 2008 година.

Производство од преработени овошје и зеленчук, 2003-2010 година

Година	Вкупно производство ('000 t)	Зголемување во '000 t (споредено со минатата година)	Зголемување во % (верижен индекс)
2004	25,7	4,7	+22,4
2005	28,2	2,5	+9,7
2006	43,6	15,4	+54,6
2007	45,1	+1,5	+3,4
2008	54,2	+9,1	+20
2009	45,9	-8,3	-15,3
2010	47,6	+1,7	+3,7

Извор: МАП, 2011

Производство на преработки по категорија

Категорија	Производство во 2008 (во тони)	% од вкупно	Производство во 2009 (во тони)	% од вкупно	Производство во 2010 (во тони)	% од вкупно
Конзервирање	39.805	73,4	39.558	86,1	38.225	80,1
Смрзнување	14.001	25,8	6.246	13,6	9.275	19,5
Сушење	418	0,8	159	0,3	173	0,4
Вкупно	**54.224**	**100**	**45.963**	**100**	**47.673**	**100**

Извор: МАП, 2011

Преработки од овошје и зеленчук

Име на производ	Производство во 2008 (во '000 t)	% од вкупно	Производство во 2009 (во '000 t)	% од вкупно	Производство во 2010 (во '000 t)	% од вкупно
Индустриски ајвар	10,1	18,6	10,4	22,6	10,3	21,6
Домашен ајвар	2,6	4,8	2,2	4,8	2,1	4,5
Лутеница	0,9	1,7	0,9	2,0	0,9	1,9
Печени пиперки	2,2	4,1	3,2	7,0	3,1	6,5
Барени пиперки	2,0	3,7	1,9	4,2	1,2	2,5
Феферони	1,9	3,5	1,9	4,2	2,4	5,1
Корнишони	5,0	9,2	3,9	8,4	4,8	10,1
Цвекло	2,5	4,6	3,3	7,2	2,0	4,2
Кечап	1,8	3,3	2,3	5,0	2,1	4,5
Мешани салати	1,8	3,3	1,3	2,8	1,1	2,3
Смрзнати вишни	2,3	4,2	1,3	2,8	1,4	2,9
Смрзнати пиперки	8,0	14,8	2,8	6,1	5,3	11,1
Друго	13,1	24,2	10,5	22,8	10,9	22,8
Вкупно	**54,2**	**100**	**45,9**	**100**	**47,6**	**100**

Извор: МАП, 2011

1.5.1.3. Искористеност на производствените капацитети

Општа карактеристика на индустријата за преработување на овошје и зеленчук е ниската искористеност на производствените капацитети. Просечната искористеност изнесувала околу 27% во 2005 година, 36% во 2006, 40% во 2007, 45% во 2008, 38% во 2009 и 40% во 2010 година. Вкупно инсталирани капацитети за преработка на овошје и зеленчук изнесуваат околу 120.000 тони за финален производ. Намалената искористеност на производствените капацитети главно се должи на ефектите од глобалната економска криза.

1.6. Лозарство и винарска индустрија

Лозарството заедно со производството на вино допринесува со околу 17-20% од земјоделскиот БДП. Виното, после тутунот, е вториот најважен производ во однос на извозната вредност на земјоделските производи.

Лозовите насади во Република Македонија се со неповолна старосна структура. Причините се: фрагментирани парцели коишто се резултат на долгогодишното „ситнење“ на обработливите површини, обичаите за наследство, традицијата за неформалните релации на пазарот на земјиште и долгиот временски период на слабо инвестирање. Повеќе од 60% од лозовите насади се постари од 15 години кои треба да бидат цел на инвестиција за нивно обновување (копачење/пресадување) за да се одржи производствениот (квантитативен и квалитативен) потенцијал.

Извор: ДЗС, 2011; ФЗНХ

Вардарскиот и Југоисточниот регион се зафатени со најголем удел од родните лозови површини. По своите климатски карактеристики, Република Македонија е класифицирана како една географска област – реон за производство на регионално вино, па поради тоа, сите вина произведени во земјата носат иста географска ознака „Македонија“. Географската област на потекло на квалитетно вино се виногорјата кои ги има вкупно 16, и тоа: Скопско, Велешко, Тиквешко, Гевгелиско-Валандовско, Струмичко-Радовишко, Овчеполско, Кочанско-Виничко, Кумановско, Кратовско, Пијанечко, Прилепско, Битолско, Преспанско, Охридско, Кичевско и Тетовско виногорје.

Лозовите насади учествуваат со околу 4% од вкупното обработливо земјиште, вклучувајќи околу 30 ha матичњаци за производство на лозови калеми. Површините под лозови насади генерално бележат тренд на опаѓање од 2006 година па наваму. Спротивно на ваквиот тренд, производството на грозје бележи раст во истиот период. Во 2010 година површините под лозов насад изнесуваат 20.700 ha, што е за 0,4% поголема зафатнина на површината во однос на претходната година, но 8% помала површина во однос на 2008 година. Доколку се анализира производството на грозје во 2010 година, се забележува дека во споредба со 2009 година производството е незначително намалено, но во однос на 2008 година е зголемено за 2%.

Извор: ДЗС, 2006-2011

Преглед на површини под лозја и производство на грозје, 2006-2010 година

Година	2006	2007	2008	2009	2010
Површина (хектари)	24.266	21.312	21.800	19.960	20.033
Производство на грозје (тони)	254.308	209.701	247.990	253.456	253.372

Извор: ДЗС, 2006-2011

Во површините под лозја, винските сорти грозје учествуваат со 70%, од што бели сорти се 40%, а обоени 60%. Најзастапени обоени вински сорти се: Вранец и Кратошија со подолга традиција на одгледување, а од белите сорти: Смедеревка, Жилавка, Шардоне, Ризлинг, Совиљон бел и др. Од трпезните сорти на грозје доминираат: Афус-Али, Кардинал, Мускат Италија, Мускат Хамбург, Бело Зимско, и др. Во лозарството вклучени се околу 25.000 фарми, од кои околу 70% се индивидуални стопанства, а 30% се земјоделски фирми. Просечните приноси на грозје изнесуваат 10 тони/ha.

Трпезното грозје најмногу се произведува во Вардарскиот регион. По него следат Југоисточниот и Североисточниот регион. Асортиманот на сортите на трпезно грозје вклучува неколку класи од многу рани, до многу доцни сорти на трпезно грозје.

Поради поволната клима македонското трпезно грозје има висок квалитет и значителен извозен потенцијал. Извозот е остварен во повеќе земји во коишто традиционално се извезува грозјето од Република Македонија.

Преглед на вкупно извезено грозје (во килограми), 2005-2010 година

Година	2006	2007	2008	2009	2010
Трпезно грозје	12.612.923	9.167.337	11.931.980	13.801.004	17148.882
Винско грозје	18.754.176	28.547.993	10.461.476	10.924,908	14.518.814
Вкупно	31.367.099	37.715.330	22.393.456	24.725.912	31.667.696

Извор: МЗШВ, 2011

Откупот на грозјето се одвиваше нормално со предвидената динамика и заврши во предвидениот временски период. Временските услови во текот на 2010 година допринесоа грозјето од овогодишната реколта да биде со извонреден квалитет. Од страна на винарските визби откупени се вкупно 121.120 тони винско грозје и остварен е вкупен извоз на грозје во количина од 31.667.696 тони.

Откуп на винско грозје од домашни визби, 2006-2010 година

Година	2006	2007	2008	2009	2010
Откуп (во тони)	106.64	113.483	160.600	157.595	121.120

Извор: МЗШВ

1.6.1. Регистар на лозови насади

Кон крајот на 2009 и почетокот на 2010 година, МЗШВ го прошири пилот винскиот регистар, воспоставен во периодот 2004-2006 на целата територија на земјата, при што беа реализирани

фотоинтерпретација и векторизација на податоците, односно беа идентификувани и дигитализирани приближно 22.000 ha под лозови насади.

Покрај ова, Регистарот на лозови насади, како дел од регистрите на постојани насади (лозов, овошен и регистер на насади под маслинки) беше интегриран и во рамките на СИЗП (LPIS), вклучително и специфичните податоци кои се однесуваат на секој поединечен регистар – површини, сорти, година на подигнување, растојание помеѓу редовите, систем за наводнување и сл. Листата на заштитени имиња на вино се дадени во прилог 13.

1.6.2. Производство на вино

Во моментот постојат 86 регистрирани винарски визби со вкупен капацитет за преработка на грозје во вино од 2.338.467 hl т.е. приближно два пати поголем од годишното производство на грозје. Зголемувањето на бројот на винарски визби од 28 во 2003 на 86 во 2010 (главно визби со мала и средна големина), се должи на концентрирање на производство на висококвалитетни вина во шишиња, со контрола на сортите, лозовите насади и бербата, софистицирана преработка и маркетинг технологии кои се конкурентни како на домашните така и на странските пазари. Домашната потрошувачка на вино се проценува на 8,6 литри во просек по домаќинство. Мешовитите домаќинства се јавуваат како најголеми потрошувачи на вино, односно трошат 9,8 литри вино по домаќинство.

Производство на вино, 2005-2010 година

Година	2006	2007	2008	2009	2010
Вкупно производство на вино (мил. литри)	70.300	91.103	92.435	95.506	89.222

Извор: МЗШВ, 2011

2. Сточарско производство

Во Република Македонија сточарството во најголема мера се одвива во ридско-планинските предели во периметар на северната, западната и источната граница со широчина на појасот од 10-80 km. Овие региони се граничат со регионите за производство на поледелски култури со што се зголемува интеракцијата од аспект на искористувањето на нус производите од поледелството во исхраната на добитокот.

Нашата земја во голема мерка зависи од увезената добиточна храна како: пченка, протеини и растителни масти (соја и сончоглед, пченкарен глутен), како и комплетни мешавини или додатоци (комбинација од протеини или протеини, минерали и витамини). Македонија е нето увозник на сурово месо и отпадок, колбаси и слични производи од месо и млечни производи, додека е нето извозник само на јагнешко месо и јајца.

Сточарството учествува со 27,5% во вредноста на земјоделското производство. Најголемо учество, пак, во вредноста на добиточните производи има млекото (49,8%), потоа свињите (16%), говедата (15,3%), овците и козите (7,2%).

Според Државниот завод за статистика во 2010 година бројната состојба кај говеда и овците се зголемува за 3% во однос на 2009 година, додека бројот на свињите се намалува за 1,7%. Најголемо зголемување во однос на претходната година имаме кај пчелните семејства кое изнесува 42%.

Бројна состојба на добиток

Вид на добиток	2006	2007	2008	2009	2010
Говеда	255.430	253.766	253.473	252.521	259.887
Овци	1.248.801	817.536	816.604	755.356	778.404
Свињи	167.116	255.146	246.874	193.840	190.552
Живина	2.585.327	2.263.894	2.226.055	2.117.890	1.994.852
Пчели	67.804	58.307	61.705	53.439	76.059

Извор: ДЗС, 2007-2011

Преработувачката индустрија за месо главно е зависна од увозот на сурово месо. Објектите за колење на животните, преработка и складирање на производите од животинско потекло поделени се во следните категории:

- Објекти за колење на животни;
- Објекти за конфекционирање на месо;

- Објекти за преработка и расекување на месо од дивеч;
- Објекти за преработка на месо и подготовка на производи од животинско потекло;
- Објекти за ладење, замрзнување и складирање на производи од животинско потекло.

Во однос на изградбата, техничката опрема, капацитетот, методи на работа и организација на ветеринарната инспекција, тие се класифицирани на следниов начин:

- Објекти со висок капацитет на производство-индустриски објекти;
- Објекти со помал капацитет на производство-занаетчиски објекти;
- Објекти (простории) во домаќинства за преработка на млеко и подготовка на производи од млеко, сортирање и пакување на јајца.

Во Република Македонија не постојат кланици одобрени за извоз во ЕУ на црвено месо (освен четири кланици за јагњиња). Главниот проблем се јавува во објектите каде нема прочистителна станица за вода, а и не постои интерес кај преработувачите да ги исполнат критериумите на ЕУ. Системот за оценка на труповите не го следи СЕУРОП системот за класификација и другите стандарди согласно со внатрешниот пазар на ЕУ. Во таа насока во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е донесен Закон за квалитет на земјоделски производи кој е објавен во Службен весник на РМ број 140/10 и во кој како посебна глава е и квалитетот на говедски, свински, овчи и козји трупови на линија на колење. По донесувањето на законот се донесуваат и подзаконски акти од истиот закон со кои се овозможува спроведување на СЕУРОП системот за класификација.

2.1 Говедарство

Говедарството е основна гранка на сточарството и е најзастапено во ридско-планинските предели по должината на северната, западната и источната граница на земјата. Националната расна структура вклучува претежно млечни раси на говеда, но присутни се и комбинираните раси за месо.

Расната структура во 2010 година не е значително променета во однос на минатата година. Таа ја сочинуваат истите раси: 42% холнштајн-фризиска раса (претежно за млеко), 10% буша (домашна раса која се користи за млеко, месо и во исклучителни случаи за работа во тешко достапните подарчја), 5% сименталци (подеднакво се користат за млеко и месо), 4% монтафонска раса (млеко/месо) и 0,25%



оберинталска раса (млеко/месо).

Извор: МЗШВ - Управа за ветерина, 2010; ДЗС, 2011

Општата структура на одгледувачите на говеда проценета е на следниов начин:

1. **Традиционални фармери**, кои имаат нископродуктивни 1-3 крави со ниско годишно производство на млеко од 2-3 илјади литри/крава. Ниската продуктивност се јавува поради несоодветните услови на одгледување, како и слабиот квалитет на добиточна храна. Овој тип на производители не претставува солидна основа за идното пазарно производство.
2. **Семејни фарми**, кои имаат 5-20 крави со годишно производство на млеко од 4-5 илјади литри/крава просечен принос. Најчесто тие се мешани фарми кои треба да претставуваат идна основа за развој на говедарството.

3. **Специјализирани фарми**, со повеќе од 20 крави со висока продуктивност и годишно производство на млеко од над 5 илјади литри/крава. Бројот на ваквите типови на фарми е мал (само 3% од фармите). Фарми со повеќе од 50 грла се само 1% од вкупниот број. Тие треба да бидат носители на производство на квалитетен генетски материјал за преостанатите фарми (репродуктивни центри).

Во 2010 година од вкупно 259.887 говеда, на молзни грла отпаѓа околу 32% или 124.553. Просечната млечност по молзна крава изнесува 2.787 литри млеко и претставува намалување во однос на минатата година. Повисока просечна млечност од 4.930 литри/молзна крава постигната е кај земјоделските претпријатија и задруги, во однос на индивидуалните производители (2.723 литри/молзна крава). Вкупното производство на кравјо млеко во 2010 година изнесува 347.103 илјади литри од кои 94% се произведени од страна на индивидуалните производители. Производството на млеко оваа година бележи зголемување од 1,3% во однос на минатата година.

Бројна состојба на говеда и производство на млеко и месо, 2010 година

Бројна состојба					Производство		
Вкупно говеда	**Молзни крави**	**Говеда до 1 година**	**Говеда од 1-2 години**	**Говеда над 2 години**	**Просечна млечност по молзна крава (литри)**	**Производство на кравјо млеко (илјади литри)**	**Производство на говедско месо (во тони)**
259.887	124.553	65.553	18.564	175.770	2.787	347.103	6.082

Извор: ДЗС, 2011

Производството на говедско месо од 6.082 тони бележи намалување од 16,7% во споредба со минатата година. Произведената количина не е доволна за потребите на домашните потрошувачи, па затоа потребата се задоволува со увоз кој во 2010 година изнесува околу 7.773 тони. Најголем дел од увезеното говедско месо отпаѓа на свежо и разладено месо, а дел е наменето за преработувачката индустрија за месо.

2.2. Овчарство

Еколошките чисти зони и пространи пасишта кои зафаќаат повеќе од половината од вкупното земјоделско земјиште претставуваат одлична подлога за развој на овчарството. И покрај погодните географско-климатски услови со над 54% пасишта од вкупната земјоделска површина, овчарството бележи тренд на постојано намалување (со исклучок на 2010 година каде имаме благо зголемување) поради екстензивно-номадскиот начин на држење (одгледување), нерешените социјални услови на руралното населние и миграцијата на населението во градските средини.

Извор : МЗШВ, Управа за ветерина, 2010

Овчарството кај нас секогаш се базирало на мали индивидуални и семејни фарми со големина на стадо од 20 до 200 овци, а поретко над 300. Околу 95% од молзните овци се одгледуваат од страна на индивидуални земјоделски стопанства.

Расната структура на популацијата на овци во Република Македонија главно се состои од расата оплеменета „праменка“, поделена во „овчеполски сој“ и „шарпланински сој“. Во последно време се зголемува бројноста на мелезите со расите „витемберг“ (за месо) и „аваси“ (за млеко). Со оглед на доминантната можност за извоз на јагнешко месо, традиционално не постои јасно дефинирана производствена ориентација (месо–волна наспроти млеко-месо).

Во 2010 година вкупниот број на овци изнесува 778.404 грла. Зголемување на бројот на овците за 4% забележано е кај индивидуалните земјоделски стопанства, додека кај земјоделските претпријатија намален е за 12%.

Бројна состојба на овци и производство на млеко, месо и волна, 2010 година

Бројна состојба на овци	
Овци	**778.404**
Молзни овци	536.529
Број на стрижени овци	645.577
Јагњиња и шилежиња до 1 година	180.173
Овци за приплод	568.301
Овни и други јалови овци	29.930
Производство на млеко, месо и волна	
Производство на овчо млеко (во илјади литри)	32.157
Просечна млечност по молзна овца (во литри)	60
Производство на овчо месо (во тони)	4.786
Производство на волна (во тони)	1.025
Просек по стрижена овца (во kg)	1,6

Извор: ДЗС, 2011

Вкупното производство на овчо млеко во 2010 година е околу 32.157.000 литри и претставува намалување од 2.3% во однос на претходната година. Просечен принос изнесува 60 литри по молзна овца. Млечноста на овците во индивидуалните земјоделски стопанства во просек изнесува 61 литри/молзна овца, додека во земјоделските претпријатија и задруги 42 литри/молзна овца. Откупната цена на овчото млеко е приближно двојно поголема од откупната цена на кравјото млеко. Најголем дел од овчото млекото се преработува во бело овчо сирење (од типот на фета) кое се продава на домашниот пазар, но и мали количества се извезуваат во соседните земји (како Грција) во сезоната на молзење.

Други домашни млечни производи се овчи кашкавал, кисело млеко и сурутка. Млечните овчи производи имаат добар извозен потенцијал поради ниските производствени трошоци и високиот квалитет. Сепак, слабата производствена технологија, како и недоволната хигиена и примена на стандардите за квалитет, претставуваат значителен недостаток за развој на овие производи. Во поново време, производителите покажуваат тренд на зголемување на производството на млеко и вкрстување на различни раси овци кои имаат висок потенцијал за производство на млеко. Со цел да се подобри размножувањето на добитокот, формирани се повеќе центри за размножување со високо квалитетни овни (од расите источно-фризиски, виртемберг и аваси) под контрола на овластени институции.

Во 2010 година вкупното производство на волна изнесува 1.025 тони. Производството на волна најмногу е застапено во индивидуалниот сектор (97% од вкупното производство), во кој, просекот по стрижена овца изнесува 1,6 kg. Земјоделските претпријатија, пак, остваруваат повисоко производство на волна по стрижена овца – 2,1 kg.

Производство на овчо месо во 2010 година изнесува 4.786 тони. Република Македонија е нето извозник на јагнешко месо. Околу 75% од македонските трупови јагњиња се извезуваат во земјите на ЕУ главно во Грција и Италија, најмногу во периодите околу Божиќ и Велигден - во април (католички Велигден) и декември (католички Божик). Овие пазари бараат јагњиња со тежина на трупот од 7 до 8 kg. Јагњињата се колат во кланици кои имаат дозвола за извоз и се извезуваат како свежо разладено месо. Иако, македонскиот извоз во ЕУ е ослободен од давачки за увоз, сепак, истакнатото „Македонско јагне“ во моментот е под закана како резултат на воведување и мешање на различни раси. Поради тоа, станува сé потешко да се произведе униформно-непроменливо заклано јагне со потребните квалитети. Помали количества се продаваат во Хрватска (која станува значаен растечки пазар), Србија и Црна Гора, како и Кипар, генерално во безцаринска квота.

Вкупен извоз на јагнешко и овчо месо по држави, 2010 година

Земја увозник	**Јагнешко месо во тони**
Италија	1.420
Грција	1.218
Хрватска	227
Србија	50
Босна и Херцеговина	5
Вкупно	2.920

Извор: МЗШВ, Управа за ветерина, 2011

2.3. Козарство

Во 2010 година регистрирани се 75.709 грла кози, од коишто молзни кози се 56.638 грла. Козарството најмногу е развиено во Југоисточниот (31%) и Источниот регион (24%), додека најслабо развиени козарски региони се Скопскиот и Полошкиот. Козарството главно се одвива од страна на индивидуалните земјоделски стопанства (98,45%). Расниот состав на козите главно е од типот на балканска коза со изразено присуство на мелези од санската раса, но има и козарски фарми кои располагаат со подобрен расен состав од типот на алпина.

Извор: МЗШВ, Управа за ветерина

Бројот на одгледувачите на кози се зголемува во резултат на побарувачката на пазарот за козјо млеко и поради неговата профитабилност. Сепак, главните проблеми со кои се соочува оваа конкурентна гранка во развој, се недостатокот на примена на техничко-технолошките решенија на фармите и генерално недоволното искористување на достапните природни и други ресурси во оваа индустрија.

Вкупното производство на козјо млеко во 2010 година изнесува 15.074 литри што претставува намалување од 22.2% во однос на минатата година.

Просечниот принос на млеко на козите е 266 литри по молзна коза. Индивидуалните производители постигнуваат повисоки приноси за разлика од земјоделските претпријатија.

Пазарот за козјо млеко сé уште е неразвиен. Цената на козјото млеко е половина од цената на овчото млеко (т.е. скоро еднаква со цената на кравјото млеко), па поради тоа, многу од фармерите на овци го мешаат козјото со овчото млеко. Поради релативно високите цени на преработките од козјо млеко, сé повеќе фармери се опремуваат со објекти за преработка кои се наоѓаат на самата фарма и ги снабдуваат супермаркетите и продавниците за сирење со различни специјални видови на козјо (или мешано) сирење.

Производство на козјо млеко, 2010 година

Показатели	Број на молзни кози	Просек по молзна коза (литри)	Производство на млеко (000 литри)
Земјоделски претпријатја (задруги)	757	153	116
Индивидуални земјоделски стопанства	55.881	268	14.958
Вкупно	**56.638**	**266**	**15.074**

Извор: ДЗС, 2011

За унапредување на козарството формирани се повеќе одгледувалишта. Производството на козјо месо нема некое поголемо значење. Најголем дел од производството е јарешко месо.

2.4. Свињарство

Во 2010 година, во Република Македонија регистирани се 190.552 грла свињи. Бројот на свињите во земјоделските претпријатија е зголемен за само 4,4%, додека кај индивидуалните земјоделски стопанства забележано е намалување од 5,3% во однос на минатата година. Во земјоделските претпријатија и задруги се одгледуваат 39,6% од вкупниот број на свињи во земјата, а останатите 60,4% грла се одгледуваат кај индивидуалните земјоделски производители.

Во свињарството, најзастапена раса се ландрасите (белгиски, дански, шведски и германски) како и голем јоркшир и дурок. Внесувањето на новиот генетски материјал е направен само со увоз на нерези, со цел да се избегне парење во сродство и да се зголеми просекот на производствените резултати.

Товните прасиња се колат со околу 100 kg жива мера. Проценето е дека околу 90% од домашните потреби за сурово свинско месо се покриваат од домашното производство, но македонската месна индустрија за своите потреби целосно увезува замрзнато свинско месо. Недостатокот од домашното производство на свинско месо наменето за потребите на населението, се покрива со увоз на свежо,

разладено или замрзнато свинско месо (во 2010 година увезени се 10.476 тони свинско месо). Вкупното производство на свинско месо во 2010 година изнесува околу 8.292 тони (приближно исто остварено производство како и минатата година).

Бројна состојба на свињите

Категорија	2010
Прасиња до 20 kg	71.144
Свињи од 21 до 50 kg	34.334
Свињи од 51 до 110 kg	49.662
Свињи над 110 kg	6.203
Назимки и спрасни назимки	7.365
Маторици	20.914
Нерези	930
Вкупно свињи	**190.552**

Извор: ДЗС, 2011

2.5. Живинарство

Во текот на последните десет години бројот на живината постојано се намалува, иако индивидуалните земјоделски стопанства ја зголемуваат активноста во овој сектор. Околу 64% од вкупната живина од сите видови е сместена во индивидуалниот сектор.

Производството на јајца е примарна активност на македонската живинарска индустрија. Околу 42% од вкупниот број на несилки отпаѓа на големите фарми кои во просек имаат 80-100 илјади несилки по фарма и просечно производство од преку 242 јајца/кокошка носилка. Останатиот број, припаѓа на индивидиалните стопанства со просечно производство од 164.805 илјади јајца по фарма и просечно производство од 168 јајца/кокошка носилка.

Вкупниот број живина во 2010 година изнесува 1.994.852, додека вкупниот број на кокошки носилки изнесува 1.688.381 кои произведуваат во просек 199 јајца/кокошка.

Број на живина и производство на јајца, 2010 година

Показател	Вкупно	Индивидуални земјоделски стопанства	Земјоделски прет. и задруги
Број на живина			
Живина од сите видови	1.994.852	1.281.572	713.280
Кокошки носилки	1.688.381	981.421	706.960
Производство на јајца			
Производство на јајца (во илјада парчиња)	335.820	164.805	171.015
Просек по кокошка (во парчиња)	199	168	242

Извор: ДЗС, 2011

Производството на пилешко месо се базира главно од колење на бројлери чија продуктивност е намалена. Производството е организирано во големи фарми од индустриски тип и во помали приватни фарми во задружна форма (околу 30). Во државата постојат само две кланици (со вкупен капацитет од 2 милиони птици годишно), што го ограничува развојот на живинарството. Домашното производство на пилешко месо бележи брз раст во последната деценија, но сепак покрива само 20% од домашната побарувачка. Поради тоа, најголемото количество на пилешко месо доаѓа од увоз како замрзнато пилешко месо. Увезеното месо се продава по пониски цени со што ја намалува цената на домашниот пазар. Увозот на пилешко месо претставува најголем дел од вкупниот увоз на агро-прехранбени производи.

2.6. Пчеларство

Пчеларството во Република Македонија преставува важна гранка во прв ред поради големото биолошко значење на медоносните пчели при опрашување на ентомофилните растенија (пред сé овошните култури), но секако и поради производството на пчелни производи (мед, восок, полен, прополис, матичен млеч и пчелин отров).

Бројот на пчелни семејства во 2010 година изнесува 76.052 (зголемување од 42,3% во однос на претходната 2009 година). Најголемиот дел од производството (99%) се одвива во индивидуалниот сектор, каде што се остварува во просек 11 kg мед по пчелно семејство. Годишното производство на мед во 2010 година изнесува 825 тони, од кои, само 1 тон се произведени од страна на земјоделските претпријатија.

Број на пчелни семејства и производство на мед, 2010 година

Показател	Вкупно	Индивидуални земјоделски стопанства	Земјоделски претпријатија и задруги
Број на пчелни семејства			
Пчелни семејства	76.052	75.953	99
Производство на мед			
Производство на мед (во тони)	825	824	1
Просек по пчелно семејство (во kg)	11	11	10

Извор: ДЗС, 2011

Просечното годишно производство по пчелно семејство е ниско во споредба со производството од други држави, а се должи на апитехничките, одгледувачко-еколошките и на генетските фактори. Скоро целокупното производство на мед се конзумира на домашниот пазар, а само 16,5% од производството се извезува.

Најзастапен подвид медоносна пчела е **apis mellifera macedonica** (16%) пред **apis mellifera ligustica** (13%), потоа **apis mellifera carnica** (10%), **apis mellifera mellifera** (5%) и **apis mellifera caucasica** (5%), додека преостанатиот процент (51%) припаѓа на популацијата на нови генетски форми (вкрстоски) кои не соодветствуваат со расните стандарди.

2.7. Одгледување на полжави

Одгледувањето на полжави во Република Македонија е застапено во последните 8-9 години. Просечна фарма за одгледување на полжави е со големина од 2 декара. Производството се обезбедува по пат на веќе склучени договори со компании од други држави (како Италија) од кои побарувачката е голема. Странските откупувачи исплаќаат во просек 2,5 евра/kg полжави. Во Здружението на одгледувачи на полжави со седиште во Куманово членуваат 25 фарми коишто произведуваат околу 40 тони полжави. Ова производство не е доволно за да ја задоволи растечката побарувачка на европските пазари.

3. Политика на квалитет и органско земјоделство

3.1. Политика за квалитет

Во однос на политиката за квалитет на земјоделските производи, Собранието на Р. Македонија на 15 октомври 2010 година го донесе Законот за квалитетот на земјодеслките производи, кој ги уредува пазарите на земјоделските производи, стандардите за квалитет, класификацијата, означувањето на квалитетот и информативниот систем за житарици и ориз, храна за животни, свежо овошје и зеленчук, јајца и месо од живина, говедско, свинско, овчо и козјо месо, млеко и млечни производи, производи од пчели, заштита на земјоделски и прехранбени производи со географски назив и ознака за гарантиран традиционален специјалитет, како и контролата и надзорот над спроведувањето на одредбите од овој закон.

За целите пак на институционалното воспоставување на овој систем, во 2010 година, во рамките на МЗШВ формиран е Сектор за маркетинг и квалитет на земјоделските прозиводи, кој опфаќа три одделенија и тоа: Одделение за стандарди и квалитет на земјоделски производи, одделение за маркетинг на земјоделски производи и одделение за економско здружување на земјоделски производители. Секторот брои 10 вработени.

Секторот за маркетинг и квалитет на земјоделските прозиводи, во соработка со другите сектори, во моментов активно работи на изработка на подзаконските акти од Законот за квалитетот на земјоделските производи, кои треба да бидат донесени до октомври 2011 година.

Бидејќи Македонија е мала земја во развој, добар дел од извозот се заснова на земјоделските производи и се настојува истите да имаат што повисок квалитет за да можат да бидат конкурентни на домашниот и странскиот пазар. Затоа во насока на зголемување на вредноста на одредени земјоделски производи, како преку заштита на нивниот квалитет од аспект на нивното потекло со ознака за потекло и географска ознака, како и од аспект на заштита на нивните традиционални обележја со ознака за гарантиран традиционален специјалитет, како изминативе, така и оваа година предвидена е финансиска поддршка. Оваа финансиска поддршка за 2011 година е зголемена и изнесува 405.000 €.

Со изработка на подзаконските акти во делот на заштита на земјоделските и прехранбените производи со географски назив или гарантиран традиционален специјалитет (до јуни 2011 година), од

правна гледна точка ќе се обезбедат услови за регистрирање на ваквите производи. За периодот од јуни 2011 до декември 2012 година планирана е заштита на неколку македонски производи. Во моментов 6 земјоделски производи и преработки имаат најголем потенцијал за заштита и тоа: овчи кашкавал, овчо бело сирење, биено сирење, македонско јагне, скопски домат „јабучар“ и преспански ајдаред.

Со цел реализација на истородниот проект (англ. Twinning Project) во рамките на компонента 1 од ИПА Програмата, во 2010 година реализирани се TAIEX средби во Р. Македонија и Р. Франција. Во Македонија, во периодот од 20 до 24 септември 2010 година, одржана е експертска мисија за заштита на земјоделските и прехранбените производи со ознака за потекло, географска ознака и загарантиран традиционален специјалитет. Во Франција, во периодот од 4 до 8 октомври 2010 година, беше одржана студиска посета на тема: Имплементација на легислативите поврзани со ознака за потекло, географска ознака и загарантиран традиционален специјалитет.

Извор: МЗШВ, 2011

3.2. Органско земјоделство

Развојот на органското земјоделско производство во РМ продолжува со континуитет на зголемување. Во системот на органското земјоделство се вклучуваат сé повеќе субјекти, а исто така се прошируваат и производните капацитети. Во 2010 година се забележува најголем пораст досега, како во бројот на оператори, така и во обработливите површини под органско земјоделско производство, како и сертифицираните површини со самоникнати растенија и плодови кои изнесуваат повеќе од 250.000 ha.

Најголемо учество во органското производство од 57% имаат житните култури, а по нив следат фуражните култури со 19% учество. Овошјето, лозјето и градинарските култури учествуваат со по околу 4-6% во вкупното органско производство, а маслодајните и индустриските култури со по 1%.

Во сточарското органско производство, водечка гранка е овчарството (95% од органското производство). Козарството и говедарството учествуваат со по 2-3% во сточарското органско производство.

Растително и сточарско органско производство (2009/2010)

Растително органско производство						
	2009 година			2010 година		
Вид/култура	**Во преод**	**Органско**	**Вкупно/ ha**	**Во преод**	**Органско**	**Вкупно/ ha**
Житни	501,52	166,35	667,87	2.723,7	276,1	2.999,8
Фуражни	101,04	82,05	183,09	848,9	145,7	994,6
Индустриски	12,31	31,32	43,63	32,1	/	32,1
Маслодајни	63,78	/	63,78	40,7	6,7	47,5
Овошни	137,48	73,55	211,03	165,9	168,3	334,2
Лозови	46,25	13,92	60,17	223,6	20,7	244,3
Градинарски	84,22	58,64	142,86	164,2	35,7	199,9
Угар	7,99	56,81	64,8	306,4	66,3	372,7
Сточарско органско производство						
Вид животно	**Во преод**	**Органско**	**Вкупно/ бр.**	**Во преод**	**Органско**	**Вкупно/ бр.**
Говеда	180	197	377	2.522	37	2.559
Овци	21.844	208	22.052	92.523	6.275	98.798
Кози	791	248	1.039	2.470	578	3.048

Извор: МЗШВ, 2011

Како резултат на зголемувањето на производните капацитети и бројот на фармери кои се вклучуваат во системот, како и целосната имплементација на проектираните средства во изминатите години, од година во година се зголемува и финансиската поддршка на органското земјоделско производство. За 2010 година, во рамките на Програмата за финансиска поддршка на земјоделството утврдени беа финансиски средства за поттикнување на развојот на органското земјоделско производство во РМ во висина од € 1.160.656. Оваа Програма во целост беше реализирана.

Висина на финансиска поддршка на органско земјоделско производство, 2007-2010 година

Година	€
2007	178.862
2008	598.360
2009	1.098.360
2010	1.160.656

Извор: МЗШВ, 2011



Законот за органско земјоделско производство (Службен весник на РМ, бр. 146/09) предвидува донесување на правилници со кои се уредуваат поблиските правила и постапки во органското земјоделско производство. Во текот на 2010 година беа донесени сите предвидени подзаконски акти (Службен весник на РМ, бр. 162/10 и 163/10) кои дополнително ги уредуваат основните приници на органското земјоделско производство, дозволените средства кои се употребуваат, како и начините за управување, следење и контрола на органското земјоделско производство.

Со донесувањето на подзаконските акти националното законодавство во областа на органското земјоделско производство е целосно усогласено со регулативите на Европската комисија (англ. Council Regulation (EC) No 834/2007 и Commission Regulation (EC) No 889/2008).

Стручната контрола и сертификацијата на органското земјоделско производство е делегирана на две сертификациски тела кои се овластени од страна на МЗШВ. Овие сертификациски тела, стручната контрола и сертификација ја вршат во согласност со стандардот EN 45011 и ISO/IEC Водич 65 (Општи барања за телата кои работат со системите за сертификација на производи). Потврдата дека сертификациските тела работат согласно овој стандард за тоа ја дава Институтот за акредитација на Република Македонија (ИАРМ) во процесот на акредитација, кој е полноправен член на Европската соработка за Акредитација (ЕА) во постапка на потпишување на договор за мултилатерално признавање (англ. MLA).

Во текот на 2010 година извршени се 578 редовни и 43 дополнителни/ненајавени контороли, врз основа на кои се издадени 562 сертификати за органско производство и површина од 5.225 ha.

Сертифицирани површини и број на субјекти (2006-2010)

Година	Вкупно сертифицирана производна површина во ha	Број на оператори
2006	509,42	102
2007	714,47	150
2008	1.029,00	226
2009	1.373,83	321
2010	5.225,10	562

Извор: МЗШВ, 2011

Целосната контрола и супервизија над работењето на сертификациските тала ја врши Државниот инспекторат за земјоделство (ДИЗ). Исто така, секој субјект кој аплицира за финансиска поддршка во органското земјоделско производство подлежи на контрола од страна на ДИЗ.

Со цел подигање на националната свест за вредноста на органската храна, како и промоција на новата национална ознака за органски производ, во текот на 2010 година, МЗШВ започна со реализација на **национална кампања** за подигање на свеста на потрошувачите за органската храна.

Врз основа на реализацијата на кампањата, односно укажаните потреби за дополнително подигнување на свеста и информираност во однос на органското земјоделско производство, министерството во соработка со Федерацијата на органски производители (ФПОПМ) на принципот на

јавно-приватно партнерство, изработи интернет страница преку која може да се добијат дополнителни информации и податоци за количини и места каде можат да се набават органски производи (http://174.133.26.108/$sitepreview/organicmacedonia.org.mk).

Кампањата продолжува и во 2011 година со нови медиумски алатки, се со цел постигнување на задоволително ниво на препознавање и потрошувачка на органската храна, а со тоа и поголема мотивација на органските производители за зголемување на нивните производни капацитети и мотивација за трговците за продажба на органска храна.

Националната стратегија за органско земјоделско производство (2008-2011) успешно се реализира имајќи предвид дека најголемиот дел од планираните мерки и активности во рамките на Акциониот план за реализација на стратегијата веќе се реализирани. Во текот на 2011 година се предвидува подготовка на Националната стратегија за органско земјоделско производство (2012-2017).

Во текот на октомври 2010 година беше реализирано TAIEX студиско патување во Република Словенија за имплементација на контролата во органското земјоделско производство за претставници на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) и Институционалното зајакнување на Државниот инспекторат за земјоделство (ДИЗ). Институционалното зајакнување на МЗШВ и ДИЗ продолжува и во 2011 год. со нови вработувања и обуки.

За поуспешна имплементација на законските прописи и зајакнување на целокупниот систем на органско земјоделско производство во РМ, веќе се започнати подготовки за реализација на Twinning project во рамките на Компонента I од ИПА Програмата за 2009 година.

4. Рибарство

Вкупното производство на риба во Република Македонија се однесува на аквакултурното производство и уловот од стопанскиот риболов на риболовните води.

Во 2010 година како и во изминатиот период најзначајно е производството на свежа пастрмка (виножитна, речна и охридска) и свеж крап. Порај овие видови, во рибничките капацитети се произведуваат и амур и толстолобик.

Аквакултурно производство на поважни видови риби од регистрираните субјекти, 2009-2010 година

Вид риба	2009	2010
	Вкупно/kg	Вкупно/kg
Пастрмка	315.378	645.595
Крап	116.802	342.309
Сом	5.000	10.200
Други	2.269	13.250
Вкупно	**439.449**	**1.011.354**

Извор: МЗШВ, 2011

Податоците прикажани во табелата се базираат на евиденцијата за производство на риби која се води во Одделението за рибарство (Сектор земјоделство) врз основа на доставени податоци од рибничките капацитети (29 субјекти) кои се запишани во регистарот на одгледувачи на риби.

Покрај евиденцијата на одгледувачите на риби и нивното производство за целите на следење на производството и прометот на порибителниот материјал во Одделението за рибарство и аквакултура се води регистер на репроцентри за производство на порибителен материјал наменет за порибување на риболовите води во кој се запишани 3 субјекти. Евидентирани се 12 субјекти за производство од порибителен материјал наменет за порибување на рибници.

Освен од аквакултурното производство во 2010 година, се проценува дека со вршење рекреативниот риболов на годишно ниво се изловуваат околу 130 до 150 тони од сите видови риби. Рибите од риболовните води за вршење стопански риболов (освен од водите за кои постојат посебни акти за забрана) се даваат на користење за вршење стопански риболов и организирање рекреативен риболов, по пат на концесија.

Во 2011 година се планира започнување на постапката за давање на рибите на концесија за вршење стопански и организирање рекреативен риболов период од 6 години согласно одредбите од Законот за рибарство и аквакултура (Службен весник на Република Македонија број 07/08 и 67/10, 47/11 и 53/11). Според официјалната статистика, просечно домаќинство во Република Македонија конзумира околу 21 kg риба и производи од риби годишно, или околу 5 kg по глава жител.

Трговската размена со групата на риби и производи од риби ја отсликува зависноста на Република Македонија од морска риба и рибни производи имајќи предвид дека земјата нема излез на море. Учеството на увозот од ЕУ-27на овие производи во вкупниот увоз на земјоделско-прехранбени во 2010 година беше 1,5%.

Најзначајни увезени риби и производи од риби во Република Македонија од ЕУ-2, 2009-2010 година

		МКУвозод ЕУ-27					
		2009			2010		
Тариф. Ознака	**Наименување**	**Количина во тони**	**Вредност во 1000€**	**Учество**	**Количина во тони**	**Вредност во 1000€**	**Учество**
1605	Черупкари, мекотелци и други видови безрбетници, приготвени или конзервирани	169	1.186	23,5%	153	554	16,6%
0307	Мекотелци со черупка или без черупка, свежи, разладени, замрзнати, сушени, солени	1.071	1.030	20,4%	72	173	5,2%
0303	Риба, замрзната	966	1.028	20,3%	710	796	23,8%
1604	Приготвени или конзервирани риби;кавијар	306	973	19,2%	275	910	27,2%
0302	Риби, свежиилиразладени	175	579	11,5%	133	638	19,1%
0306	Черупкари со черупка или без черупка, свежи, разладени, замрзнати, сушени, солени	13	112	2,2%	11	109	3,3%
0304	Рибини филети и друго рибино месо (немелено или мелено), свежо, разладено или замрзнато	32	91	1,8%	25	76	2,3%
Вкупно		**2.744**	**5.059**	**100%**	**1.395**	**3.344**	**100%**

Извор: ДЗС, 2011

Извозот на риби и производи од риби во вкупниот извоз на земјоделско-прехранбени и рибни производи во ЕУ-27 учествувасо 3,8% (ислкучиво заради извозот на полжави свежи или конзервирани – тарифен број 0307 60 00 00 и 1605 90 30 10).

Најзначајни извезени риби и производи од риби од Република Македонија во ЕУ-27, 2009-2010 година

		МКИзвозво ЕУ-27					
		2009			2010		
Тариф. Ознака	**Наименување**	**Количина во тони**	**Вредност во 1000€**	**Учество**	**Количина во тони**	**Вредност во 1000€**	**Учество**
1605903010	Полжави други освен морски полжави, преработени или конзервирани	1.291	6.241	80,7%	1.328	6.511	98,1%
0307 60	Полжави, други освен морски полжави	584	1.495	19,3%	159	122	1,8%
1604	Приготвени или конзервирани риби	0	0	0,0%	0,3	1,6	0,0%
Вкупно		**1.875**	**7.736**	**100%**	**1.488**	**6.634**	**100%**

Извор: ДЗС, 2011

Во почетокот на годината беше донесена Програма со мерки за унапредување на рибарството и аквакултурата во 2010 со мерки за унапредување на рибарството, вклучително и мерките за рурален развој.

За следење на реализацијата на мерките од програмата воспоставена е и евиденција за вкупната државна помош во областа на рибарството и аквакултурата со податоци за планирани и одобрени средства, пристигнати и одобрени барања и податоци за исплатени финансиски средства во 2010 година. Во 2010 година за реализација на мерките од програмата се исплатени фкупно финансиски средства во износ од 31 000 000,00 денари од кои најголем дел се за инвестиции во рибараството и аквакултурата, заштита на водната флора и фауна и обезбедување на порибителен материјал за призводствените рибнички капацитети.

Во 2010 година е донесен Закон за изменување и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/10). Основните измени на законот се во насока на дополнување на законот со одредби за државната помош во рибарството и аквакултурата во согласност со Регулативите на ЕУ бр. 32008R0736 и 32006R1198 и на допрецизирање на казнените одредби во насока на намалување на казните. Покрај овие измени се допрецизирани и одредбите за организирањето на рекреативен риболов и вршењето аквакултура.

5. Земјоделски пазари и трговија со земјоделско-прехранбени производи

5.1. Размена на трговски податоци за примарни земјоделски производи, преработени земјоделски производи и за рибни производи

Процесот на трговска интеграција на Република Македонија започна по нејзиното осамостојување. Соочена со регионална нестабилност, политички и економски блокади од страна на Грција и ембаргото на ООН кон северниот сосед Србија, надворешната трговија се одвиваше отежнато поради фактот на изгубените традиционални пазари. Кон средината на 90-те со стабилизација во регионот се интензивираше процесот на трговска интеграција. Процесот на трговска интеграција на Република Македонија може да се подели на регионална, глобална и Европска интеграција.

Процесот на регионална интеграција е означен со низата Договори за слободна трговија (ДСТ) со земјите од регионот. Глобалната интеграција ја означи влезот на Република Македонија во Светската трговска организација во 2003 година, додека процесот за Европската интеграција е дефиниран со Спогодбата за стабилизација и асоцијација.

Еден од принципите на системот на СТО е земјите да ги намалат трговските бариери и да дозволат трговијата да се одвива послободно. Република Македонија при преговорите во СТО се согласи на значителна либерализација кај најголем дел од производите, додека за земјоделските производи царинската заштита е задржана на задоволително ниво, поради значењето на земјоделскиот сектор.

Како најчести форми за постигнување на понатамошна трговска либерализација се формирање на преференцијални трговски договори, слободни трговски зони, царински унии и заеднички пазар (common market на пр. ЕУ).

Главни цели на регионалните договори за слободна трговија се стимулирање на растот на домашната економија преку:

- подобар пристап на пазарот на националните извозни производи во други земји;
- привлекување и зголемување на странските директни инвестиции како и модерна технологија како придружен елемент на инвестициите;
- зголемување на продуктивноста на производството и конкуренцијата како на домашниот, така и на странскиот пазар.

Договорот за Слободна трговија со Европската Унија е најзначаен преференцијален договор, поради обемот на трговската размена меѓу Република Македонија и ЕУ. Врз основа на трговскиот договор повеќето бариери за влез на македонските земјоделски производи беа отстранети, освен за вино, „baby beef“-говедско месо, шеќерот и риби и рибни производи, за кои се договорени царински квоти или постепена либерализација. Од друга страна Република Македонија, за влез на земјоделско-прехрамбените производи со потекло од ЕУ:

- ги укина царинските стапки за производите кои се дефинирани како нечувствителни,
- договорена е постепена либерализација за средно чувствителните производи во транзиционен период до 2011 година и

- за високо чувствителните производи договорена е примена на максимална царинска заштита, а за дел од нив се договорени бесцарински квоти.

Како дел од трговските интеграции поврзани со процесот на пристапување на Република Македонија кон ЕУ, е и членството во Централно европскиот договор за слободна трговија – ЦЕФТА, како средство за регионална соработка и доказ за политичката и организациона зрелост на земјите претенденти за влез во ЕУ.

Република Македонија го ратификуваше ЦЕФТА Договорот во 2006 година и започна со негова имплементација на 24 август 2006 година. Земји членки на ЦЕФТА беа Република Бугарија, Република Хрватска, Романија и Република Македонија.

Земјите од Југоисточна Европа под покровителство на Пактот за стабилност и Европската Комисија, во јуни 2006 година, ги отпочнаа мултилатералните преговори за воспоставување на правна рамка на новиот Единствен договор за слободна трговија во регионот, именуван како Договор за изменување и пристапување во ЦЕФТА (ЦЕФТА – 2006).

Овој договор беше потпишан на 19-ти декември 2006 година во Букурешт – Романија. Земји потписнички на ЦЕФТА – 2006 се: Република Бугарија, Република Хрватска, Романија, Република Македонија, Република Албанија, Босна и Херцеговина, Република Молдова, Република Црна Гора, Република Србија и Привремената Административна Мисија на Обединетите Нации во Косово во име на Косово. Со влезот на Република Бугарија и Романија во Европската Унија, тие веќе не се членки на Договорот ЦЕФТА – 2006. Договорот ЦЕФТА – 2006 беше ратификуван од страна на земјите потписнички во текот на 2007 година и почна со негова имплементација во втората половина на 2007 година. Со отпочнувањето на неговата имплементација, престанаа да важат постојните Договорите за слободна трговија, склучени меѓу земјите потписнички.

Вкупна трговија и трговија со земјоделско-прехранбени и рибни производи

Како резултат на глобалната економска криза во 2009 година, вкупната трговска размена (извоз и увоз) на индустриските и земјоделско-прехранбените производи беше драстично намалена во споредба со претходните години, така што вкупниот извоз во 2009 година беше намален за 28,4% во споредба со 2008 година, а вкупниот увоз беше намален за 22,1%. Во 2010 година, трговската размена на овие производи беше повторно зголемена, и тоа, извозот за 29,7%, а увозот 14%. Извозот на земјоделско-прехранбените производи во 2010 година во споредба со 2009 бележи зголемување за 18,4% (од €357,8 милиони на €423,7 милиони), а увозот на земјоделско-прехранбени производи во 2010 година во споредба со 2009, беше зголемен за 6,5% (од €499,8 милиони на €532,2 милиони). Сепак, трговскиот биланс на Република Македонија е негативен.

Вкупна трговска размена и трговска размена со земјоделско-прехранбени и рибни производи, 2006-2010

(во милиони €)		Вкупна трговија (индустриски и земјоделски производи)	Трговија со земјоделско-прехранбени и рибни производи	Учество на земјоделско-прехранбени и рибни производи во вкупната трговија
2006	Извоз	1.906,2	318,0	16,7%
	Увоз	2.987,7	367,4	12,3%
	Баланс	-1.081,5	-49,4	4,6%
2007	Извоз	2.446,4	346,6	14,2%
	Увоз	3.795,0	461,5	12,2%
	Баланс	-1.348,6	-114,9	8,5%
2008	Извоз	2.689,2	378,5	14,1%
	Увоз	4.643,4	534,4	11,5%
	Баланс	-1.954,2	-156,0	8,0%
2009	Извоз	1.925,2	357,8	18,6%
	Увоз	3.615,8	499,8	13,8%
	Баланс	-1.690,6	-142,0	8,4%
2010	Извоз	2.497,5	423,7	16,9%
	Увоз	4.119,1	532,2	12,9%
	Баланс	-1.621,6	-108,6	6,7%

Извор: ДЗС, 2011

Во 2010 година извозот на земјоделско-прехранбени и рибни производи во вкупниот извоз на Република Македонија изнесува 16,9%, додека увозот на земјоделско-прехранбени и рибни производи во вкупниот увоз на Република Македонија, учествува со 12,9%.

Трговскиот дефицит во последните три годинаи има тренд на намалување, па така од €156 милиони во 2008 година, во 2009 година беше намален на €142 милиони, а во 2010 година бележи намалување за уште 23,5% и изнесува €108,6 милиони.

Развој на Македонската трговска размена со земјоделско-прехранбени и рибни производи за периодот 2006-2010 (во милиони €)



	2006	2007	2008	2009	2010
Извоз	318,0	346,6	378,5	357,8	423,7
Увоз	367,4	461,5	534,4	499,8	532,2
Трговски баланс	-49,4	-114,8	-156,0	-142,0	-108,6

Извор: ДЗС, 2011

5.2. Најзначајни партнери на Република Македонија во трговијата со земјоделско-прехранбени и рибни производи во 2010 година

Во 2010 година земјите членки на ЦЕФТА 2006 се најзначаен партнер на Република Македонија во трговијата со земјоделско-прехранбени и рибни производи, со вкупна вредност на трговската размена (извоз+увоз) од €393,7 милиони. Учеството на извозот на земјоделско-прехранбени и рибни производи во земјите членки на ЦЕФТА 2006 во вкупниот извоз на овие производи во 2010 година изнесува 51,7%, додека учеството на увозот од земјите членки на ЦЕФТА 2006 во вкупниот увоз на земјоделско-прехранбени и рибни производи во 2010 година изнесува 32,8%. Најзначаен трговски партнер од земјите членки на ЦЕФТА 2006 е Србија со учество од 20,1% во вкупниот извоз на земјоделско-прехранбени и рибни производи и учество од 23,6% во вкупниот увоз на овие производи. Следи Хрватска (со учество од 7,4% во вкупниот извоз и учество од 6,1% во вкупниот увоз), потоа Босна и Херцеговина (со учество од 7,1% во вкупниот извоз и учество од 2,0% од вкупниот увоз) а во однос на извозот Косово треба да се смета за значаен партнер со учество од 11,4% од вкупниот извоз, додека останатите заемји членки на ЦЕФТА 2006 (Црна Гора, Молдова и Албанија) сеуште немаат големо значење во трговската размена.

Како втор најзначаен партнер на Република Македонија во трговијата со земјоделско-прехранбени и рибни производи во 2010 година е ЕУ-27, со вкупна вредност на трговската размена (извоз+увоз) од €390,1 милиони. Учеството на извозот на земјоделско-прехранбени и рибни производи во ЕУ-27 во вкупниот извоз на овие производи во 2010 година изнесува 41,0%, додека учеството на увозот од ЕУ-27 во вкупниот увоз на земјоделско-прехранбени и рибни производи во 2010 година изнесува 40,7%.

Исто така треба да се спомене и Турција која е земја кандидат за влез во ЕУ и значаен трговски партнер на Република Македонија со учество од 1,2% во вкупниот извоз на земјоделско-прехранбени и рибни производи и учество од 3,6% во вкупниот увоз на овие производи. Најзначаен не Европски партнер е Бразил со учество од 7,9% од вкупниот увоз, ова од причина што во 2010 година од Бразил се увезени големи количини на шеќер, живинско месо, говедско месо и кафе.

Преглед на трговијата со земјоделско-прхранбени и рибни производи по земји во 2009 и 2010 година (во милиони €)

Земја	Извоз				Увоз				Трговски баланс	
	2009		2010		2009		2010			
	вредност	Учест.%	вредност	Учест.%	вредност	Учест.%	вредност	Учест.%	2009	2010
Албанија	12,4	3,5%	15,2	3,6%	1,0	0,2%	0,9	0,2%	11,4	14,3
Босна и Херцеговина	30,0	8,4%	30,0	7,1%	12,0	2,4%	10,8	2,0%	18,0	19,3
Хрватска	29,3	8,2%	31,5	7,4%	28,9	5,8%	32,4	6,1%	0,4	-0,9
Србија	78,9	22,1%	85,0	20,1%	105,9	21,2%	125,6	23,6%	-27,0	-40,6
Косово	35,5	9,9%	48,2	11,4%	2,44	0,5%	4,4	0,8%	33,1	43,8
Црна Гора	9,0	2,5%	9,1	2,1%	0,3	0,1%	0,6	0,1%	8,7	8,5
Молдова	0,05	0,0%	0,3	0,1%	0,23	0,0%	0,04	0,01%	-0,2	0,2
ЦЕФТА – Вкупно	**195,1**	**54,5%**	**219,1**	**51,7%**	**150,9**	**30,2%**	**174,6**	**32,8%**	**44,3**	**44,5**
ЕУ-27 – Вкупно	**145,7**	**40,7%**	**173,7**	**41,0%**	**197,7**	**39,6%**	**216,4**	**40,7%**	**-52,0**	**-42,7**
Турција	2,7	0,7%	5,2	1,2%	18,0	3,6%	19,0	3,6%	-15,4	-13,8
Бразил	0,0	0,0%	0,7	0,2%	42,2	8,4%	42,0	7,9%	-42,2	-41,3
Останати земји	14,3	4,0%	24,9	5,9%	90,9	18,2%	80,3	15,1%	-76,7	-55,4
Вкупно, цел свет	**357,8**	**100%**	**423,7**	**100%**	**499,8**	**100%**	**532,2**	**100%**	**-142,0**	**-108,6**

Извор: ДЗС, 2011

5.3. Трговија со земјоделско-прехранбени и рибни производи меѓу Република Македонија у ЕУ-27 во 2010 година

Трговската размена на Република Македонија со ЕУ-27 има просечно учество од 43,5% во вкупната трговска размена со земјоделско-прехранбени и рибни производи за периодот од 2006 до 2009 година. Во 2010 година ова учество изнесува 40,8%, односно учеството на извозот на земјоделско-прехранбени производи во ЕУ-27 во вкупниот извоз изнесуваше 41,0%, додека учеството на ЕУ-27 во вкупниот увоз на земјоделско-прехранбени производи изнесуваше 40,7%.

Преглед на податоците за извоз, увоз и трговски баланс со ЕУ-27 за периодот 2006-2010 (во милиони €)



Извор: ДЗС, 2011

По позитивниот развој на трговијата во 2006 и 2007 година, прикажан преку намалувањето на трговскиот дефицит, во 2008 година трговскиот дефицит повторно се зголеми како резултат на намалениот извоз и зголемениот увоз. Вредноста на трговскиот дефицит во 2008 година достигна €64,7 милиони од €10,5 милиони во 2007. Наредните две години, трговскиот дефицит беше намален, и тоа: во 2009 година трговскиот дефицит изнесува од €52 милиони, во 2010 година изнесува €42,7 милиони. Намалувањето на трговскиот дефицит е резултат на зголемениот извоз на земјоделско-прехранбени производи од Македонија во ЕУ-27 (19,2% во однос на минатата година). Увозот на овие производи во Македонија од ЕУ-27, исто така, бележи пораст од 9,5%.

Најзначајна ЕУ дестинација за извоз на Македонските земјоделско-прехранбени и рибни производи во 2010 година беше Грција (со учество од 23% од вкупниот извоз во ЕУ-27) со тутунот,

приготвени или конзервирени полжави, јагнешко месо и различни видови на свеж зеленчук, како најзначајни извезени производи. Следна е соседна Бугарија (со учество од 18,4% од вкупниот извоз во ЕУ-27) со тутунот, свежи домати, јаболка, свежи пиперки, како најзначајни извезени производи. Белгија со учество од 12,9% од вкупниот извоз во ЕУ-27, е трета најзначајна извозна дестинација, со тутунот како најзначаен извозен производ. Следна е Германија со учество од 12,4% од вкупниот извоз во ЕУ-27, со следните прозводи: вино, зеленчук полуприготвен, конзервиран зеленчук, полуприготвено или конзервирано овошје, тутун и некои други производи. Следна е Италија со учество од 9,5% од вкупниот извоз во ЕУ-27 и најзначајни извезени производи се: јагнешко месо, печурки полуприготвени или конзервирани, сушен зеленчук, зеленчук полуприготвен и конзервиран зеленчук. Потоа е Словенија со учество од 4,4% од вкупниот извоз во ЕУ-27, Холандија со учество од 3%, Полска со 2,6% и тн.

Учество во извозот по земји, во ЕУ-27 на земјоделско-прехранбени и рибни производи, за 2010 година



Извор: ДЗС, 2011

Во однос на увозот во 2010 година, Бугарија, Германија и Грција се јавуваат како најзначајни трговски партнери од ЕУ-27, со учество од 15,4%, 14,7% и 14% од вкупниот увоз од ЕУ-27. Најзначајни производи увезени од Бугарија се: масло од сончоглед, бисквити и вафли, семе од сончоглед и некои други производи; потоа од Германија најмногу е увезено: свинско месо свежо, разладено или замрзнато, прехранбени производи на дуго место неспомнати или опфатени, говедско месо свежо или разладено, чоколади, разни видови на сирење, екстракти од слад и друго; од Грција се увезени: конзервиран зеленчук (маслинки), прехранбени производи на дуго место неспомнати или опфатени, храна за исхрана на животни, памук непреработен, месо од живина, и свежо јужно овошје (портокали, мандарини, грејпфрут, лимони). Словенија е со учество од 9%, а најзначајни увезени производи се: месо од живина, преработки од месо, колбаси и слични производи од месо, прехранбени производи на дуго место неспомнати или опфатени,, сирења и други производи. Полска има учество од 8,4% од вкупниот увоз од ЕУ-27, а најзначајни увезени производи се: говедско месо, свежо или разладено, прехранбени производи на дуго место неспомнати или опфатени, чоколади и некои други производи. Следи Австрија со учество од 7,3% од каде се увезуваат говедско месо, газирани сокови, свинско месо, прехранбени производи на дуго место неспомнати или опфатени, некои видови на сирење и друго. Следни се Италија и Холандија со учество од по 6,9% од вкупниот увоз од ЕУ-27, Шпанија со учество од 4,4% и тн.

Учество во увозот по земји, од ЕУ-27 на земјоделско-прехранбени и рибни производи, за 2010 година



Извор: ДЗС, 2011

5.4. Анализа на трговијата со ЕУ-27

Трговската размена со **групата на риби и рибни производи** ја отсликува зависноста на Република Македонија од морска риба и рибни производи имајќи во предвид дека земјата нема излез на море. Учеството на увозот на овие производи во вкупниот увоз на земјоделско-прехранбени и рибни производи од ЕУ-27 во 2010 година беше 1,5%, додека нивниот извоз во вкупниот извоз на земјоделско-прехранбени и рибни производи во ЕУ-27 учествува со 3,8% (ислкучиво заради извозот на полжави свежи или конзервирани – тарифен број 0307 60 00 00 и 1605 90 30 10).

Слично на ова, **групата на други земјоделски производи**, чиј тарифни линии се после Глава 24 од Царинската тарифа, имаат незначително учество во вкупната трговска размена со земјоделско-прехранбени и рибни производи со ЕУ-27, со учество од околу 0,5% од вкупниот увоз и учество од 0,6% од вкупниот извоз во 2010 година.

Согласно на ова, најголемиот дел од трговската размена во 2010 година меѓу Република Македонија и ЕУ-27, односно учество од 97,6% во вкупниот увоз и учество од 95,6% од вкупниот извоз, отпаѓаат на **земјоделско-прехранбените производи со тарифни линии меѓу Глава 1 и 24 од Царинската тарифа**. Најголемиот дел од ова отпаѓа на трговијата со **примарни земјоделски производи** (со учество од 88,9% од вкупниот извоз и учество од 68,5% од вкупниот увоз) и на **преработените земјоделски производи** кои учествуват со 7,3% во вкупниот извоз и со 29,9% во вкупниот увоз на земјоделско-прехранбени и рибни производи.

5.5. Анализа на извозот од Република Македонија во ЕУ-27 по производи

Зголемениот извоз на земјоделско-прехранбени и рибни производи од Република Македонија во ЕУ-27 во 2010 година споредено со 2009 од 19,2% (од €145,7 милиони во 2009, на €173,7 милиони во 2010), е резултат на промената на извозот на следните производи:

1. **зголемен извоз на:** јаболка за 250% (од €0,9 милиони на €3,2 милиони); тутун за 10,9% (од €56,4 милион на €62,3 милиони); домати за 118% (од €3,4 милион на €7,4 милиони); овошје и јаткасто овошје варено или неварено, замрзнато за 153% (од €1,5 милиони на €3,9 милиони); зелка за 84% (од €2,7 милион на €5 милиони); печурки и пиперки за 37% (од €6,9 милион на €9,6 милиони); замрзнат зеленчук за 35,5% (од €4,5 милион на €6,1 милиони); лубеници за 69,7% (од €1,7 милион на €2,9 милиони); сокови за 159% (од €1 милион на €2,7 милиони) и др.
2. **намален извоз на**: вино за 25% (од €16,2 милиони на €12,1 милиони);

Назначајни извезени Македонски земјоделско-прехранбени производи во ЕУ-27 во 2010 година се: непреработен тутун (со учество од 35,9% од вкупниот извоз), виното (со учество од 7%), јагнешко месо

(со учество од 7,4%), разни видови на зеленчук свеж или разладен (со учество од 5,5%), домати (со учество од 4,3%), бисквити и вафли (со учество од 4%) и полжави конзервирани (со учество од 3,7%).

5.6. Анализа на увозот во Република Македонија од ЕУ-27 по производи

Зголемувањето на увозот во 2010 годиина во споредба со 2009 за 9,5% (од €197,7 милиони во 2009, на €216,4 милиони во 2010), беше како резултат на **зголемениот увоз** на следните производи: масло од сончоглед за 147% (од €7,8 милиони на €19,3 милиони); тутун за 67,4% (од €3,5 милиони на €5,9 милиони), свинско месо за 22% (од €10 милиони на €12,3 милиони), млеко во прав за 120% (од €1 милион на €2,3 милиони), преработки од месо за 24,5% (од €4,8 милиони на €6,1 милиони), семе од сончоглед, путер, сирење, јужно овошје алкохолни пијалоци и некои други производи.

Во однос на увозот во 2010 година во споредба со 2009 имаше **намален увоз** на пченица за 49% (од €4,4 милиони на €2,2 милиони), слад за 26% (од €3,6 милиони на €2,6 милиони), кафе, живи растенија и некои други производи.

Најголемо учество во вкупниот увоз на земјоделско-прехранбени и рибни производи од ЕУ-27 во 2010 година имаа следните производи: прехранбени производи на друго место неспомнати ниту опфатени (со учество од 10,1%), масло од семе од сончоглед (со учество од 9%), месо говедско свежо или разладено (со учество од 7,6%), месо свинско свежо, разладено или замрзнато (со учество од 5,7%), месо од живина (со учество од 4,6%), чоколади и други прехранбени производи што содржат како (со учество од 3,2%), бисквити и вафли (со учество од 3,1%), зеленчук конзервиран (со учество од 2,3%), сирење (со учество од 2,7%), преработки од месо (со учество од 2,8%), колбаси и слични производи од месо (со учество од 2%), добиточна храна (со учество од 4.5%) и тн.

Трговија со вино

Македонија е нето извозник на вино, кое претставува стратешки производ за земјата. Во однос на вкупната вредноста на извозот на земјоделско-прехранбени производи, виното е на второ место веднаш после тутунот.

Во 2009 година, вкупниот извоз на вино се намали на 687.686 хл (односно за 2,2% помалку во споредба со 2008), додека извозот на вино на пазарите во ЕУ се искачи на 415.116 хл (односно за 4% повеќе отколку во 2008). Во 2010 година, вкупниот извоз на вино се искачи на 700.167 хл (односно за 1,02% повеќе од 2009 во однос на количината и за 1,14% повеќе во однос на вредноста). Увозот на вино во Македонија е незначителен.

Извозот во Земјите членки на ЕУ во 2010 година е намален на 323.737 хл, споредени со 415.116 хл во 2009 година. Истиот претставува 46,24% од количината и 32,7% од вредноста на вкупниот извоз. Односот помеѓу наливното и виното во шишиња од вкупниот извоз е подобрен во споредба со 2009 година (88%/12%) на 85%/15% во 2010 година. Извозот во ЕУ зафаќа 51,3% од вкупниот извоз на наливно вино и 14,79% од вкупниот извоз на вино во шишиња.

Извоз и Увоз на наливно вино (количина и вредност за период (2006 – 2010)

година	ВКУПНО ИЗВОЗ		ИЗВОЗ ВО ЕУ		ВКУПНО УВОЗ		УВОЗ ОД ЕУ	
	Количина (хл)	Вредност ('000 €)	Количина (хл)	Вредност ('000 €)	Количина (хл)	Вредност ('000 €)	Количина (хл)	Вредност ('000 €)
2006	746.620	25.956	436.741	13.836	859	50	260	14
2007	831.423	31.328	484.547	15.947	1.730	90	257	15
2008	597.995	25.179	390.648	13.711	15.221	551	2	0,7
2009	606.746	26.550	409.124	15.315	9.325	354	11	2,8
2010	599.240	23.915	308.806	10.572	473	26	26	6,2

Извор: ДЗС, 2011

Анализата на трговијата со вино, посочува неколку земји како главни дестинации за извоз на Македонското вино и тоа: Германија (1), Чешката Република (2) и Словенија (3) (од Земјите членки на ЕУ) и Србија (1), Хрватска (2) и Босна и Херцеговина (4) (поранешна Југославија), и САД (3) и Русија (6) како други пазари.

Извоз и Увоз на вино во шишиња (количина и вредност за период (2006 – 2010)

ИЗВОЗ И УВОЗ (ВИНО ВО ШИШИЊА)								
	ВКУПНО ИЗВОЗ		ИЗВОЗ ВО ЕУ		ВКИПНО УВОЗ		УВОЗ ОД ЕУ	
Година	Количина (хл)	Вредност ('000 €)	Количина (хл)	Вредност ('000 €)	Количина (хл)	Вредност ('000 €)	Количина (хл)	Вредност ('000 €)
2006	80.197	9.608	10.926	1.061	1.705	372	838	256
2007	95.410	12.240	8.904	1.072	1.242	224	470	90
2008	105.378	13.992	9.000	1.205	1.331	377	631	281
2009	80.939	11.803	5.991	941	1.194	248	669	166
2010	100.927	13.434	14.931	1.520	1.639	400	907	288,6

Извор: ДЗС, 2011

Царински квоти за вино

Последното проширување на ЕУ со двете нови земји членки, од 1ви Јануари 2007 година, доведе до зголемување на безцаринската квота за извоз на Македонското вино во ЕУ на 399.000 хл (од кои во 2010 година 332.000 хл отпаѓаат на наливно вино, а 67.000 хл на вино во шишиња). Од друга страна, заради истите причини Македонија ја зголеми бесцаринската квота за увоз на вино со потекло од ЕУ на 12.000 хл, која понатаму на годишно ниво се зголемува за 300 хл, односно во 2010 година достигна 12.900 хл.

Врз основа на податоците добиени од Државниот завод за статистика за 2010 година, безцаринската квотата за извоз на македонско вино во ЕУ беше искористена со 81%, при што квотата за наливно вино беше искористена со 93%, а квотата за извоз на вино во шишиња беше искористена со 22%.

Увоз во Заедницата на вино со потекло од Република Македонија

Тарифна ознака	Наименување	Квота 2010 (хл)	Увоз 2010 (хл)	ЕУР €
ex 2204 10 ex 2204 21	Квалитетно пенливо вино Вино од свежо грозје	67.000	14.931	1.519.616
ex 2204 29	Вино од свежо грозје	332.000	308.806	10.571.681

Извор: ДЗС, 2011

Увоз во Република Македонија на вино со потекло од Заедницата

Тарифна ознака	Наименување	Квота 2010 (хл)	Увоз 2010 (хл)	ЕУР €
ex 2204 10 ex 2204 21	Квалитетно пенливо вино Вино од свежо грозје	12.900	907	288.556

Извор: ДЗС, 2011

VII. БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА

Општи цели на **политиката за безбедност на храна** во Република Македонија се да обезбеди заштита на здравјето на луѓето и заштита на потрошувачите преку имплементација на стандардите на Европската унија.

Системот за контрола на безбедност на храната во Република Македонија е одговорност поделена меѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) и Министерството за здравство (МЗ) на следниов начин:

- Дирекција за храна (ДХ) во рамките на МЗ,
- Управа за ветеринарство (УВ),
- Фитосанитарна управа (ФУ),
- Управа за семе и саден материјал (УССМ), и
- Државен земјоделски инспекторат (ДЗИ) во рамките на МЗШВ.

Главен напредок и реформа во системот на безбедност на храната во 2010 година беше постигнат со донесувањето на **Законот за безбедност на храната** („Службен весник на РМ“ бр.157/2010 од 08.12.2010).

Со овој рамковен закон, од аспект на институционално зајакнување и интегриран пристап, беше формирана **Агенција за храна и ветеринарство** во која се инкорпорираат постојните органи: Управа за ветеринарство, во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Дирекцијата за храна, во состав на Министерството за здравство. Формирањето на Агенција за храна и ветеринарство како независен орган на Владата на Република Македонија се покажа како најприфатлив организацизациски модел на системот за безбедност на храна во Република Македонија според критериумите и високите стандарди на Европската Унија.

Со донесувањето на Законот се укинаа двата закона што регулираа прашања од областа на безбедноста на храната, **Законот за ветеринарно јавно здравство** („Службен весник на РМ“ бр.114/2007) и **Законот за безбедност на храната и материјалите и предметите што доаѓаат во контакт со храната** („Службен весник на РМ“ бр. 54/02 и 84/07).

Новата поставеност вклучува адаптирање на методите на контрола, имплементација на ЕУ пристапот кон официјалните контроли, со цел да се обезбеди соодветна координација во рамките на системот за контрола, да се подобри ефикасноста, контролата врз трошењето на буџетските средства и транспарентноста.

Со формирање на единствена институција ќе се овозможи оптимално искористување на постојните човечки ресуси и материјални капацитети, ефикасно искористување на финасиските средства, како и прилагодување на главните текови на реформа на државната администрација во поглед на нејзина рационализација и истовремено зголемување на нејзината ефикасност и ефективност.

Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија ќе започне со работа на 1-ви Јануари 2011 година како самостоен орган на Владата на РМ надлежна за креирање и спроведување на политиката за безбедност на храната, храната за животни и прашања од областа на ветеринарството.

1. Ветеринарна политика

Управата за ветеринарство како орган во состав на МЗШВ од аспект на безбедноста на храната е надлежна за контрола и надзор на целокупниот синџир на храната од животинско потекло и храната за животни преку утврдување на основни начела за хигиена, контрола и надзор на храната од животинско потекло и храната за животни согласно високите стандарди и процедури на Европската Унија. Со ова индиректно се обезбедува:

1. висок степен на здравствена заштита на животните преку користење на хигиенски исправна храна за животни,
2. здравствена заштита на луѓето како крајни потрошувачи на храната од животинско потекло и
3. заштита на животната средина од загадување со отпад и нус-производи од животинско потекло.

1.1. Здравствена заштита на животните

МЗШВ, преку Управата за ветеринарство, а согласно Законот за ветеринарно здравство и Годишната Наредба за 2010, како и Програмите за сузбивање и искоренување на Бруцелоза и

Туберкулоза кај говедата и Програмата за сузбивање и искоренување на Бруцелозата кај овците и козите („Службен весник на РМ“ бр.46/2010), спроведе низа превентивни мерки и активности за контрола и искоренување на следниве болести:

а) Превентивна вакцинација и третмани:

- Беснило и дехелминтизација кај кучињата
- Класична чума кај свињите (вакцинирани 349.341 свињи);
- Њукастелска болест кај живината;
- Црн пришт (Антракс) - за контрола на болеста предвидена е вакцинација на сите говеда, овци, кози и копитари во местата каде болеста е потврдена во последните 20 години.

б) Годишна наредба за 2010 – Конечни резултати за дијагностички испитувања согласно методологијата на Labis (Лабораториски информативен систем).

Тестирања и други испитувања:

- Бруцелоза кај овци/кози - за 2010 година вкупно се тестирани **423.483**, од кои како позитивни животни се дијагностицирани вкупно **2869**. На принудно колење се пратени вкупно **3629** овци и кози.
- Бруцелоза кај говеда - во 2010 година, за Бруцелоза кај говедата вкупно беа тестирани **172.314,** како серо позитивни говеда се дијагностицирани вкупно **672**. На принудно колење се пратени **500** говеда.
- ТБЦ кај говеда - во 2010 година за контрола на болеста Туберкулоза кај говедата вкупно се туберкулинизирани **178.838** говеда, позитивен резултат дале **393** говеда. На принудно колење се пратени **141** говеда.
- Вкупно вакцинирани овци и кози во 2010 година се **155.020**.

Во текот на 2010 година согласно Програмата за сузбивање и искоренување на Трансмисивните Спонгиоформни Енцефалопатии (ТСЕ) земени се и испитани **1851** проби од заклани говеда и **292** проби од заклани овци/кози во кланиците во Република Македонија. Целните суб-популации се здрави животни за колење постари од 30 месеци, угинати животни или заклани од нужда постари од 24 месеци. Сите испитани примероци покажале **негативен резултат** (отсуство) на причинителот на Трансмисивни Спонгоиформни Енцефалопатии.

1.2. Систем на идентификација и регистрација на животните (ИиР)

Системот за идентификација и регистрација на фармските животни го сочинуваат:

- централен регистар на одгледувалишта на животни;
- средства за поединечна и групна идентификација на животните од видовите говеда, овци, кози и копитари;
- регистри на одгледувалишта на животните од видовите говеда, овци, кози и свињи;
- документи за движење на животните од видовите говеда, овци, кози и копитари и
- компјутерска база на податоци за животните од видовите говеда, овци, кози и свињи.

Во текот на 2010 година во базата на податоци се регистрирани 267.086 грла говеда. За секое обележно говедо се изработува и доставува негов пасош кој го следи животното при секое негово движење (купопродажба). Системот е оценет од меѓународните експерти како еден од најсовремените во Европа.

Идентификација и регистрација на овци и кози

Поради успешноста на проектот „Воспоставување на систем за идентификација и регистрација на говеда”, ЕАР во соработка со МЗШВ започнаа со реализација на проектот „Систем за идентификација и регистрација на животните-фаза 2” финансиран од ЕУ при што беа спроведени следниве активности:

- консолидација и подобрување на системот за идентификација и регистрација на говедата;
- консолидација и подобрување на системот за идентификација и регистрација на малите преживари;
- интегрирање на системот за идентификација и регистрација на животните со другите информатички системи во Управата за ветеринарство и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Идентификација и регистрација на свињи

Дел од активностите во третата фаза на системот за идентификација и регистрација на животните е изготвување на стратегија и осмислување на системот за идентификација и регистрација на свињите.

Досега се извршени следниве активности:

- изготвување на првична стратегија за идентификација и регистрација на свињи,
- осмислување и изработкана формулар за попис на одгледувалишта за свињи како и сите останати документи кои се дел од системот за идентификација и регистрација на свињи,
- изготвување на измени и дополнувања на законот за идентификација и регистрација на животните,
- изготвување и објавување на Правилник за идентификација и регистрација на свињите.

Моментална состојба на системот за идентификација и регистрација на животните

Системот за ИиР на животните е во напредна фаза и од почетокот на 2010 година до сега се спроведени и се спроведуваат следниве активности:

- Континуирано спроведување на активностите за идентификација и регистрација на животните, достава на документи, регистрирање на движењата на животните и администрирање на базата на податоци;
- Изготвени се и усвоени измените и дополнувањата на постоечкиот Закон за ИиР на животните во делот на животни од видот свињи и кучиња;
- Изработен и објавен е нов Правилник за идентификација и регистрација на животни од видот свињи („Службен весник на РМ“ бр.84/2010)
- Извршена е набавка на 70.000 ушни маркици за идентификација на говеда и 1.400.000 за овци и кози;
- Изготвена е стратегијата за понатамошна надградба на постоечкиот систем. Еден од предвидените модули е модулот за граничната ветеринарна инспекција, со што ќе се обезбеди подобра контрола на увезените пратки од животинско потекло;
- Континуирана посета на сточните пазари, едукација на фармерите, трговците со добиток и одговорните лица кои управуваат со пазарите во врска со ИиР на животните;
- Предложен е концепт за користење на Компјутерската база на податоци, за воспоставување на информатички стандард на ниво на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со што ќе се изврши регистрација на сите типови на земјоделски стопанства во Р. Македонија. Со ваков пристап ќе се намалат трошоците за одржување и лиценцирање на Земјоделскиот информатички систем кој според европските стандарди мора да се воспостави заради користење на субвенциите, безбедноста на храната и планирање на развојот во земјоделството.

1.3. Ветеринарни инспекциски служби на граничните премини на Република Македонија

На централно ниво Секторот за гранична ветеринарна инспекција се состои од две одделенија и тоа: Одделение за анализа на ризик и меѓународна трговија и Одделение за гранична ветеринарна инспекција, со вкупно вработени 6 државни службеници.

Ветеринарната инспекција на граничните премини е организирана во состав на секторот за гранична ветеринарна инспекција при Управата за ветеринарство. Граничните премини каде се дозволени увозот, извозот и провозот на пратките опфатени со Законот за ветеринарното здравство ги определува Владата на Република Македонија. Ветеринарниот преглед и контрола на пратки живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло се спроведуваа од страна на **18 официјални ветеринари распоредени на Ветеринарни инспекциски места на 9 гранични премини.**

Согласно начелата на Националниот акциониот план за спроведување на Стратегијата за интегрирано гранично управување на Владата на РМ, Управата за ветеринарство ќе продолжи да ги спроведува активностите предвидени согласно нејзините надлежности во насока на развивање на досегашните координирани мерки во надзорот на примената на легислативата од областа на ветеринарното здравство при влезот и транзитот на стоки и превозни средства, спречување и откривање на кривични дела, организиран криминал и сите видови на шверц преку граничните премини, како и контрола при преносот на материи и заразни болести што ги загрозуваат јавното здравство и здравјето на

животните, се со цел подобрување на деловната клима во Република Македонија како дел од државите на Западен Балкан и нивниот стремеж-интегрирање во Евроатлантските структури.

Создадени се сите предуслови **за предавање на ингеренциите од централно на локално ниво на самите гранични премини**, во однос на издавањето-одобрувањето на дозволите за увоз и транзит на пратки живи животни и производи од животинско потекло. Апликативниот софтвер „TRACES-like" кој е изработен по моделот на софтверот за работа на ГП-ни на Европската унија –„TRACES" воедно е целосно компатибилен и со Едношалтерскиот систем за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифни квоти – EXIM преку кој податоците, информациите и документите кои се потребни за трговските операции се поднесуваат, а потоа контролата на стоката се спроведува САМО ЕДНАШ НА ЕДНО МЕСТО.
Со ставање во функција на Апликативниот софтвер „TRACES-like", се отстрани и можноста за забуна кај корисниците на EXIM системот со досегашното издавање на **дозволи-Решение за увоз од централно ниво.**

Во контролата при меѓународното движење на стоките покрај другите агенции, вклучена е и ветеринарната инспекциска служба на граничните премини.

1.4. Ветеринарно јавно здравство

Имајќи го во предвид искуството од изминатите години при реализација на плановите, спроведувањето да се изведува според поделбата во Планот, континуирано во текот на целата година (секој месец да се реализира 1/12 од предвидувањата), опфаќајќи што е можно поголем број производители, да се врши земање на мостри при сомнеж како и земање на повеќе дополнителни мостри во случај на позитивен наод, редовна месечна достава на копија од записниците за земени мостри до Управата за ветеринарство, како и раководење при реализација на Планот според Стратегијата за земање на мостри, која беше доставена и Правилникот за начинот на вршење на ветеринарно-санитарен преглед и контрола и начинот на водење на евиденција за резидуи.

Усвоено Законодавство усогласено со релевантното законодавство на ЕУ

Во текот на 2010 година се усвоија три закона и тоа:

а) Закон за ветеринарно-медицински препарати („Службен весник на РМ" бр.42/2010 од 26.03.2010) со кој се уредуваат условите и постапките за одобрување за ставање во промет, производство, увоз, поседување, промет, употреба и контрола на ветеринарно-медицински препарати.

б) Закон за безбедност на храна („Службен весник на РМ" бр.157/2010 од 08.12.2010). Целта на новиот закон е јасно дефинирање на ингеренциите помеѓу органите надлежни за контрола на безбедноста на храната преку формирање на Агенција за храна и ветеринарство ефикасни процедури за блиска соработка помеѓу нив и постигнување на целосна усогласеност со Европскиот закон за храна и хигиенскиот пакет.

в) Закон за безбедност на храна за животни („Службен весник на РМ" бр.145/2010 од 05.11.2010) со кој се уредуваат основните и посебните барања за храна за животни, основните принципи и одговорности на операторите со храна за животни, организационите структури за безбедност на храна за животни и официјалните контроли.

Битно е да се напомене дека трите горенаведени закони се усогласени во целост со релевантното законодавство на ЕУ. Со законодавството за безбедност на храната и храна за животни се постигнува интегриран пристап во контролата на целокупниот ланец храната и храната за животни преку почитување на начелото „од фарма до трпеза" што преставува досега најдобра гаранција за безбедност на храната за човечка употреба и храната за животни. Воедно, со нив се отвораат нови можности за извоз на македонските производи опафетни со горенаведените закони пред сé на пазарот на Европската Унија.

Во производството, преработката и дистрибуцијата на храната како и во системите за контрола на храна покрај постоечката регулатива се применуваат и меѓународно признаените стандарди и препораки (Codex Alimentarius и Светска Трговска Организација-WTO). Исто така во 2010 година продолжи објавувањето на голем број подзаконски акти усогласени со Европското законодавство што ја регулираат ветеринарната област, како континуитет во усогласувањето на националното законодавство со законодавството на ЕУ.

1.5. Лаборатории

Согласно законот за Ветеринарно здравство, лабораториите кои му припаѓаат на Факултетот за ветеринарна медицина (ФВМ) работат како национална назначена лабораторија за спроведување лабораториски анализи од службени контроли на Управата за ветеринарство.

Во текот на јануари 2010 година покрај постоечките 75, акредитиарни се уште 20 нови дијагностички методи според **МКС ISO/IEC 17025:2006** од различни области и тоа: биологија, микробиологија, биохемија, прехрамбени производи, пијалоци, вода, храна за животни.

Официјалните документи за акредиатција на методите се издаваат од страна на Институтот за акредитација и истите може да се најдат на web страна на Институтот - www.iarm.gov.mk . Тие се вршат во целосно реконструирани и добро опремени лаборатории: Институт за храна - (Лабораторија за микробиологија на храна, Лабораторија за квалитет за храна, Лабораторија за резидуи и контаминенти, лабораторија за контрола на квалитет на млеко) и ветеринарен Институт (лабораторија за серологија, лабораторија за ТСЕ). Лабораториите имаат соодветно обучен персонал, калибрирана опрема и контролирана средина. Континуитетот на системот за квалитет е обезбеден преку регуларна внатрешна и надворешна ревизија. Имплементацијата на стандардот МКС ISO/IEC 17025:2006 и акредитацијата на ФВМ претставува гаранција за клиентите дека резултатите за испитување се веродостојни и според последните национални и интернационални стандарди и прописи, како и доказ за обезбедување на висок квалитет на услуги за клиентите.

Планирани активности на Агенцијата за храна и ветеринарство

А. Воспоставување и одржување на интегриран систем за безбедност на храната во Република Македонија

Обезбедување на компатибилност со контролните системи на Европската Унија е една од определбите и воедно обврска на Република Македонија како земја кандидат за влез во ЕУ.

Агенцијата за храна и ветеринарство ќе ги обедини конторолните системи во единствен /интегриран/ систем за контрола на храната во Република Македонија класифицирани во 11 области и тоа:

- контролен систем за здравствена заштита на животните (Control sistem for animal health);
- контролен систем за храна од животинско потекло (Control system for food of animal origin);
- контролен систем за увоз на храна од животинско потекло (Control system for imports of food of animal origin);
- контролен систем за храна за животни за животни и исхрана на животните (Control system for feedingstuff and animal nutrition);
- контролен систем за ТСЕ и нус производи од животинско потекло (Control system for tse and animal byproducts);
- контролен систем за ветеринарно-медицински препарати и резидуи (Control system for veterinary medicines and residues);
- контролен систем за генерална безбедност на храната (Control system for general food hygiene);
- контролен систем за увоз на храна од растително потекло (Control system for imports of food of plant origin);
- контролен систем за пестициди (Control system for pesticides) и
- контролен систем за благосостојба на животните (Control system for animal welfare).

По воспоставувањето на соодветен единствен систем за контрола со поврзаност на сите активности и функции работата на Агенцијата за храна и ветеринарство претежно ќе биде насочена кон нивно одржување и доколку е потребно нивна надградба.

Б. Надградба на системот за идентификација и регистрација на животните

- надградба на правната рамка за идентификација и регистрација на животните од видот свињи;
- започнување со обележување на свињите;
- изработка на софтвер и набавка на потребни материјали (ушни маркици, апликатори, печатени материјали) за потребите на системот за обележување на свињи;
- во изработка се законските прописи за идентификација и регистрација на домашните миленици (кучиња и мачки) и идентификација и регистрација на пчелите,

- изготвени се план и стратегија за имплементација на системот за идентификација и регистрација на домашните миленици (кучиња и мачки) и системот за идентификација и регистрација на пчелите.

В. Подобрување на мерките за здравствена заштита на животните и благосотојба на животните:

- епидемиолошки студии за зоонози и економски важни болести и изготвување на препораки за изработка на програми за сузбивање/контрола на истите;
- изготвување препораки за сузбивање/контрола на економски важни болести со цел да се намали бројот на заболени животни како и намалување на губитоците од болестите;
- воведување на принципот на проценка на ризиците како метод во донесување на одлуки во однос на здравствена заштита на животните;
- изготвување на планови за итни мерки при појава на болести (африканска чума кај свињите, Њукастелска болест) и болести кои задолжително се пријавуваат;
- интеграција и надградба на информационите системи за здравствена заштита на животните;
- кампања за подигање на свеста во доменот на благосостојбата на животните.

Г. Останати Системи со кои ќе се зајакне капацитетот на Агенцијата за храна и ветеринарство

- воведување IT систем за мрежно поврзување и размена на информации помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство, подрачните канцеларии и граничните премини и Царинската управа,
- воведување на TRADE Control and Expert System (TRACES) како дел од единствената електронска база на податоци за следење на движењето на пратки од живи животни и одредени производи од животинско поткело во внатрешниот промет на ЕУ и оние кои треба да бидат увезени од трети земји како и обезбедување на сите релевантни податоци поврзани со прометот на овие пратки. Целта на овој систем е да се спречи внесувањето на заразни болести при промет со живи животни и производи од животинско потекло како и да се обезбеди непречен увоз на живи животни и производи од животинско потекло,
- имплементација на ефикасен систем за контрола на производството, прометот, дистрибуцијата и употребата на ветеринарно-медицинските препарати,
- воведување и подобрување на системите за безбедност на храната од животинско потекло преку: прилагодување на производните капацитети за храна од животинско потекло кон ЕУ стандардите, воспоставување на нови процедури за вршење на официјални контроли од страна на официјалните ветеринари (ветеринарни инспексиски служби) во согласност со стандардите и препораките на ЕУ,
- воспоставување на систем за собирање, третман и нештетно отстранување на нус-производите од животинско потекло, како и донесување на подзаконските акти што произлегуваат од Законот за безбедност на храна за животни („Службен весник на РМ“ бр.145/2010 од 05.11.2010), воспоставување на ефикасен систем за контрола во сите фази од ланецот на храна за животни (производството, прометот и употребата на храна за животни),
- воспоставување на апликативен софтвер за RASFF (системот за брзо известување за небезбедна храна).

Со Законот за безбедност на храна („Службен весник на РМ“ бр.157/2010 од 08.12.2010) се востановува информативна мрежа која врши брзо известување за директен или индиректен ризик по здравјето на луѓето кој потекнува од храна или храна за животни и ги пропишува правилата на доверливост на системот за брзо известување. Оваа мрежа ќе земе учество и ќе соработува со *RASFF (Rapid alert system for food and feed)* на Европската унија. Со воспоставување на апликативниот софтвер ќе се овозможи далеку побрз, непречен и двонасочен проток на информациите поврзани со безбедноста на храната помеѓу членовите во информативната мрежа (надлежните органи во Република Македонија, Европската Комисија и други земји кои имаат воспоставени системи еквивалентни на RASFF). Тоа значи многу поефикасна превенција на човековото здравје од небезбедна храна и воедно сведување на минимум на последиците од користење на таква храна, развивање на останатите модули како сегменти на Ветеринарниот Информациски Систем - ВИС и тоа: Идентификација и регистрација на овците и козите, Контроли на лице место, Проширување на модулот за компензација и убивање на животните заради здравствена заштита и благосостојба со централен и PDA апликативен софтвер и „TRACES-like“систем.

Откако ќе бидат развиени сите модули, секој од нив ќе работи независно од другите, но ќе биде поврзан со останатите (interface) што ќе овозможи проток на специфични и јасно дефинирани работни задачи на Агенцијата за храна и ветеринарство. Системот ќе има можност за надградба, т.е. додавање на нови сегменти/модули во случај на потреба.

2. Фитосанитарна политика

Во 2009 година Владата на Република Македонија го одобри **Стратешки план на Фитосанитарната управа за 2009-2012 година** со кој се планираат идните активности: административното зајакнување на Фитосанитарната управа од областа на здравјето на растенијата, производите за заштита на растенијата и ѓубрињата.

Фитосанитарната управа како орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ја има следнава организациска структура:

Сектор за заштита на растенија

- одделение за заштита, следење и прогноза на болести и штетници
- одделение за регионални центри и лаборатории

Сектор за агрохемија

- одделение за производи за заштита на растенија
- одделение за ѓубриња

Сектор за фитосанитарна регулатива и менаџмент

- одделение за фитосанитарна регулатива и меѓународна соработка
- одделение за менаџмент и административни работи

Фитосанитарната политика поставена од меѓународните организации IPPC и EPPO во кои членува и Република Македонија, е преставена преку МЗШВ-Управа за заштита на растенијата. Законските одредби се содржани во следниве Закони:

- **Законот за Здравје на растенијата** („Службен Весник на РМ“ бр.29/2005, 81/2008, 20/2009).

Со законот се уредува здравјето на растенијата, мерките и обврските во врска со појавата на штетни организми кај растенијата, растителните поизводи и други предмети и објекти, превенција од нивно внесување и ширење, мерки за сузбивање, биолошки мерки за заштита на растенијата, пристапот и размена на информации и информациски систем, трошоци и надоместоци, надлежност на органите, овластените служби, органи и тела во областа на здравјето на растенијата и се уредуваат и други прашања од областа на здравјето на растенијата. Овој закон е во согласност со Директива 2000/29 ЕС. Законот за здравјето на растенијата, меѓудругото го уредува и воведувањето на пасоши на растенијата во Република Македонија согласно ЕУ мерките и стандардите. Ова подразбира изработка на Листи на штетни организми Анекс I – Анекс V од Директивата 2000/29 ЕС како и прописи, меѓу кои е и воспоставувањето на Регистарот на производители, преработувачи, увозници и дистрибутери на растенија, растителни производи и други предмети и објекти. Листите ја создаваат основата за приоритети за контрола при увоз и регистрација на одредените места на производство и последователна внатрешна инспекција.

- **Закон за заштита на растенија** („Службен Весник на РМ” бр.110/2007, 20/2009).

Со Законот се уредуваат: одобрувањето, пласирањето на средствата на пазарот, употребата и контролата на производите за заштита на растенијата, пласирањето на средствата на пазарот и контрола на активните супстанции кои претставуваат производи, максимално ниво на резидуи, опрема за користење на производи, размена на информации во врска со производите. Потоа, производство на производи, евиденција на правните и физичките лица вклучени во производството и пласирањето на производи на пазарот, условите за овластување на органите одговорни за имплементација, мониторинг и контрола на овој закон. Овој закон е во согласност со Директива 91/414 ЕЕС.

- **Закон за ѓубриња** („Службен Весник на РМ“ бр.110/2007).

Со Законот за ѓубриња се уредуваат условите за производство, пласирањето на ѓубриња на пазарите, увоз, употребата на ѓубриња, видови на ѓубриња, идентификација, состав, земање примероци, пакување, обележување испитување, декларирање, следење, регистрирање и други прашања во врска со ѓубрињата. Овој закон е во согласност со Регулатива 2003/2003 ЕС. Во областа на усогласување на законодавството со законодавството на Европската унија, во текот на 2010 година, направени се измени и дополнување на основните фитосанитарни закони, и донесени се група на правилници, и тоа:

■ **Согласно Законот за производи за заштита на растенијата**:

- Правилник за висината на трошоците за одобрување на производи, издавање на сертификат за опрема и контролно тестирање на опрема („Службен весник на РМ“ бр.145/2010),
- Правилник за постапката за обработка на барањата и подетална документација и податоците за оценување на досието на активна супстанци („Службен весник на РМ“ бр.28/2010),
- Правилник за процедуралните правила за работа на стручната комисија за потврдување на стручните работи од областа на одобрувањето на производите за заштита на растенијата („Службен весник на РМ“ бр.139/2010),
- Правилник за поблиските услови за пакувањето на производите за заштита на растенијата, декларирањето и означувањето на стандардните фрази („Службен весник на РМ“ бр.144/2010),
- Листа на активни супстанции кои се одобрени за користење во производи што се применуваат за заштита на растенија на територијата на Европската Унија („Службен весник на РМ“ бр.159/2010).

■ **Согласно Закон за за ѓубриња**:

- Правилник за содржината на согласноста за пакување и доработување на ѓубрињата кои треба да ги исполнуваат правните лица кои произведуваат, доработуваат, вршат пакување, како и секое друго правно лице кои ги менува својствата на ѓубрето („Службен весник на РМ“ бр.119/2010),
- Правилник за поблиските услови кои треба да ги исполнуваат правните лица овластени за испитување на ѓубрињата („Службен весник на РМ“ бр.129/2010),
- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на правни лица за пласирање на пазар на ѓубриња на големо и на мало („Службен весник на РМ“ бр.145/2010),
- Правилник за поблиските услови за магацините, условите за сместување и чување на ѓубривата и животната средина при животната средина при пласирање на пазар на ѓубриња на големо и мало („Службен весник на РМ“ бр.150/2010).

■ **Согласно Законот за здравјето на растенијата**:

- Одлука за определување на местата на влез на кои ќе се врши фитосанитарна инспекција („Службен весник на РМ“ бр.59/2010) заради определување на влезни места во Република Македонија,
- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на производители, преработувачи, увозници и дистрибутери на растенија, растителни производи и други објекти и предмети („Службен весник на РМ“ бр.131/2010), заради изработка на регистер.
- Листи на штетни организми на растенија, растителни производи и други објекти и предмети (I-V). („Службен весник на РМ“ бр.65/2010), со што објавени се 5-те листи на штетни организми,
- Правилник за мали количества на растенија, растителни производи и други објекти и предмети, вклучувајќи и прехрамбени производи („Службен весник на РМ“ бр.131/2010),
- Правилник за формата и содржината на фитосанитарниот сертификат или фитосанитарниот сертификат за реекспорт и формата и содржината на пријавата за издавање на фитосанитарен сертификат („Службен весник на РМ“ бр.113/10), со што изработен е нов фитосанитарен сертификат според европски барања и во голема мера заштитен,
- Правилник за начинот и постапката за вршење на фитосанитарна инспекција на растенија, растителни производи и други објекти и предмети на места на влез во Република Македонија (Службен весник на Р.Македонија бр.111/2010),
- Правилник за начинот на вршење на фитосанитарната инспекција при увоз на пратки од Листата V дел Б Секција 1 („Службен весник на РМ“ бр.131/2010),
- Правилник за мерките и начинот на спроведување на мерките за уништување или отстранување на штетните организми и мерките и начиниот на спроведување на дезинфекција, дезинсекција или дератизација на штетните организми („Службен весник на РМ“ бр.131/2010),
- Правилник за начинот на водење на евиденција, начинот на спроведување на проверките на здравјето на растенијата, содржината и начинот на известување за податоците за производство, преработка, промет со растенија, растителни производи и други објекти и предмети („Службен весник на РМ“ бр.131/2010),
- Правилник за поблиски критеиуми за утврдување на малите производители или преработувачи и локалните пазари („Службен весник на РМ“ бр.131/2010),

- Правилник за временските периоди и начинот на вршење на фитосанитарни инспекции на растенија, растителни производи и други објекти и предмети наведени во Листата V Дел А Секција 1 и Листата V Дел А Секција 2 („Службен весник на РМ“ бр.131/2010),
- Правилник за услови за движење на пратките на растенија, растителни производи и други објекти и предмети наведени во Листата V Дел А Секција 2 („Службен весник на РМ“ бр.131/2010),
- Правилник за пасоши на растенија („Службен весник на РМ“ бр.131/2010).

3. Сектор агрохемија

Производи за заштита на растенијата и ѓубрења

Во 2010 се вршеше регистрација на производи за заштита на растенијата, поради имплементација на новиот закон и подготовка на процесот за регистрација и пререгистрација, согласно Законот кој произлегува од ЕУ Директивата 91/414ЕЕЦ. Издадени се 142 дозволи за увоз на производите за заштита на растенијата, кои се увезуваат во Република Македонија од страна на овластени застапници. Во 2009 година се вршеше и регистрирање на правни лица кои се занимаваат со пласирање на производи за заштита на растенијата на мало во специјализирани продавници (земјоделски аптеки). Во Регистарот запишани се 282 земјоделски аптеки, а истиот број во 2010 година според обврските за повторна регистрација, го имаат извршено 57 субјекти. Регистрирани домашни производители на заштитни средства има 6, овластени увозници на големо има 10, за продажба на мало има 71 и на големо 3 субјекта. Вкупно регистрирани се 527 производи за заштита на растенијата.

Увоз по групи на производи за заштита на растенија (во тони)

Производи	2006	2007	2008	2009	2010
Инсектициди	194	176	413	177	220
Фунгициди	615	625	707	483	548
Хербициди	239	354	311	212	265
Родентициди	4	/	2	9	35
Акарициди	15	/	/	/	/
Вкупно	1.067	1.155	1.432	882	1.068

Извор: МЗШВ, Управа за заштита на растенијата

Регистрацијата на нови ѓубрења се води според видот (органски, неоргански, подобрувачи на својства на почвата, биостимулатори). Во 2010 година е регистриран 1 производител.

Увоз на вештачки ѓубрења (во тони)

Производ	2006	2007	2008	2009	2010
НПК	26.393	44.460	24.496	23.084	27.000
КАН	18.463	17.231	102.289	19.320	17.000
Суперфосфат	82	1.097	1.029	143	
Уреа	11.793	11.102	1.059	10.412	5.600
Фолијарни ѓубрења	358	/	/	/	230
Течни минерални ѓубрења	78	/	/	/	25
Вкупно	57.167	73.890	128.874	52.960	49.855

Извор: МЗШВ, Управа за заштита на растенијата

3.1. Фитосанитарна инспекција

Од 2009 година Фитосанитарната инспекција е во состав на Државниот инспекторат за земјоделство и е вклучена во системот за следење и извршување на мерките за спречување на појавата, ширењето и сузбивањето на штетните организми. Таа врши фитосанитарни инспекции на пратки од растенија и производи од растително потекло, производи за заштита на растенијата, вештачки ѓубрења за извоз, увоз, реекспорт и транспорт.

Согласно Законот за здравје на растенијата воспоставена е Државна фитосанитарна лабараторија која врши дијагностицирање и детерминирање на штетни организми, анализа на физичко -

хемиски својства на производи за заштита на растенијата, анализа на активна материја, како и биолошки испитувања по одредени области од фитосанитарното законодавство.

4. Управа за семе и саден материјал

Управата за семе и саден материјал е формирана 2001 година и нејзина основна цел е контрола над производство на сертифициран семенски и саден материјал кој се произведува во РМ и контрола на семенски и саден материјал за земјоделски растенија кој е увезен во нашата држава.

Управата за семе и саден материјал е орган во состав на МЗШВ и во нејзина надлежност е:

- Контрола на производство, подготовка за пазар, увоз и извоз на семенскиот и садниот материјал за земјоделски растенија;
- Контрола и пост-контрола на семенски посеви и насади;
- Признавање, одобрување и заштита на сорти од земјоделски растенија;
- Чување на дефинитивни примероци на семенски и саден материјал во Ген банка;

Управата организациски е составена од три одделенија и тоа:

- Одделение за признавање, одобрување и заштита на сорти,
- Одделение за контрола и пост-контрола на семенски посеви и насади и
- Одделение за Ген-банка

Управата за семе и саден материјал, планираните активности и задачи кои произлегуваат од законската регулатива од областа на семенски и саден материјал ги има утврдено и прецизно наведено во **Стратешкиот план за 2010-2012 година.**

Во 2010 година Управата ја спроведе постапката за изменување и дополнување на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија („Службен весник на РМ“ бр.171/2010). Со овие измени на Законот, се прифати Европскиот заеднички каталог на сорти од земјоделски растителни видови, и се укинати одобренијата за увоз на семе и саден материјал, со што се исполнети одредниците кои беа дадени од Европската Комисија за земјоделство и рибарство. Со оваа измена се поедностави постапката за увозот и трговијата со семенскиот и саден материјал во Република Македонија.

Според наведениот Закон, донесени се следните правилници:

1. Од областа на признавањето на сортите е донесен - Правилник за постапките и методите за испитување на различност, еднообразност и стабилност на сортата (DUS тест) за земјоделските растенија („Службен весник на РМ“ бр.110/2010). Овој правилник е донесен поради потребата за пропишување на постапките и методите за испитување на различност, еднообразност и стабилност на сортите кои се спроведуваат на поле и во лабораториски услови.
2. Од областа на запишување и пријавување на сортите во Националната сортна листа е донесен Правилник за формата и содржината на барањето за продолжување на запишувањето на сортата во националната сортна листа, како и начинот и постапката за продолжување на запишувањето („Службен весник на РМ“ бр.137/2010) кој е усогласен со ЕУ Директива 2002/53/ЕЗ. Со овој правилник се пропишува постапката за продолжување на запишување на сотрата во Нацилонална сортна листа, како и формата и содржината на пријавата за продолжување на запишаната сорта во Национална сортна листа.

Од Законот за селекционерски права („Службен весник на РМ“ бр.52/2009) во 2010 година донесени следниве правилници:

1. Правилник за формата, содржината и постапката за поднесување на пријавата за доделување на селекционерското право; како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот за селекционерско право. („Службен весник на РМ“ бр.134/2010).
2. Правилник за составот и начинот на работа на Комисијата за заштита на растителни родови и видови на земјоделски растенија. („Службен весник на РМ“ бр.134/2010).

Во 2010 година согласно законската регулатива од областа на семенски и саден материјал, склучени се следниве договори за јавно овластување:

- Договори за јавни овластувања помеѓу Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и овластените правни лица за испитување на сорти на семенски и саден материјал;

- Договори за јавни овластувања помеѓу Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и овластените правни лица за контрола и постконтрола на семенски и саден материјал,
- Договори за јавни овластувања помеѓу Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и овластените правни лица за стручна контрола над производството на семенски и саден материјал и
- Договори за јавни овластувања помеѓу Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и овластени лаборатории во кој има Ген банки за чување и одржување на семенски и саден материјал од дивергентни популации, автохтони видиви и дефинитивни примероци на признаени сорти кој се запишани во Национална сортна листа.

Управата за семе и саден материјал во 2010 година континуирано ги спроведува планираните активностите согласно Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија и реализирани се следниве активности:

- Од регистрација на снабдувачи на семенски и саден материјал и издавање на одобренија за увоз на сорти се издадени:
- 559 одобренија за увоз на семенски и саден материјал од земјоделски растенија;
- 136 решенија за запишување во Регистарот на снабдувачи на семенски материјал кој го води Управата;
- 99 решенија за запишување во Регистарот на снабдувачи на саден материјал кој го води Управата.

2) Од постапката за испитување, одобрување и признавање на нови сорти од земјоделски растенија е реализирано следното:

- признаени и објавени се 30 нови сорти на тутун во Службен весник на Р. Македонија и запишување во национална сортна листа.
- пријавени се 81 сорти од земјоделски растенија во 2010 година за испитување и нивно запишување во Национална сортна листа, од кои 39 нови сорти и 42 сорти за продолжување, истите се поставени на опитни полиња за испитување и по добивање на податоците ќе се пристапи кон нивно признавање и запишување во 2011 година.

Управата издаде над 77.000 етикети за сертифицирано семе, оваа активност е споведена за подобра контрола и следење на квалитетот на семенскиот материјал кој е произведен во Република Македонија, со што се евидентира производство на сертифициран семенски материјал кој се пушта во трговија.

Во производната 2009/2010 година од снабдувачите за производство на семенски материјал во Управата се пријавени површини за вршење на стручна контрола за производство на семенски материјал од следните култури:

- пченица на површина од 4.002,81 ha,
- јачмен на површина од 1.218,99 ha,
- тритикале на површина од 159,00 ha,
- сточен грашок на површина од 27,60 ha,
- еспарзета на површина од 2,14 ha,
- луцерка на површина од 44,00 ha и
- соја на површина од 50,36 ha.

Од обработените податоци од пријавените површини за производство на семенски материјал, добиени се 5.000 тони семенска пченица, 1.000 тони семенски јачмен и 120 тони семенско тритикале.

5. Државна фитосанитарна лабораторија (ДФЛ)

За извршување на специјализирани лабораториски тестови на растенија, растителни производи и други објекти и предмети во лабораторија, со цел дијагностицирање и детерминирање на штетни организми, биолошки организми, биолошки тестирања, испитување на физичко-хемиските својства на производите за заштита на растенијата, анализа на активната материја, анализа на семенски и саден

материјал, формирана е Државна фитосанитарна лабораторија (ДФЛ) во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со статус на Биро.

Правната основа за воспоставување на ДФЛ е пропишана со член 78 од Законот за здравје на растенија, објавен во Службен весник на Република Македонија (29/05), а опремата е обезбедена со помош на донација од CARDS 2001 програмата.

Лабораториските испитувања се вршени согласно Меѓународните протоколи за идентификација и дијагностика на карантинските и регулираните некарантински организми. Вршени се и испитувања на физичко-хемиските својства на производите за заштита на растенијата и анализа на активната материја, а значајно е да се спомне дека покрај здравствената состојба ќе може да се извршува и сортна чистота на семето со примена на молекуларни техники.

Верификувани се 7 CIPAK методи за определување на содржината на активната супстанца во производите за заштита на растенијата (glyphosat, propiconazole, benomyle, methomyl, dimethoate, novaluron, alfcypremithrin). Анализирани се 23 примероци од производите за заштита на растенија, кои ги содржат овие активни супстанци.

Во ДФЛ структурно се поставени следните лаборатории:

- Лабораторија за Бактериологија
- Лабораторија за Микологија/Фитопатологија
- Лабораторија за Вирологија
- Лабораторија за Нематологија
- Лабораторија за ентомологија
- Одделение за семе и саден материјал

6. Државен инспекторат за земјоделство

Државниот инспекторат за земјоделство, во 2010 година, својата работа на инспекциски надзор ја вршеше преку контроли над спроведување на одредбите од законите и поблиските прописи од областа на земјоделството, руралниот развој, рибарството и аквакултурата, здравјето на растенијата и производите за заштита на растенијата. Контролите се вршени на правните лица, јавните претпријатија, јавните научни установи, здруженија на граѓани и физичките лица, кои вршат дејности од овие области. Инспекторатот воедно учествува во изработката и донесувањето на законите и поблиските прописи од областа на земјоделстфвото, кои се во делокругот на работење на овој инспекциски орган.

Државниот инспекторат за земјоделство и во 2010 година решаваше по доставените пријави, преставки и предлози, доставени од страна на органите на државната управа, јавните установи, правните лица, здруженија и физички лица, како и од страна на другите органи. Од вкупниот број на доставените претставки, постапено е по 138 претставки, додека 18 се препратени до други надлежни органи, како и 1 претставка е препратена до Народниот правобранител.

Со Програмата за работа на инспекторатот за 2010 година, посебно внимание беше посветено на спроведување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството, Програмата за поттикнување и развој на органското земјоделско производство, Програмата за финансирање на активностите во примарното тутунско производство.

Државниот инспекторат за земјоделство за 2010 година, инспекцискиот надзор го вршеше преку контроли и прегледи во производството и внатрешниот и надворешниот промет на земјоделски производи од растително потекло, органски производи од растително потекло, храна за животни од растително потекло, семенски и саден материјал за земјоделски растенија, на производи за заштита на растенијата, ѓубриња, виното, афионот, тутунот, риба, на репроматеријали, а тоа го правеше со контрола и на деловни простории, објекти и опрема, каде се врши преработка, доработка во сите фази и складирање на производи, контрола на земјоделското земјиште, земјоделските посеви и насади, контрола на дивите продажни места и зелени пазари, ресторани, маркети, продавници, но и контрола на риболовни подрачја, риболовни ревири, над концесионерите на рибниот фонд и во време на ловостој.

Контрола и прегледи во надворешниот промет на граничните премини, на пратките од увоз, извоз, транзит и реекспорт беше спроведувана од државните фитосанитани инспектори преку воспоставениот информационен едношалтерски систем ЕХИМ, како и фитосанитарна контрола на пратките растенија, растителните производи и други предмети и објекти, производи за заштита на растенијата и ѓубриња.

Постигнати резултати во 2010 година

Работните задачи, земјоделската инспекција, ги вршеше преку надзор и контрола кај 10.683 правни лицаод кои10.432 се вонредни надзори и 251 контролни надзори, и 9.984 инспекциски наздори кај физички лица и тоа 9.888 вонредни надзори и 96 контролни надзори, при што се поминати 8.611 денови во инспекциска контрола.

Во 2010 година, државните инспектори за земјоделство, извршија 20.667 контроли, и донесоа 565 решенија за одстранување на констатираните недостатоци и запирање на незаконското работење. Од вкупно 565 донесени решенија за правни лица се донесени 385 решенија, додека за физички лица се донесни 180 решенија. За непочитување на одредбите од законите, поднесени се вкупно 606 барања за поведување на прекршочна постапка до надлежните судови, од кои против правни лица 92 барања, а против физички лица 514барања. За констатирани злоупотреби, непочитување на законите и поблиските прописи и сторена штета на РМ-Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државниот инспекторат за земјоделство има поднесено 10 кривични пријави до МВР и Основните јавни обвинителствaза сторени кривични дела.

Во извештајниот период за претходната година, врз основа на поднесените барања за поведување на прекршочна постапка, поднесени во 2008, 2009 и 2010 година, а решени во изминатата 2010 година од страна на надлежните судови, изречена е глоба во севкупен износ од 6.916.167,00 денари, додека по основ на издадени и наплатени платни налози и покани за наплата на глоба реализирани се 2.137.088,00 денари, или по овие два основа на сметка на Буџетот на Република Македонија наплатен е севкупен износ од 9.274.535,00 денари. Со контролите е извршен преглед на 2.360 тони разни **семиња,** 1.714.662 броја овошен и лозов **саден материјал**, 3.181тони **ѓубриња**, 1.923 тони **храна за животни**. За утврдување на квалитетот на семенски материјал, ѓубриња, добиточна храна и вино, од страна на инспекторите земени се вкупно 2.163 мостри, кои се дадени на лабораториски испитувања.

Поради непочитувањена одредбите на Законот за **рибарство и аквакултурата**, одземени се вкупно 1.462 kg разни видови на риба и вкупно 4.151 броја разен риболовен алат, опрема, средства и чамци.

Во **винарскиот сектор**, контролата е извршена над регистрираните 86 винарски визби, од откупот на винско грозје до произведено и извезено вино, при што се земни вкупно 4.428 мостри и издадени се вкупно 4.797 сертификати за вино и 345 сертификати за калитет на жестоки пијалоци и шира.

Во контролата на 13 (тринаесет) **царински терминали**, извршен е преглед на вкупно 7.674 разни видови на пратки. Од вкупниот број на пратки прегледани се:

- пратки храна за животни, во количина од 89.067 тони;
- 2.377 пратки маслодајни култури, во количина од 2.231.866 тони;
- 423 пратки од овошје, зеленчук и кафе или 8.084 тони;
- 1.917 пратки ѓубриња, увезена количина е 95.346,64 тони и тресет 1.411 тони;
- 333 пратки се од семенски материјал, во количина од 1.038 тони, 1.225.081 броја садници и калеми, како и 474 тони компост;
- 221 пратки режано и саксиско цвеќе и декоративни растенија, што преставува 1.048.477 броја, и
- 59 пратки од вино, алкохолни пијалоци и оцет или вкупно 496 тони вино иински дестилати.

Државните фитосанитарни инспектори*,* согласно Законот за здравјето на растенијата, Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија, Законот за производи за заштита на растенијата и Законот за ѓубриња, во 2010 година на граничните премини извршија фитосанитарна контрола при увоз, извоз, реекспорт и провоз на разни пратки растенија, растителни производи и други предмети и објекти, производи за заштита на растенијата и ѓубриња. Фитосанитарна инспекција беше вршена на девет гранични премини и четирите места на товар на подрачјето на територијата на Република Македонија при што се извршени севкупно 86.385 прегледи на пратки растенија, растителни производи и други објекти и предмети или сметано во тежина изнесува 1.139.034 тони, дрвен материјал во количина од 160.320 $м^3$ и саден материјал 17.714.928 броја, или остварен е приход од извршените фитосанитарни прегледи во буџетот на РМ во висина од 73.897.714,00 денари. Во периодот за 2010 година направен е повраток од извоз на 35 пратки.

Вршејќи аналитика над работењето на Државниот инспекторат за земјоделство за 2010 година, се констатира дека овој инспекциски орган бележи успех преку постигнатите резултати, бидејќи споредено со 2009 година, бројот на контроли е зголемен за **21%**, а за **0,5%** е зголемен бројот на донесени решенија, што се должи на зголемениот надзор и благовремено констатирање на недостатоците, поради непочитување на одредбите од законите и поблиските прописи.

VIII. ОДРЖЛИВО УПРАВУВАЊЕ СО ПРИРОДНИ РЕСУРСИ – ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ, ШУМИ И ВОДИ

1. Земјоделско земјиште

Сектор за регистрирање и управување со државно земјоделско земјиште

Според податоците добиени од 33 Подрачни единици на МЗШВ, вкупното обработливо земјоделско земјиште во државна сопственост на територијата на Р. Македонија изнесува 197.764 ha. За успешното раководење со распределбата на земјоделското земјиште во државна сопственост одговорен е секторот за регистрирање и управување со земјоделско земјиште. Во 2010 година овој сектор вклучува 21 вработени во 5 одделенија и тоа: одделение за размена, одделение за управување, одделение за унапредување, одделение за регистрирање и одделение за ЛПИС.

Преглед на корисници на државно земјоделско земјиште

Категорија / Корисник	2006		2007		2008		2009		2010	
	Корисници	Површина (ha)	Корисници	Површина (ha)	Корисници	Површина (ha)	Корисници	Површина (ha)	Корисници	Површина (ha)
Правни Субјекти	16	4.169	452	4.500	19	100	833	5.871	1.044	6.200
Индивидуални земјоделци	24	492	774	5.808	34	382				
Плодоуживатели	481	3.701	41	204	9	91	98	750	16	91
Физички лица	-	-	-	-	-	-	-	-		
Вкупно	**521**	**8.362**	**1.226**	**10.512**	**62**	**573**	**931**	**6.621**	**1.060**	**6.291**

Извор: МЗШВ

Плановите на Секторот за регистрирање и управување со земјоделско земјиште за 2011 година вклучуваат:

- Реализација на 10 од предвидените 10 огласи за доделување на државно земјоделско земјиште под закуп во вкупна површина од 8.000 ha.
- Имплементација на проектот „Поддршка во управување со државното земјоделско земјиште“ во соработка со ФАО.
- Имплементација на проектот „Стимералд - Стратегија институционална изградба и поддршка на Македонија кон напорите за сеопфатен рурален земјишен развој“. Основна цел на проектот е изработка на стратегија за комасација и оперативна програма како дополна на „Националната стратегијата за земјоделство и рурален развој“, како и за институционално зајакнување.

2. Шумарство – сектор за шумарство и ловство

2.1. Општи карактеристики на шумарскиот сектор

Согласно член 56 од Уставот на Р. Македонија, шумите, се прогласени за добро од општ интерес при што уживаат и посебна заштита. Шумите како природно богатство, покрај економската, имаат и значајна социјална и општокорисна функција. Сите активности на стопанисување со шумите (одгледување, користење и заштита) се регулирани со Законот за шумите („Службен весник на РМ”, бр.64/09, 24/11 и 53/11).

На шуми, односно на шумско земјиште во Р. Македонија отпаѓаат 1.159.600 ha (45% од целокупната територија), од кои вкупната површина под шума изнесува 955.300 ha (37% од територијата). Од 1970 година до денес површината е зголемена за повеќе од 140.000 ha преку пошумување на голини и ерозивни земјишта главно поради заштитна функција.

Според потеклото, шумите се класифицирани како:

- Високостеблени - зафаќаат помалку од 30% од вкупната површина под шума и учествуваат со 61,6% во вкупната дрвна резерва и
- Нискостеблени - зафаќаат 70% од вкупната површина под шума и учествуваат со 38,4% во вкупната дрвна резерва.

По состав, шумите се 82% лисјарски, 12% четинарски и мешани 6%. Вкупната дрвна маса изнесува 74.343.000 м^3, а вкупниот годишен прираст 1.830.000 м^3 со просечен годишен прираст од 2,02 м^3 по хектар. Планираниот годишен сечив етат (планирана годишна дрвна маса за сеча) изнесува околу 1.300.000 м^3.

Шумите во државна сопственост зафаќаат 90,14% од вкупната површина под шуми, а по дрвна резерва нивното учество е 92,2%. Шумите во приватна сопственост зафаќаат 9,86% од вкупната површина под шуми и учествуваат со 7,8% во вкупната дрвна резерва. Стопанисувањето со шумите во државна сопственост во Р. Македонија го врши ЈП „Македонски шуми," во чиј состав се наоѓаат 30 подружници, шумски стопанства и други правни лица кои вршат одгледување и заштита на шумите за посебна намена.

2.2. Управување и стопанисување со шумските ресурси

Според „Стратегијата за одржлив развој на шумарството во Република Македонија, со Акционен план 2007-2009 година" а усвоена од страна на Владата на РМ; Секторот за шумарство и ловство при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е одговорно за креирање и спроведување на политиките за одржливо управување со шумските ресурси Преку Програмата за проширена репродукција на шумите, се врши пошумување на голини и ерозивни земјишта, нега на шумски култури со прореди, мелиорација на деградирани шуми, санирање на опожарени шумски површини, обезбедување шумски саден материјал за пошумување на земјиште во приватна сопственост и друго.
Во Р. Македонија има 50 расадници за производство на шумски саден материјал наменет за пошумување и за хортикултурно уредување и озеленување, од кои 20 расадници се на ЈП „Македонски шуми".

Реализирани мерки и активности по Програмата за проширена репродукција на шумите

Активност	2006	2007	2008	2009	2010	Вкупно
1. Пошумување на голини и ерозивни земјишта (ha)	824	808	380	473	587	3072
2. Нега на шуми и шумски култури со прореди (ha)	1049	726	540	764	503	3582
3. Мелиорација на деградирани шуми (ha)	0	0	99	122	0	221
4. Санирање на опожарени шумски површини (ha)	138	352	315	0	40	845
5. Обезбедување шумски саден материјал за пошумување на земјиште во приватна сопственост (бр.на садници)	462.264	280.061	11.210	139.971	0	893.506
6. „Ден на дрвото" – пролет/есен (бр. на засадени садници)	/	/	5.222.560	7.913.915	652.017	20.788.492

Извор: МЗШВ, Сектор за шумарство и ловство

Стопанисувањето со шумите во државна сопственост го врши ЈП „Македонски шуми**"** во чиј состав се наоѓаат 30 подружници – шумски стопанства и други правни лица кои вршат одгледување и заштита на шумите за посебна намена. Чувањето на шумите во државна и приватна сопственост од бесправни дејствија и други негативни фактори го врши шумската полиција со 370 шумски полицајци во 2010 година, како и шумо-чуварската служба од ЈП „Македонски шуми".

2.3. Меѓународни активности во однос на шумарството

- Продолжување на активностите во рамките на ФОПЕР проектот, поддржан од Европскиот Шумарски Институт од Финска (EFI);

- Тековно ажурирање и изработен Национален извештај за процена на шумските ресурси во РМ, ФРА (Forest Resource Assessment);
- Учество во работата на тимот од експерти за шумарската политика во земјите на Југоисточна Европа и Централна Азија при UNECE/ FAO;
- Учество во собирање на податоци за влијанието на климатските промени врз шумите – проект на UNDP.
- Учество во собирање на податоци и подготвување на извештај за конференцијата на FOREST EUROPE.

2.4. Ловство

Во Р. Македонија востановени се вкупно 250 ловишта, од кои 105 се за крупен, а 145 за ситен дивеч. Од нив 5 се државни ловишта и тоа: четири ловишта за крупен дивеч: „Јасен" и „Јасен I" - Скопје, „Полаки" - Кочани и „Лешница" - Тетово и едно ловиште за ситен дивеч „Трубарево" – Скопје, кое е наменето за наставно - научни цели.

3. Управа за водостопанство

Водостопанството е комплексен збир на дејности од јавен интерес од кои зависи вршењето на дејностите и на другите стопански гранки.

Водостопанството како стопанска гранка која управува, планира и ги користи водните ресурси претставува клучна област низ чиј развој се реализираат сите стратешки планови за развој на државата.

Оваа гранка е директно поврзана со земјоделството и производството на храна, обезбедување на здрава вода за пиење на населението, обезбедување на технолошка вода за сите индустрии, регулирање на режимот на водите, одбраната од поплави и другите штетни дејства на водите, антиерозивната заштита, заштита на квалитетот на водата, или воопштено поврзана е со сите активности што ги презема човекот.

Управувањето со водите подразбира мерки и активности за рационално и ефикасно користење на водите, одржлив развој на водните ресурси, заштита на водите и заштита од нивното штетно дејство.

Во услови на недоволна обезбеденост со вода за различни намени, стратешка цел на нашата држава е да се обезбеди достапност до доволни количества на вода за пиење, за производство на храна, за потребите на земјоделството, индустријата и за други намени.

3.1 Закон за водостопанства и Законот за водните заедници

Со Законот за водостопанствата во испораката на водата, користењето и одржувањето на големите, повеќенаменски и посложени хидромелиоративни системи е воспоставена правната основа за институционализирање и основање на водостопанствата како специфични, посебни правни субјекти кои се автономни јавни правни субјекти управувани од самите водокорисници преку Одборот на корисници на вода, како орган на управување. Законската поставеност на работењето на Водостопанствата е детерминирана од економската логика и принципот на самоодржливост преку обезбедување приходи од надоместокот за количеството на испорачана вода.

Законот за водни заедници во користењето на водата за наводнување и според потребите на земјиштето на одредени подрачја, во организирањето на одводнувањето, ги институционализира Водните заедници како субјекти, кои се организирани и се основаат на доброволна основа која кореспондира со економскиот интерес на членовите на водната заедница. Во користењето на водата тие се појавуваат како потрошувач во однос на субјектот што испорачува вода и/или услуги на одводнување на земјиштето во рамките на територијата за која е организирана водната заедница.

3.2 Имплементација на Законите

Со цел реализација на предвидената реформа во водостопанството почнувајќи од 2005 година се започна со отворање на постапки за ликвидација на неликвидните водостопански претпријатија. Во постапка на ликвидација се наоѓаа вкупно дваесет и едно водостопанско претпријатие при што кај шест е затворена ликвидацијата

Паралелно со водењето на постапките за ликвидација, отпочнаа постапки за основањето на нови водостопанства. Основниот постулат за основање водостопанства е карактеристиката на системот/системите кои ќе им бидат пренесени на управување и користење и тоа: систем на кој припаѓаат

големи брани, систем кој е повеќенаменски-опслужува различни категории на корисници на вода, систем кој по територија зафаќа површина поголема од 5.000 ha, систем на кој му треба ангажман на професионален кадар за функционирање и систем кој е економски и финансиски одржлив во смисол на услугата која може да ја пружи и наплати односно од која ќе може истиот да се сервисира.
Во Република Македонија основани се дванаесет нови водостопанства.

Водостопанства во Република Македонија

	Регион (ХМС)	Водостопанство
1	Тиквеш	ВС „Тиквеш“ – Кавадарци
2	Брегалница	ВС „Брегалница“ – Кочани
3	Скопје	ВС „Скопско Поле“ - Скопје
4	Прилеп	ВС „Прилепско Поле“ - Прилеп
5	Берово	ВС „Берово“ - Берово
6	Куманово	ВС „Кумановско - Липковско поле“ - Куманово
7	Струмица	ВС „Струмичко Поле“ - Струмица
8	Радовиш	ВС „Радовишко Поле“ - Радовиш
9	Битола	ВС „Битолско поле“ – Битола
10	Полог	ВС „Полог “-Гостивар
11	Гевгелија	ВС „Јужен Вардар“ - Гевгелија
12	Ресен	ВС „Преспа“ - Ресен

Извор: МЗШВ, 2011

Процесот на **формирање на водните заедници** започна кон крајот на 2004 година. Заклучно со крајот на 2010 година регистрирани се вкупно 144 водни заедници, кои опфаќаат површина од 68.230 ha. Кај седум водни заедници отворена е стечајна постапка поради неплатен воден надомест кон водостопанствата во чие подрачје на дејствување работат.
Во следната табела е прикажана покриеноста на хидро мелиоративните системи во Република Македонија со водни заедници.

Регистрирани водни заедници во Република Македонија

	Регион (ХМС)	Број на водни заедници	Површина (ha)	Водни заедници во стечај	Површина (ha)
1	Брегалница	25	20.502	3	3.023
2	Тиквеш	40	15.642	4	837
3	Полог, Гостивар	13	4.689	-	-
4	Полог, Тетово	23	8.995	-	-
5	Струшко поле	6	2.306	-	-
6	Кичевско поле	2	170	-	-
7	Струмичко поле	14	6.133	-	-
8	Охридско поле	2	962	-	-
9	Битола	1	1.030	-	-
10	Скопје	2	494,2	-	-
11	Гевгелија-Валандово-Дојран	7	2.842	-	-
12	Дебар	1	1.008	-	-
13	Преспанско поле	3	2.412	-	-
14	Кумановско поле	1	337	-	-
15	Радовишко поле	2	328	-	-
16	Берово	2	380	-	-
	Вкупно:	**144**	**68.230**	**7**	**3.860**

Извор: МЗШВ, 2011

Инфраструктурата за наводнување е пренесена на управување и користење на вкупно 47 водни заедници.

3.3 Хидромелиоративни системи за наводнување и одводнување

Системи за наводнување

Со Водостопанската основа е оценето дека од обработливата земјоделска површина од околу 577.000 ha, со изградените хидромелиоративни системи и доколку се изградат нови хидромелиоративни системи, реално може да се обезбеди наводнување на околу 400.000 ha, односно 69% од вкупната обработлива земјоделска површина.

Според техничката документација, врз основа на која се градени системите, беше предвидено да се обезбеди наводнување на 163.693 ha плодно земјиште, но изградените основни објекти (брани, акумулации, пумпни станици, магистрални канали и др.) во средно сушна година можат да обезбедат наводнување на 144. 894 ha земјоделско земјиште.

Според времето, динамиката, изворите на финансирање и другите услови за изградба, карактеристични се три периоди во изградбата на хидромелиоративните системи за наводнување и тоа: до 1958 година; од 1958 до 1975 и од 1975 година до денес. Во првиот период изградени се 27 ХМС со кои се опфатени 19.026 ha.,во вториот период се изградени системите кои опфаќаат површина од 68.448 ha. и 46 помали системи, кои обезбедуваат наводнување на 39.514 ha. Во третиот период беа изградени 14 нови системи, како и повеќе од 25 системи со мали акумулации. Со овие системи се обезбеди наводнување на 40.918 ha.

Сумарна табела за наводнувани површини во 2010 година

	Регион/ХМС	Површина(ha)
1	Брегалница	6.118,7
2	Тиквеш	7.287,0
3	Полог	289,0
4	Стрежево	3.347,0
5	Охрид, Струга	132,4
6	Преспанско поле	-
7	Радовишкополе	741,2
8	Струмичкополе	1.122,5
9	Гевгелиско-Валандовско	744,6
10	Кумановско-Липковско	1.093,2
11	Прилепскополе	1.460,0
	Вкупно	22.343,3

Извор: МЗШВ, 2011

Одржувањето на основните објекти од хидромелиоративните системи има важна улога во реализацијата на плановите за наводнување и одводнување. Поради тоа што повеќето хидромелиоративни системи се изградени од поодамна и поради долгогодишно не-одржување, состојбата на водостопанските објекти на овие системи е многу лоша, со исклучок на системите „Брегалница", „Тиквеш" и „Полог".

Лошата состојба во која се наоѓаат системите за наводнување и одводнување е главна причина за лошата финансиска состојба на водостопанските претпријатија и организации кои стопанисуваа со системите. Во 2011 година процентот за наплата на водниот надомест изнесува 65,2%. .

Системи за одводнување

Во Република Македонија хидромелиоративните системи за одводнување се градени заради заштита и одводнување на земјоделски, комунални и други земјишта и заради уредување на режимот на водите, заштита на населби, сообраќајници и друго.

Со системите за одводнување се опфатени 82.195 ha. Изградбата на овие системи е во два периода. Во првиот период до 1958 година изградени се 1.052 ha системи за одводнување, а во вториот период од 1958 година до денес изградени се 81.143 ha или вкупно 82.195 ha. Во „Скопско Поле" со системите за одводнување се одводнуваат 6.600 ha, во „Пелагонија" 30.000 ha, во „Струшко Поле" 2.680 ha, во „Струмичко Поле" 9.000 ha, во „Кочанско Поле" 6.000 ha, во „Овче Поле" 1.700 ha и во „Преспанско Поле" 1.800 ha.

Структура на наводнуваните култури во Република Македонија.

култура/ година	Ориз	Луцерка	Тутун	Сончоглед	Пченка	Градинарски	Лозовинасади	Овошнинасади	Житарици	Фуражни	Други индустриски	Останати	Вкупно
2010	3.710	1.981	2.000	283	2.875	1.533	6.435	1.676	424	839	321	262	**22.343**
2009	2.702	2.875	847	372	2.938	1.616	6.818	2.466	681	737	397	151	**22.603**
2008	2.404	2.907	770	242	4.079	1.920	6.211	1.501	436	/	/	1.100	**21.570**
2007	2.556	2.807	921	186	3.739	1.468	7.155	1.371	1.448	193	/	317	**22.161**
2006	2.440	2.943	917	264	3.920	1.956	3.592	1.194	420	369	/	319	**18.334**

Извор: МЗШВ, 2011

Учество на наводнуваните култури во Република Македонија



3.4. Капитални проекти во водостопанството

Капиталните инвестиции во водостопанството се во реконструкција и изградба на системите за наводнување и изградба на брани, кои освен со помош на кредити и донации, се финансираат од Буџетот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рамките на Годишните програми за работа на Управата за водостопанство. Средствата наменети за капитални инвестиции се распоредени по следниве проекти:

Капитални проекти во водостопанствотот

Описнаинвестицијата	Планирана површина за наводнување	Вкупна инвестиција во милиони евра
ХСЗлетовица (првафаза)	4.500	105
ХСЛисиче (вторафаза)	4.100	33
ЈуженВардар (вторафаза – планирана сума)	3.900	21
ХСОризарскарека (планирана сума)		45
Вкупно:	**12.500**	**204**

Извор: МЗШВ, 2011

Проектот за наводнување во Јужната вардарската долина се однесува на реконструкција и модернизација на системите за наводнување на земјоделските површини од јужниот регион на реката Вардар. Целта на овој проект е одржливо зголемување на земјоделското производство и продуктивност со системите за наводнување, како и подобрување на животните услови на земјоделското население во Јужната вардарска долина. Во текот на 2010 година извршрни беа сите подготвителни работи за почеток на втора фаза од Проектот за изградба на систем за наводнување Паљурци.

Проектот за Хидросистемот „Злетовица“ е повеќенаменски систем и обезбедува водоснабдување на населението и индустријата во општините Кратово, Пробиштип, Штип, Свети Николе, Злетово, Карбинци и Лозово, наводнување на 4.500 ha земјоделско земјиште, производство на електрична енергија и заштита од поплави.

Првата фаза од проектот – водоснабдување, во 2010 година се заврши 98% и се реализира во четири пакети, и тоа ПАКЕТ 1 – Пристапен пат Злетово – Брана Кнежево, ПАКЕТ 2 – Брана Кнежево со придружни објекти, ПАКЕТ 3 – зафати и цевковод за водоснабдување на Штип и Свети Никола и ПАКЕТ 4 – автоматско управување, командување и мерење (SCADA – систем)

Хидромелиоративниот систем „Лисиче“ е повеќе наменски објект. Тој ќе се користи за водоснабдување на населението во градот Велес, водоснабдување на околните села што гравитираат на системот, снабдување на индустријата со технолошка вода, наводнување на 4.100 ha плодна земјоделска површина, ревитализација на езерото „Младост“, обезбедување на биолошки минимум на реката „Тополка“ и за подобрување на микро климата во регионот. Во текот на 2010 година беа извршени градежни работи и завршни работи околу цевководот до езеро Младост до делница од 1700м од вкупно предвидените 2080 метри.

ХС Оризарска река

Во текот на 2010 година беше завршена изведбата и надзорот на работите поврзани со спроведување на дополнителните инжинерско-геолошки, геотехнички и геомеханички истражни работи за комплетирање на подлогите за насип на брана „Речани“ на Оризарска река.

Програма на управата за водостопанство

Со реализација на програмата на Управата за водостопанство во 2010 година, се извршија следните работи:

- Почеток на изработка на основен проект за реконструкција на дел од магистрален канал Радиовце-Бистрица во село Ратае во рамки на ХМС Полог.
- Исчистени се канали за одводнување и речни корита во должина од 62,00 km.
- Заменети се затварачи на главни цевководи во ХМС Прилепско поле.
- Со подршка на АСАП проектот во регионите на Струмица, Радовиш, Куманово, Скопје и Прилеп регистрирани се вкупно 11 водни заедници и спроведена е обука за нивното работење.
- Изработена техничка документација за брана „Коњско“ со придружни објекти
- Основани се две нови воводстопанства, и тоа: водостопанство „Јужен Вардар“ – Гевгелија и водостопанство „Преспа“ – Ресен

4. Управа за хидрометеоролошки работи

4.1 Климатски подрачја во Република Македонија

Поаѓајки од искуствата на повеќето климатски класификации и адекватниот пристап за територијата на Република Македонија ги разликуваме следните похомогени климатски подрачја:[3]

1. Субмедитеранско подрачје (50 – 500 м)
2. Умерено – континентално – субмедитеранско подрачје (до 600 м)
3. Топло континентално подрачје (600 – 900 м)
4. Ладно континентално подрачје (900 – 1100 м)
5. Подгорско – континентално – планинско подрачје (1100 – 1300)
6. Горско – континентално планинско подрачје (1300 – 1650 м)
7. Субалпско планинско подрачје (1650 – 2250 м)
8. Алпско планинско подрачје (под 2250 м)

Субмедитеранското подрачје зафаќа мали површини кои се целосно земјоделски. Ограничено е на најјужниот дел на Вардарската Долина (Гевгелиско – Валандовскиот регион до Демир Капија), потоа во Дојранско и југозападниот дел на Струмичко, а се карактеризира со најблагопријатни климатски и педолошки услови за производство на раноградинарски култури, производство на винова лоза, овошни култури и др.

[3] Според Ѓ. Филиповски, Р. Ризовски и П. Ристевски во Карактеристики на климатско-почвените зони во Република Македонија, Скопје, МАНУ 1996 год.

Континенталното – субмедитеранското подрачје. Заедно со првата зона, континенталното – субмедитеранското подрачје зафаќа површина од 897.000 ha или 34,9 % од територијата на Република Македонија. Се простира во деловите покрај Повардарието, од Демир Капија се до северната граница (Демиркаписко, дел од Тиквеш, Велешка и Скопска котлина), помали делови околу реката Пчиња, деловите околу долното и средното течение на Црна река, Брегалница и нејзините притоки. Се карактеризира со студени и влажни зими и топли, сушни лета каде што постојат поволни климатски и почвени услови за земјоделско производство.

Топлото коонтиненталното подрачје зафаќа површина од околу 704.000 ha или 27,4 % од површината од нашата земја. Се простира на деловите од Полошката, Кичевската, Дебарската, Струшката, Охридската и Преспанската котлина како и Пелагонија. Претставува преоден регион меѓу медитеранската и континенталната клима, односно подрачје каде доминира топлата континентална клима со слабо влијаните на медитеранот (што се манифестира преку медитеранскиот плувиометриски режим). Тоа се подрачја каде што се застапени житните култури, овошките и виновата лоза.

Ладното континентално подрачје зафаќа површина од 342.000 ha или 13,3 % од површината на државата, и тоа во суштина е понискиот дел од планините, каде рељефот е планински со геолошки супстрат од компактни карпи. Според климатските показатели ова подрачје е постудено и повлажно од предходното во кое доминира студената континентална клима со извесно влијание на планинската клима.

Подгорско континенталното планинско подрачје зафаќа површина од 250.000 ha или 9,7 %. Ова е подрачје на климазоналната заедница на буковата шума.

Горско континентално планинско подрачје зафаќа површина од 10,4 % или 269.000 ha. Тоа е подрачје на горска букова шума, распространета на целата површина од Р. Македонија, каде релјефот е исклучително планиски.

Субалпско планинско подрачје со површина од 97.000 ha или 3,8 % од површината на земјата со широка распространетост на неколку шумски заедници и тоа претежно четинари (ела, смрча, молика и кривуљ).

Алпско планинско подрачје се протега на височини над 2.250 м. и има површина од 13.000 ha или 0,5%, и овде нема шумски растителни заедници. Тоа е подрачје на високопланински тревни заедници и тоа на планините: Кожуф, Ниџе, Баба, Дешат, Кораб, Шар планина и Јакупица. Врнежите од дожд во овие региони варираат меѓу 500 и 800 mm.

4.2 Агрометеоролошка анализа на временските услови во Република Македонија во периодот јануари-декември 2010 година

Анализата на временската состојба и влијанието на времето врз земјоделските култури во производната 2010 година, е извршена врз основа на податоци од оригиналната документација на Управата за хидрометеоролошки работи. Во агрометеоролошката анализа се опфатени 5 станици распоредени во различни климатолошки реони во Републиката, при што се опфатени подрачја со медитеранска и изменето медитеранска клима (Гевгелија и Демир Капија), како и подрачја со континентална клима (Скопје, Прилеп и Штип).

Од четирите метеоролошки параметри земени како предмет на анализа (средно месечните максимални температури на воздухот, средно месечните минимални температури на воздухот потоа средно месечните температури на воздухот и количествата на врнежи изразени како месечни суми), се гледа дека во делот на температурите станува збор за една просечна година со мали одстапувања во однос на многугодишниот просек 1971/2000 кој е земен како споредбен. Она што е воочливо од табелите е дека месецот октомври е постуден за 1,6 °C на сите станици, со исклучок во Скопје каде ова одстапување е 2,1 °C. Позитивните отстапувања се поголемни и истите се движат од 0,5 °C до 5,9 °C во Штип во месецот ноември, кој во суштина е потопол на сите мерни места. Најчестото позитивно отстапување се движи околу 2 °C.

Нерамномерниот распоред на врнежите останува како актуелен проблем и за оваа година, со тоа што на сите мерни места се бележат зголемени количества на врнежи и тоа за 117,8 mm во Демир Капија, 163,2 во Штип, 230,3 во Прилеп, 262,9 во Скопје до 321,3 mm. во Гевгелија каде за одбележување е податокот дека само во 6 месеци од годината имало просечни или надпросечни количества на врнежи, додека во останатите 6 месеци имало подпросечни врнежи каде истите биле пониски и за 34 mm. Вредно за одбележување е тоа што во Гевгелија во октомври наврнале 334,8 mm, а следниот месец (ноември) бил подпросечен. Исто така во февруари паднале количества на врнежи со височина од 168 mm, додека следниот месец (март) бил просечен. Негативни отстапувања во однос на многугодишниот просек на

врнежите има најчесто во месеците јануари, мај, јули и август, кога врнежите се повеќе од потребни за одржување на земјоделското производство.

СКОПЈЕ

	I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII	IX	X	XI	XII	СРЕДНА
Средно месечна (MAX)	5,8	8,7	13,4	19,0	23,7	27,9	30,8	33,7	26,2	15,9	16,5	6,9	19,0
Средно месечна (MIN)	-0,5	0,7	3,3	8,6	12,2	15,5	17,8	18,2	13,0	7,9	6,7	-0,4	8,6
Средно месечна температура	2,4	4,4	8,0	13,5	17,8	21,4	24,1	25,7	19,0	11,1	11,2	2,7	13,4
Месечни суми на врнежи	28,2	63,7	68,6	63,8	38,6	57,5	53,2	3,5	37,3	143,9	81,0	64,8	704,1
Средни месечни (Просек)	0,6	3,1	7,5	12,6	17,6	21,5	24,1	23,6	19,2	13,2	6,6	1,7	12,6
Врнежи (Просек)	25,1	31,4	26,9	40,7	40	39,5	39,4	33,1	31,5	39,6	52	42	441,2
Разлика температури	**1,8**	**1,3**	**0,5**	**0,9**	**0,2**	**-0,1**	**0,0**	**2,1**	**-0,2**	**-2,1**	**4,6**	**1,0**	0,8
Разлика врнежи	**3,1**	**32,3**	**41,7**	**23,1**	**-1,4**	**18,0**	**13,8**	**-29,6**	**5,8**	**104,3**	**29,0**	**22,8**	262,9

ПРИЛЕП

	I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII	IX	X	XI	XII	СРЕДНА
Средно месечна (MAX)	5,0	7,9	12,3	17,2	22,3	25,9	28,2	31,1	23,8	15,3	16,7	8,0	17,8
Средно месечна (MIN)	-0,7	0,0	2,0	7,1	10,5	13,6	15,9	16,4	11,6	6,4	6,0	-0,8	7,3
Средно месечна температура	2,0	3,4	6,8	11,9	16,4	19,7	22,2	23,7	17,3	10,2	10,9	3,1	12,3
Месечни суми на врнежи	27,9	71,3	55,2	52,2	44,2	64,7	40,6	34,6	47,4	152,9	69,2	87,4	747,6
Средни месечни (Просек)	0,0	2,2	6,0	10,5	15,5	19,7	21,8	21,5	17,4	11,8	6,0	1,6	11,2
Врнежи (Просек)	29,8	34,8	37,1	47,6	55,6	42,9	41,0	30,6	41,2	55,1	60,9	40,7	517,3
Разлика температури	**2,0**	**1,2**	**0,8**	**1,4**	**0,9**	**0,0**	**0,4**	**2,2**	**-0,1**	**-1,6**	**4,9**	**1,5**	1,1
Разлика врнежи	**-1,9**	**36,5**	**18,1**	**4,6**	**-11,4**	**21,8**	**-0,4**	**4,0**	**6,2**	**97,8**	**8,3**	**46,7**	230,3

ДЕМИР КАПИЈА

	I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII	IX	X	XI	XII	СРЕДНА
Средно месечна (MAX)	8,2	10,9	15,1	20,9	25,9	30,2	33,7	35,7	28,0	17,0	18,7	9,8	21,2
Средно месечна (MIN)	0,7	1,1	2,9	8,3	11,6	15,8	17,8	18,9	13,2	8,0	7,6	0,9	8,9
Средно месечна температура	4,6	6	9,1	14,6	19,3	23,0	25,7	27,2	20,4	12,3	13	5,2	15,0
Месечни суми на врнежи	22,5	82,8	71,4	32,2	34,8	40,2	30,8	14,7	32,4	194,2	29,6	68,4	654,0
Средни месечни (Просек)	1,7	4,5	8,5	13,3	18,1	22,6	24,7	24,2	19,9	13,9	7,7	3,1	13,5
Врнежи (Просек)	43,4	47,8	45,5	49,6	53,8	36,9	31,1	22,1	33,3	50,4	60,0	62,3	536,2
Разлика температури	**2,9**	**1,5**	**0,6**	**1,3**	**1,2**	**0,4**	**1,0**	**3,0**	**0,5**	**-1,6**	**5,3**	**2,1**	1,5
Разлика врнежи	**-20,9**	**35,0**	**25,9**	**-17,4**	**-19,0**	**3,3**	**-0,3**	**-7,4**	**-0,9**	**143,8**	**-30,4**	**6,1**	117,8

ШТИП

	I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII	IX	X	XI	XII	СРЕДНА
Средно месечна (MAX)	7,2	10,1	13,9	19,1	24,2	28,2	31,1	33,9	27,0	16,8	18,3	8,8	19,9
Средно месечна (MIN)	0,6	1,4	3,3	8,5	11,6	15,3	16,9	18,4	12,9	7,7	7,9	0,8	8,8
Средно месечна температура	3,8	5,5	8,4	13,6	18,2	21,5	23,9	25,9	19,5	11,7	12,8	4,5	14,1
Месечни суми на врнежи	14,5	58,1	61,3	55,9	25,8	66,5	34,5	16,6	27,4	136,8	54,8	71,1	623,3
Средни месечни (Просек)	1,1	3,6	7,5	12,3	17,4	21,5	23,7	23,3	19,0	13,3	6,9	2,3	12,7
Врнежи (Просек)	23,0	27,3	31,0	40,6	53,2	44,6	39,1	33,1	35,2	44,8	50,8	37,4	460,1
Разлика температури	**2,7**	**1,9**	**0,9**	**1,3**	**0,8**	**0,0**	**0,2**	**2,6**	**0,5**	**-1,6**	**5,9**	**2,2**	1,5
Разлика врнежи	**-8,5**	**30,8**	**30,3**	**15,3**	**-27,4**	**21,9**	**-4,6**	**-16,5**	**-7,8**	**92,0**	**4,0**	**33,7**	163,2

ГЕВГЕЛИЈА

	I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII	IX	X	XI	XII	СРЕДНА
Средно месечна (MAX)	8,8	12,1	15,8	21,1	26,2	30,2	33,6	36,4	28,6	17,9	20,2	11,0	21,8
Средно месечна (MIN)	2,0	3,2	4,4	9,5	12,3	17,3	19,7	21,2	15,1	9,4	7,6	2,4	10,3
Средно месечна температура	4,9	7,1	9,8	15,3	19,6	23,9	27,0	28,7	21,3	12,8	12,7	5,9	15,8
Месечни суми на врнежи	32,6	168,0	67,6	30,5	85,2	25,1	28,6	0,5	70,4	334,8	52,8	74,8	970,9
Средни месечни (Просек)	3,8	5,6	8,8	13,4	18,5	23,1	25,4	24,7	20,2	14,4	8,8	4,9	14,3
Врнежи (Просек)	49,5	61,2	57,8	54,3	59,4	42,3	30,5	31,6	33,1	70,1	86,7	73,1	649,6
Разлика температури	**1,1**	**1,5**	**1,0**	**1,9**	**1,1**	**0,8**	**1,6**	**4,0**	**1,1**	**-1,6**	**3,9**	**1,0**	1,5
Разлика врнежи	**-16,9**	**106,8**	**9,8**	**-23,8**	**25,8**	**-17,2**	**-1,9**	**-31,1**	**37,3**	**264,7**	**-33,9**	**1,7**	321,3

Извор: МЗШВ, 2010

Мониторинг на суша

Со проектот „Центар за управување со суша за југоисточна Европа“, Управата за хидрометеоролошки како претставник од Република Македонија, заедно со уште 14 институции од регионот работи на подобрување на мониторингот за суша. Дел од проектот е финансиран од Европската Унија и се изведува во рамките на „Програмата за транснационална соработка за југоисточна Европа“, а дел е кофинансиран од Владата на Република Македонија. Финалните резултати се очекуваат 2012год. со завршување на проектот.



Извор: Проект “Центар за управување со суша за југоисточна Европа“- УХМР

Вредностите на пресметаниот индекс SPI 1 за август 2010, за територијата на Р. Македонија покажуваат нормални вредности за Крива Паланка, Охрид и Прилеп. Сушно е во Штипско, умерена суша има во Скопје, Велес и Маврово, изразена суша е присутна во Гевгелија, Берово и Лазарополе, а екстремна суша ва Струмица и Битола. Ведностите добиени при анализа за цела 2010, односно SPI 12, оваа година ја карактеризираат како влажна.

Сумарна оценка за годината би била - просечна година, со приноси кои како резултат на врнежите во месец април кои на повеќето места биле надпросечни, како и оние од месец мај, кога имало количества од 30-40 mm. Врнежите, допринеле за успешно налевање на зрното и отпочнување на фазите на зреење кај житните култури. Останатите култури, како пролетните окопни култури, така и овошките и виновата лоза бележеле солидни приноси од кои земјоделските производители беа задоволни.

IX. ОБРАЗОВАНИЕ, НАУКА И ТРАНСФЕР НА ЗНАЕЊЕ

1. Образование во биотехничките науки

Македонскиот образовен систем, во надлежност на Министерството за образование и наука, помина низ реформи кон модернизирање на наставниот план и образовните активности. Во 2004 година Владата усвои национална програма за развој на образованието за периодот од 2005 до2015 година, за сеопфатна реформа на оваа област заснована на процесите на демократија, децентрализација, автономија, плурализам, мултикултура и глобализација, како и меѓународни образовни стандарди на знаење и вештини и по принципите на доживотно учење.

1.1 Земјоделски средни училишта

Во земјата земјоделските, ветеринарните, прехранбените, шумарските и дрвопреработувачките насоки се присутни во државните средни училишта. Најголемиот број на ученици кои посетуваат настава во средните земјоделски училишта се од руралните средини. Од запишаните ученици, околку 10%-15% не го завршуваат своето образование од најразновидни причини.

На следнава табела е прикажан бројот на средни училишта за земјоделство, ветеринарство, производство на храна и шумарство и соодветниот број на ученици кои завршиле средно образовние. Бројот на ученици кои завршиле средно стручно обрзование бележи пад, од 1,498 ученици во учебната 2006/2007 година на 1,139 ученици во учебната 2009/2010 година.

Број на ученици кои завршиле средно образовние

Тип на училиште	2006/2007	2007/2008	2008/2009	2009/2010
	Ученици	Ученици	Ученици	Ученици
Земјоделство (со земјоделско-ветеринарна)	772	701	816	719
Ветеринарство	207	169	59	8
Производство на храна	406	371	204	171
Шумарство (со шумарско-дрвопреработувачка)	113	156	248	241
Вкупно 24	**1.498**	**1.397**	**1.,327**	**1.139**

Извор: ДЗС, 2007-2010

1.2 Високо образование во земјоделството

Македонскиот систем за земјоделско високо образование вклучува неколку образовни институции: Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје, Факултет за ветеринарна медицина - Скопје, Шумарски факултет - Скопје (сите во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје); Факултет за биотехнички науки – Битола (во состав на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола); Земјоделски Факултет (во состав на Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип); и Центарот за политехнички студии т.е. Факултетот за прехранбена технологија и исхрана (во состав на Тетовскиот државен универзитет).

Високообразовните институции се во фаза на подобрување на стандардите за студирање и наставните програми, а се со цел постигнување на европските стандарди. Законот за високо образование, изменет и дополнет во 2003[4] година, обезбеди рамка за имплементација на принципите на Болоњскиот процес[5].

Системот на развој вклучува соработка со образовни институции од аспект на зајакнување на студиската програма, размена на студенти, стипендирање на домашни студенти за понатамошно образование во странство, итн. Образовните активности на факултетите, главно се финансирани преку Министерството за образование и наука, додека делумно се финансираат од сопствени приходи.

Овие промени треба да го обезбедат потребниот број на нови специјализирани професионалци, потребни во активностите на индивидуалните фарми, малите и средните претпријатија од индустријата за храна, како и за научно-истражувачка работа во специјализирани институции.

---

[4] Службен Весник на Р.Македонија бр. 64/00 и бр. 49/03.

[5] Факултетите спроведоа ре-организација на одделенијата, студиите, студентските групи и програми како и воведоа кредитен систем за трансфер имплементиран во согласност со Европскиот кредит трансфер систем (ECTS).

Во периодот од 2006/2007 до 2009/2010 година, бројот на запишани студенти во земјоделско високо образование, бележи пад од 3059 студенти во 2006/2007 година на 2791 студент, запишани во 2009/2010 година. Најголем дел од запишаните студенти, студираат на државниот универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а потоа на Универзитетите во Битола и Штип. Официјално, нема податоци за запишани студенти на Факултетот за прехранбена технолога и храна, на државниот универзитет во Тетово.

Вкупен број на студенти во системот на високото образование [6]

Факултет	2006/ 2007	2007/ 2008	2008/ 2009	2009/ 2010
Факултет за земјоделски науки и храна во Скопје	1057	970	907	826
Факултет за Ветеринарна медицина во Скопје	329	302	227	222
Факултет за биотехнички науки во Битола	835	686	746	632
Шумарски факултет во Скопје	838	764	781	710
Земјоделски факултет во Штип	-	93	304	401
Факултет за прехранбена технологија и храна во Тетово *	-	-	114	-
Вкупно	**3.059**	**2.815**	**3.079**	**2.791**

Извор: ДЗС, (2007-2010)

Во учебната 2009/2010 година, 209 наставници и соработници ја изведувале наставата од областа на биотехничките науки на универзитетите во Скопје, Битола и Штип. За Државниот универзитет во Тетово нема официјална статисктика за наставен и соработнички кадар по факултетите. Доколку се спореди со податоците од 2008/2009 година, ќе може да се забележи пад во наставниот кадар од областа на биотехнички науки, за околу 7%.

Вкупен број на наставници во системот на високото образование во учебната 2009/2010 година

Факултет	Наставници	Соработници	Вкупно
Факултет за земјоделски науки и храна во Скопје	63	18	81
Факултет за Ветеринарна медицина во Скопје	20	9	29
Факултет за биотехнички науки во Битола	20	8	28
Шумарски факултет во Скопје	34	2	36
Земјоделски факултет во Штип	16	19	35
Вкупно	**153**	**56**	**209**

Извор: ДЗС, 2011

Вкупниот број на дипломирани студенти од областа на биотехничките науки во 2010 година изнесува 264, што е за речиси 19% помалку од претходната 2009 година.

Вкупен број на дипломирани студенти во областа на биотехничките науки

Година	Дипломирани	Година	Дипломирани
2007	374	2009	327
2008	273	2010	264

Извор: ДЗС, 2011

2. Наука и истражување

Согласно општествените и економските промени, ставен е приоритет на развој на производствен модел за подобрување на количеството и квалитетот на земјоделското производство.

Покрај научно-истражувачката работа во рамките на факултетите, институции за истражување и развој, кои исто така спроведуваат истражувања за поддршка на развојот на земјоделството и шумарството, се следниве: Земјоделски институт, Институт за сточарство во Скопје, Институт за тутун во Прилеп и Хидробиолошкиот Институт во Охрид. Истражувачките институции во земјоделството во моментот имаат вработено околу 300 лица, од кои околу 40% се со високо образование, магистри и доктори на науки.

Сите институти се меѓународно поврзани и добиваат поддршка од меѓународни проекти, преку разни донаторски мрежи и проектни програми.

[6] Извор: Државен завод за статистика. Државниот универзитет во Тетово има достапни податоци само за Центар за политехнички студии на Државниот универзитет во Тетово за 2005/2006 година, односно за Факултетот за применети науки од учебната 2008/2009 година

Согласно член 49 од Законот за научно-истражувачка дејност, истражувачките институции се финансираат преку буџетот на Република Македонија, во согласност со целите и приоритетите утврдени во националната програма. Сите јавни истражувачки активности, вклучувајќи и земјоделство, се финасираат преку Министерството за образование и наука, при што покрај платите на лицата со научни титули, по пат на јавен конкурс се финансираат и програмите за научно-истражувачка дејност.

Според Законот за високо образование (член 22), научните институти во состав на универзитетот како негови единици, може да вршат и високо-образовна дејност (втор и трет циклус универзитетски студии) во научната област за која се основани, доколку се акредитирани за вршење на овој овид студии и имаат решение за почеток со работа, утврдено со статутот на универзитетот.

Земјоделскиот институт, главно, остварува четири дејности: научно-истражувачка, образовна, издавачка и апликативна дејност. Научно-истражувачката работа е насочена кон изнаоѓање техничко-технолошки решенија и кон нивна апликација во производството. Добиените сознанија за генетската варијабилност на домашните популации и интродуираните сорти од поважните поледелски, градинарски, лозови и овошни видови, овозможуваат научно-истражувачката работа да биде насочена кон создавање нови повисокоприносни и поквалитетни генотипови од целокупното земјоделско растително производство. Како резултат на досегашната селекциска работа, Институтот креирал и му се признаени многубројни сорти кај поледелските култури и се јавува како соработник на специјалистички, магистерски и докторски теми, но и советодавни услуги за производителите.

Институтот за сточарство има развиено електронско означување и систем на следливост и за да се прошири оваа активност даден е предлог да се формира централна канцеларија со комјутери и оператори на бази на податоци за да ги внесуваат деталите на редовна неделна основа за секоја фарма. Институтот учествува во 2,5 годишен проект за истражување и трансфер на технологија, со цел зголемување на профитабилноста на малите земјоделци.

Ветеринарен институт и Факултет за ветеринарна медицина- ветеринарни лаборатории - согласно законот за Ветеринарно здравство, лабораториите кои му припаѓаат на Факултетот за ветеринарна медицина (ФВМ) работат како национална назначена лабораторија за спроведување лабораториски анализи од службени контроли на Управата за ветеринарство. До крајот на 2010 година, бројот на акредитираните методи изнесуваше 75 (7 од областа на испитување на болести кај животните, а останатите од другите области биологија, микробиологија, биохемија, прехранбени производи, пијалоци, вода, добиточна храна). Анализите се вршат во следните лаборатории: Институт за храна - (Лабораторија за микробиологија на храна, Лабораторија за квалитет за храна, Лабораторија за резидуи и контаминенти, лабораторија за контрола на квалитет на млеко) и Ветеринарен Институт (лабораторија за серологија, лабораторија за ТСЕ) од страна на соодветно обучен персонал. Лабораториите целосно се реконструирани и добро опремени со калибрирана опрема и контролирана средина. Бројот на вработени што ги вршат испитувањата според акредитираните методи во досегашните услови е доволен. Во иднина, според потребите нивниот број ќе биде зголемен. Континуитетот на системот за квалитет е обезбеден преку регуларна внатрешна и надворешна ревизија. Имплементацијата на стандардот МКС ISO/IEC 17025:2006 и акредитацијата на ФВМС претставува гаранција за клиентите дека резултатите од испитувањата се веродостојни и според последните национални и интернационални стандарди и прописи.

Институтот за тутун од Прилеп, како еден од најстарите институти на Балканот (87 години постоење) преку својата научно-истражувачка и апликативна дејност во сите сегменти на производството, преработката и одржување на сортноста и квалитетот на ситнолисниот ароматичен тутун од ориентален тип, допринесува тутунот да биде водечки земјоделски производ во извозот на Република Македонија.

Институтот располага со сопствено опитно поле за производство на сортно семе, оранжерија, комплетна лабораторија, метеоролошка станица и библиотека.

3. Советодавни и консултативни услуги

За разлика од порано кога советодавните услуги во земјоделскиот сектор беа главно во надлежност на институциите од јавниот сектор, како што е Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделстовото (АПРЗ) и научно-истражувачките институции, моментно различни категории на обезбедувачи на совети во земјоделството го заземаат своето место во советодавните услуги во земјата. Во услови на ограничени буџетски средства кај јавните институции, субјектите од индивидуалните стопанства, здруженијата на земјоделци и меѓународните донаторски организации, иако сè уште со ограничен обем на понуда на услуги, недоволно диверзифицирани методи и целни групи и лимитирани ефекти во задоволувањето на потребата за совети, сè повеќе се наметнуваат како значаен фактор во советодавната дејност.

3.1 Услуги од научно-истражувачките институции (факултети и институти)

Јавните научно-истражувачки и образовни институции, како институтите и факултетите, обезбедуваат специјализирани високостручни советодавни услуги, базирани врз научно-истражувачка и апликативна дејност. Советодавната димензија претставува рамка за трансфер на достигнувањата од научно-истражувачки и апликативен карактер на факултетите и институтите, директно до корисниците или често пати во рамки на проектни активности, преку соработката со МЗШВ, во делот на истражувачки, но и на применети истражувања за потребите на министерството.

Податоците собрани преку редовното работење, како и за соодветни намени, бараат соодветно систематизирање, натамошна обработка, анализа и толкување на обработените податоци и добиените резултати. Во таа насока, јавните научно-истражувачки и образовни институции, како институтите и факултетите, со својот капацитет можат да придонесат кон создавање на услови за натамошно креирање на аграрната политика на земјата.

3.2 Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството (АПРЗ)

Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството (АПРЗ) е основана со Закон за основање Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството (Сл. Весник на РМ бр. 3/98 од 22.01.1998 година), со поддршка од Проектот од Светска банка, а во согласност со Стратегијата за развој на земјоделството на РМ 1995 - 2010 год. Со примена на реформите, АПРЗ има за цел да овозможува имплементација на примена на сознанија кај индивидуалните земјоделски стопанства (ИЗС) за подобрување на квалитетот и квантитетот на земјоделското производство со економска оправданост, конкурентност на македонските пазари во ЕУ, одржлив развој на земјоделството во руралните подрачја, како и поддршка во развојот и реализацијата на аграрната политика со одржување на база на податоци од ИЗС преку теренски посети на фармите.

Активностите на агенцијата се насочени се дизајнираат и обезбедуваат преку: практична примена на научните и техничките сознанија насочени според потребите на пазарот; јакнење и соработка на земјоделските здруженија; поддршка во спроведувањето на владините програми и мерки наменети за индивидуалниот земјоделски сектор; воспоставување и примена на информативни системи во функција на подобрување на следливоста на земјоделските активности и размена на информации со чинителите во агрокомплексот.

Структурата на АПРЗ е дизајнирана на три нивоа на управување: дирекција, регионални центри и работни единици. Седиштето на АПРЗ се наоѓа во Битола и координира 6 регионални центри со 30 работни единици низ земјата. Според потребите и барањето на земјоделците а во согласност со локалната самоуправа, се отвораат привремени стручни дисперзирани канцеларии во руралните средини, кои во моментот покриваат 39 локации.

Програмските активности се насочени преку основни програми со свои потпрограми и истите постојано се развиваат според постоечките услови и потреби надоградувајќи и меѓусебно надополнувајќи се:

- Унапредување на квалитетот на советодавната услуга со имплементација на терен;
- Надградба на базата на податоци, проток на информации и воспоставување на мрежи на соработка;
- Зајакнување на институционалните капацитети;
- Поддршка во креирање на развојни проекти кофинансирани од буџетски и меѓународни средства, наменети за индивидуалните земјоделски производители.
- Поддршка во реализација на Владината Програма како и Националната програма за земјоделство и рурален развој,

Услугите вклучуваат непосредна советодавна помош на самостојните индивидуални земјоделски производители за практична имплементација на соодветни мерки односно научно-техничките сознанија во процесот на земјоделското производство подготовени како техничко-економски пакети. Тие имаат за цел зголемување на квалитетот и квантитетот на земјоделското производство и поголема искористеност на земјоделските ресурси.

Како придружни активности во дефинирањето и имплементацијата на советодавните услуги и во согласност со постоечките услови за работа, АПРЗ реализира демонстративни опити, агрохемиски анализи и анализи на базата на податоци од FMS (Farm Monotoring System).

Во рамките на активностите за развој на индивидуалните земјоделски производители преку реализација на стручни советодавни услуги извршена е посета на терен и организирани се едукативни средби со опфат на повеќе од 4000 земјоделци, реализирани се десет демонстративни опити, извршени се анализи од

базата на податоци, изработена е предпроектна спецификација за изградба на подсистем за евиденција на советодавната услуга, дефинирани се проблеми за одредени производи, извршена е обработка на информации, формирана е база на податоци за изработка на ТЕСП. Во рамките на активностите кои ја поддржуваат теренската реализација на мерки од Финансиската поддршка на земјоделството и руралниот развој извршени сите активности со поддршка на 160 волонтери со опфат на 40.000 земјоделци.

Општо за податоците од ФМС

Во рамките на активностите за имплементацијата на воспоставување на сметководствена евиденција на фарма во Република Македонија, според регулативите на ЕУ, АПРЗ одржува база на податоци од 600 земјоделски стопанства. Во оставарување на зацртаните активности АПРЗ е потпомогната од страна на неколку проекти финансирани од SIDA насочени кон понатамошениот развој на FMS и негово приближување кон стандардите на Европската Мрежа на сметководствени податоци за фарма (FADN). Во тек е институционална поддршка од МЗШВ преку Проект на Светска Банка за финализирање на основата и функционирањето на FADN во Македонија според ЕУ регулативите.

За оваа активност 60 советници од АПРЗ прибираат податоци за ресурсите, приходот, приносот и трошоците избрани според т.н. „условна“ репрезентативност. Советниците со посета на фарма, најмалку еднаш на два месеци ги прибираат, евидентираат и внесуваат податоците во базата на системот на АПРЗ. Постоечкиот Систем за мониторинг на фарма нашироко беше прифатен и препорачан од страна на ЕУ експертите како солидна основа за идно надградување на системот на Мрежа на сметководствени податоци на фарма (FADN).

Во изминатиот период, во различни години, се применуваа одредени надоградувања на системот – софтвер, се додефинираа потребните видови податоци, се развиваше соодветната методологија за пресметка на излезни резултати, што предизвикуваше различни ефекти на годишните пресметки, се вградуваат разни контроли, се надградува методологијата за прибирање и евиденција на податоците во соодветни тетратки – формулари, се надоградуваат упатствата за работа и користење на информатичката технологија.

3.3 Професионални консултантски услуги

Приватниот сектор вклучува различни категории на обезбедувачи на консултантски услуги. Најрелевантни, иако сè уште ограничени на ниво на земјата, се индивидуалните советници или консултантските фирми (земјоделски инженери, економисти, агрономи, специјалисти за почва, специјалисти за заштита на растенијата, ветеринари, итн.) кои во некои случаи, исто така, користат лаборатории и професионална опрема. Нивните целни групи се прогресивни фармери и агро-преработувачи кои се подготвени и во можност да платат за специјалистички услуги. Консултантските совети, исто така, се обезбедуваат од добавувачите на репроматеријали (семе и саден материјал, ѓубриња, агро-хемиски средства) и добавувачи на механизација и опрема, како дел од политиките на компанијата за претпродажба и по продажбата.

Професионални консултантски услуги по правило се бараат од земјоделско - прехранбената индустрија која е ориентирана за извоз на своите производи на пазарите на земјите на Европската Унија. Стандардите во производството како BRC, IFS, Globalgap, Organic или други приватни стандарди признаени во ЕУ, системите ISO и HACCP, се имплементираат од професионални консултантски фирми во Македонија, но сертификацијата на истите главно е извршена од меѓународно признаени сертификациони фирми.

Нивото на консултантски услуги се зголемува забележително во последниве години, поради воведување на субвенции (50% од консултантските трошоци) на фирми кои ги имплементираат европските стандарди во производството. Изворите на средства се програмите за унапредување на земјоделството, Програмите за предприемништво во економски развој, но и донаторски програми како USAID-BASS, GTZ, SIDA.

4. Систем на обуки (неформално образование)

Битен услов за побрз развој на земјоделското производство, како и руралниот развој, претставува добро поставен и ефективен систем на неформално образование за земјоделците и руралното население во Република Македонија. Законот за образование на возрасните кој ја регулира понудата на образовните услуги од неформален тип, преку адекватен систем на акредитирање, е усвоен во 2008 година. Од друга страна, стратегијата за образование на возрасни 2010-2015, која ги поставува идните планови за развој на човечките ресурси беше донесена од Министерството за образование и наука на Република Македонија, во 2010 година. Оваа Стратегија, исто така, ќе претставува основа за неформално и доживотно образование во областа на земјоделството.

До сега, придонес во неформалното образование на различни учесници во земјоделството имаат дадено Фондацијата Агро-центар за едукација АЦЕ, основана од Земјоделскиот институт во Скопје, во 2006 година, како и независниот Центар за применето истражување и континуирана едукација ЦИПОЗ, основан во рамките на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје, во 2002 година. Во рамките на АЦЕ, се реализирани голем број на проекти и обуки во различни области во земјоделството, руралниот развој, заштита на животната средина и слично. ЦИПОЗ, во текот на својата работа има реализирано значајни активности и резултати на полето на истражувањето, трансферот на знаење, како и примена на модерна технологија (програми и семинари за обука). Покрај горенаведените, и високообразовните институции учествуваат во неформалното образование на сите засегнати страни во земјоделскиот сектор, преку организирање на различни работилници и семинари на различни теми. Особено значаен придонес во неформалното образование за земјоделците имаат и други институции, меѓу кои и Федерацијата на фармери на Република Македонија.

X. ПРИЛОЗИ

Прилог 1. Извоз, увоз и трговски биланс на земјоделско-прехранбени производи според групи на производи од Царинската тарифа за 2010 година

		Извоз		Увоз		
		2010		2010		2010
ЦН	Назив	Вредност во 1000 ЕУР	Учест.	Вредност во 1000 ЕУР	Учест.	Трговски баланс
01	Живи животни	3. 069,2	0,7%	941,7	0,2%	2.127,5
02	Месо и други кланични производи за јадење	16.980,6	3,8%	80.086,7	13,1%	-63.106
03	Риби, черупкари, мекотелци и други водни без'рбетници	559	0,1%	7.620	1,2%	-7.061
04	Млеко и производи од млеко, живински птичји јајца, природен мед	4.487,7	1,1%	29.039,1	4,5%	-24.191
05	Производи од животинско потекло на друго место неспоменати	756	0,%	3.835,9	0,6%	-3.079,8
06	Живи дрвја и други растенија, луковици, корења, сечено цвеќе	2.678,4	0,6%	3.623,2	0,6%	-944,7
07	Зеленчук, морења и грутки за јадење	66.204,8	12,8%	6.341,9	1%	59.862,9
08	Овошје и јатчесто овошје, кори од агруми или од дињи и лубеници	39.618	7,1%	24.361,5	3,5%	15.256,5
09	Кафе, чај, мате-чај и мирудии	1.619,2	0,3%	16,517,7	2,3%	-14.898,5
10	Жита	2.986,9	0,5%	18.713,8	2,6%	-15.726,9
11	Производи на мелничката индустрија, слад, скроб, инулин, глутен од пченица	179	0,%	16.729,4	2,3%	-16.550,5
12	Маслодајни семиња и плодови, индустриски или медицински растенија	3.884,6	0,7%	14.079,6	1,9%	--10.195
13	Шелак, гуми, смоли и други растителни сокови и екстракти	0,032	0,0%	39	0%	-39
14	Растителни материјали за плетарство	0.061	0,0%	60,2	0,0%	-60,1
15	Маснотии и масла од животинско или растително потекло и производи од нивно разлагање	8.545,5	1,5%	43.873,4	5,5%	-35.327,9
16	Преработки од месо, риби, черупкари или мекотелци	17.303,6	2,9%	23.301,8	2,8%	-5.998,2
17	Шеќер и производи од шеќер	7.589,2	1,3%	44.721	5,2%	-37.131,8
18	Какао и производи од какао	8.358,1	1,4%	30.569,6	3,4%	-22.211,5
19	Производи врз база на жита, брашно, скроб или млеко, слатки производи	33.554,3	5,2%	32.530,8	3,5%	1.023,5
20	Производи од зеленчук, од овошје, од јатчесто овошје	31.651,4	4,7%	19.704,8	2,1%	11.946,6
21	Разни производи за исхрана	13.494	2%	46.405,4	4,7 %	-32.911,3
22	Пијалаци, алкохоли и оцет	60.552,9	8,1%	25.517,7	2,5%	35.035,2
23	Приготвена храна за животни	278	0%	18.753,7	1,8%	-18.475,8
24	Тутун и производи за замена за тутун	93.483,7	11,1 %	18.597,7	1,8%	74.886
Други земјоделски производи над 24 Глава од Царинска тарифа		5.442	0,6%	5.121	0,5%	321
Вкупно вредност на Извоз и Увоз на земјоделско-прехрамбени производи		**423.670**	**100%**	**532.243,8**	**100%**	**-108.573,8**

Извор: ДЗС, 2011

Прилог 2. Имплементација на тарифни квоти (1)

УВОЗ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ СО ПОТЕКЛО ОД ЗАЕДНИЦАТА (НУЛА-ЦАРИНСКА СТАПКА ВО РАМКИ НА КВОТА)				
(наведено во Член 27(3) (б))				
Тарифна ознака	**Наименување**	**Квота 2010 (Тони)**	**Увоз 2010 (Тони)**	**ЕУР €**
0206 29	Јастиви делови од говеда, освен јазици и џигери, замрзнати	415	1.032	852.663
0207	Месо и јастиви делови од живина од тар. број 0105, свежи, разладени или замрзнати	6.600	11724	10.016.117
0210 11 0210 12 0210 19	Месо свинско	50	45	357.783
0401 20	Млеко и павлака, неконцентрирани, без додаден шеќер или други материи за засладување, со содржина на маснотија, што надминува 1%, но не надминува 6%	2.200	734	385.548
0402	Млеко и павлака, концентрирани или со додаден шеќер или други материи за засладување	470	1129	2.331.404
0405 10	Путер	1.250	666	2.279.244
0406 20 0406 30	Сирењ стругано или во прав, од сите видови Сирење топено, освен стругано или во прав	150	177	687.190
0406 90	Друго сирење	500	1.689	5.185.972
0802 31 0802 32	Обични ореви, во лушпа Обични ореви, лупени	60	10	24.173
0805 10 0805 20 0805 40 0805 50	-Портокали, -Мандарини (вклучувајќи тангирски и сатсума-мандарини); клементина, вилкинг и слични хибриди на агруми, -Грејпфрут, вклучувајќи помело, -Лимони и лимета, свежи или суви	8.000	11.127	4.088.601
0901	Кафе, печено или непечено или без кофеин; лушпи и ципи од кафе; замена за кафе што содржат кафе во кој и да било сооднос	10	639	2.498.893
1601	Колбаси и слични производи, од месо, од други јастиви месни кланични производи ил од крв, сложени прехранбени производи врз основа на овие производи	3.290	2.326	4.398.777
1602	Други приготвени или конзервирани производи од месо, од јастиви месни кланични производи или од крв	1.780	1.947	6.061.576
2003 10 2003 20 00	Печурки за јадење од видот Agaricus; Трифли	50	161	172.826
2005 70	Маслинки, приготвени или конзервирани на друг начин освен во оцет или оцетна киселина, незамрзнати	1.600	2.378	4.136.021
2007 99	Џемови, овошни желеа, мармелади, пиреа и пасти од овошје и јатчесто овошје добиени со варење, поинаку од хомогенизирано подготвување и цитрусно овошје	50	117	125.038
2009	Овошни сокови (вклучувајќи и шира од грозје) и сокови од зеленчук, неферментирани и без додаток на алкохол	300	1.465	2.306.942
2309 90 99 90	Производи што се употребуваат за исхрана на животни Друго	12.000	850	790.340

Извор: ДЗС, 2011

Прилог 3. Преглед на трговијата со Примарни земјоделски производи, Преработени земјоделски производи и Рибни производи за периодот 2008, 2009, 2010 (во милиони €)

	Извоз			Увоз			Трговски баланс		
	2008	**2009**	**2010**	**2008**	**2009**	**2010**	**2008**	**2009**	**2010**
Примарни земјоделски производи	136,9	128,2	154,4	152,8	130	148,3	-15,8	-1,8	6,1
Преработени земјоделски производи	9,5	9,8	12,7	61,2	62,6	64,7	-51,7	-52,9	-52,0
Риби и рибни производи	8,3	7,7	6,6	5,5	5,1	3,3	2,8	2,7	3,3
ВКУПНО	**154,7**	**145,7**	**173,7**	**219,5**	**197,7**	**216,4**	**-64,7**	**-52**	**-42,7**

Извор: ДЗС, 2011

Прилог 4. Најзначајни извезени примарни земјоделски производи од Република Македонија во ЕУ-27

		МК Извоз во ЕУ-27					
		2009			2010		
Тарифна ознака	**Опис**	**Количина тони/хл**	**Вредност во 1000 €**	**Учество од вредност**	**Количина тони/хл**	**Вредност во 1000 €**	**Учество од вредност**
2401	Непреработен тутун	13.756	56.454	44,0%	14.216	62.299	40,3%
0204	Месо од овци, свежо, разладено или замрзнато	2.647	12.868	10,0%	2.366	12.441	8,1%
2204	Вино од свежо грозје	415.116	16.201	12,6%	324.734	12.116	7,8%
0709	Друг зеленчук, свеж или разладен	11.458	6.968	5,4%	21.384	9.572	6,2%
0702	Домати, свежи или разладени	14.701	3.409	2,7%	19.150	7.449	4,8%
0710	Зеленчук (неварен или варен) замрзнат	4.795	4.506	3,5%	7.839	6.106	4,0%
0704	Зелка, карфиол, свежи или разладени	27.827	2.737	2,1%	36.718	5.039	3,3%
2005	Друг зеленчук конзервиран	2.638	3.908	3,0%	3.640	4.826	3,1%
0808	Јаболки, круши, дуњи, свежи	10.881	912	0,7%	23.263	3.218	2,1%
Вкупно извоз на примарни земјоделски производи		**168.694**	**128.245**	**100%**	**221.615**	**154.402**	**100%**

Извор: ДЗС, 2011

Прилог 5. Најзначајни увезени примарни земјоделски производи во Р. Македонија од ЕУ-27

		МК Увоз од ЕУ-27					
		2009			2010		
Тарифна ознака	**Опис**	**Количина тони**	**Вредност во 1000 €**	**Учество од вредност**	**Количина тони**	**Вредност во 1000 €**	**Учество од вредност**
1512	Масло од семе од сончоглед	12.807	7.837	6,0%	28.706	19.369	13,1%
0201	Месо говедско, свежо или разладено	7.595	17.752	13,7%	7.192	16.520	11,1%
0203	Месо свинско, свежо, разладено или замрзнато	4.653	10.041	7,7%	5.493	12.255	8,3%
0207	Месо од живина	10.447	9.960	7,7%	11.724	10.016	6,8%
1602	Друго месо приготвено или преработено	1.565	4.869	3,7%	1.947	6.062	4,1%
2401	Непреработен тутун	1.593	3.579	2,8%	2.966	5.992	4,0%
0406	Сирење и урда	2.108	5.521	4,2%	1.878	5.926	4,0%
2005agri.	Друг зеленчук конзервиран	3.098	5.195	4,0%	2.826	5.082	3,4%
2309	Производи кои се користат за исхрана на животни	5.027	4.731	3,6%	4.714	4.821	3,3%
1601	Колбаси и слични производи од месо	2.441	4.719	3,6%	2.326	4.399	3,0%
0805	Агруми, свежи или разладени	8.418	3.248	2,5%	11.127	4.089	2,8%
Вкупно увоз на примарни земјоделкси производи		**146.788**	**130.041**	**100%**	**158.160**	**148.304**	**100%**

Извор: ДЗС, 2011

Прилог 6. Најзначајни увезени преработени земјоделски производи во Р. Македонија од ЕУ-27

		МК Увоз од ЕУ-27					
		2009			2010		
Тарифна ознака	Опис	Количина тони	Вредност во 1000 €	Учество од вредност	Количина тони	Вредност во 1000 €	Учество од вредност
2106	Прехранбени производи на друго место нестомнати ниту опфатени	6.564	21.030	33,6%	6.960	21.864	33,8%
1806	Чоколади и други производи што содржат како	1.757	7.104	11,3%	1.766	7.006	10,8%
1905	Леб, печива, кекси, бисквити и вафли	3.410	5.900	9,4%	3.448	6.638	10,3%
1901	Екстракти на слад; рехранбени производи од брашно, јарма, гриз, слад	2.349	4.179	6,7%	2.420	4.401	6,8%
2203	Пиво добиено од слад	5.733	3.289	5,3%	6.205	3.454	5,3%
2202	Вода, вклучувајќи минерална вода со додаток на шеќер	3.173	2.848	4,5%	2.294	2.532	3,9%
1902	Теста, варени или неварени, полнети	2.853	2.262	3,6%	2.989	2.124	3,3%
2208	Неденатуриран етил алкохол, алкохолни пијалаци	796	3.093	4,9%	604	1.973	3,0%
1805	Како во прав, без додаток на шеќер	644	912	1,5%	740	1.840	2,8%
Вкупно Увоз на Преработени земјоделски производи		**32.709**	**62.639**	**100%**	**32.711**	**64.739**	**100%**

Извор: ДЗС, 2011

Прилог 7. Увоз во Република Македонија на земјоделски производи со потекло од Заедницата (Концесии во рамки на квота) (наведено во Член 27(3)(ц))

Тарифна ознака	Наименување	Квота 2010 (Тони)	Увоз 2010 (Тони)	ЕУР €
0201 0202	Месо говедско, свежо, разладено или замрзнато	300	7.396	17.068.698
0203	Месо свинско, свежо, разладено или замрзнато	2.000		
0203	Месо свинско, свежо, разладено или замрзнато	200	5.493	12.255.277
0406 10 0406 40	Сирење и урда	600	12	53.120
0701 90	Компири, свежи или разладени	100	62	13.802
1209 21	Семе од луцерка (alfalfa)	15	31	82.198

Извор: ДЗС, 2011

Прилог 8. Царински стапки применливи за производи со потекло од Заедницата за увоз во Република Македонија (Нула-царинска стапка во рамките на квотите)

Тарифна ознака	Наименување	Квота 2010 (Тони)	Увоз 2010 (Тони)	ЕУР €
1517 10	Маргарин, исклучувајќи течен маргарин	100	992	1.016.231
1704 90	Конфекциониран шеќер (вклучувајќи бело чоколадо), што не содржи какао, освен гуми за џвакање, со или без шеќерен прелив	265	391	1.178.797
1806	Чоколадо и други прехр. производи што содржат какао	350	1.766	7.006.306
1902	Теста, варени или неварени или полнети (со месо или други материи) или поинаку приготвени, како што се шпагети, макарони, резанки, лазањи, њоки, равиоли, канелони, кускус, приготвен или неприготвен	100	2.993	2.134.143
1905	Леб, печива, колачи, бисквити и други пекарски производи, со додаток на како или без додаток на какао; нафора, капсули за фармацевтска употреба, обланди, оризова хартија и слични производи	430	400	999.147
1905 31 1905 32	Слатки бисквити, вафли и обланди	330	1.592	2.552.077
1905 90	Друго	150	1.456	3.086.372
2101 11 2101 12	Екстракти, есенции и концентрати Препарати врз база на овие екстракти, есенции и концентрати или врз база на кафе	5	238	1.361.337
2103 30 90	Приготвен синап (сенф)	200	96	103.864
2105	Сладолед и друг јастив мраз, со додаток или без додаток на какао	50	821	1.696.457

Извор: ДЗС, 2011

Прилог 9. Царински стапки применливи за производи со потекло од Заедницата за увоз во Република Македонија (Концесија во рамки на квотите)

Тарифна ознака	Наименување	Квота 2010 (Тони)	Увоз 2010 (Тони)	ЕУР €
2201	Вода, вклучувајќи природна или вештачка минерална вода и газирана вода, без додаток на шеќер или на други средства за засладување или ароматизација; мраз и снег	150	738	179.012

Извор: ДЗС, 2011

Прилог 10. Увоз во Република Македонија на риби и рибни производи,
Потекло од Заедницата (нула-царинска стапка во рамки на квота) (наведено во Член 28(2))

Тарифна ознака	Наименување	Квота 2010 (Тони)	Увоз 2010 (Тони)	ЕУР €
0301 93 00	Жив крап	75	1	2.380

Извор: ДЗС, 2011

Прилог 11. Вкупен увоз на риби и рибни производи

		Увоз							
		2007		2008		2009		2010	
Тариф. ознака	Наимену-вање	Колич. во kg	Вредност во EUR	Колич. во kg	Вредност во EUR	Колич. во kg	Вред-ност во EUR	Колич. во kg	Вред-ност во EUR
0301	Риби, живи	134.711	260.133	104.236	294.879	76.483	239.586	94.807	249.942
0302	Риби свежи или разладени, освен рибни филети	124.567	524.248	187.269	639.913	200.530	726.954	159.766	817.394
0303	Риби, замрзнати, освен рибни филети	4.246.658	5.846.548	3.855.872	6.106.756	3.908.751	5.454.026	3.750.097	5.201.454
0304	Рибини филети и друго рибино месо (немелено или мелено) свежо, разладени или замрзнато	322.738	741.751	405.582	864.215	597.500	1.158.888	365.026	709.493
0305	Риби сушени, солени или во саламура, чадена риба	4.113	39.144	2.182	31.207	1.937	26.628	4.170	59.920
0306	Черупкари со черипка или без черупка, живи, свежи, разладени, замрзнати, сушени, посолени или во саламура	23.313	187.360	45.636	310.074	34.639	259.212	32.464	261.601
0307	Мекотелци со черупка или без черупка, живи, свежи, разладени, замрзнати, сушени, солени или во саламура (ПОЛЖАВИ)	1.799.127	1.967.821	1.120.685	2.129.327	1.329.077	1.819.111	118.086	320.327
Вкупно увоз на риба и рибни производи		**6.655.226**	**9.567.005**	**5.721.461**	**10.376.371**	**6.148.917**	**9.684.405**	**4.524.416**	**7.620.131**

Извор: ДЗС, 2011

Прилог 12. Вкупен увоз на преработки од риби и рибни производи

		Увоз							
		2007		2008		2009		2010	
Тари-фна озна-ка	Наиме-нување	Количина во kg	Вредност во EUR	Количина во kg	Вредност во EUR	Количина во kg	Вредност во EUR	Количина во kg	Вредност во EUR
1604	Приготвени или конзер. риби; кавијар	2.921.520	6.331.850	2.624.815	6.811.916	2.170.330	5.791.361	2.193.568	6.003.166
1605	Черупкри, мекотелци и др. безрб., приготвени или конзе-р. (ПОЛЖАВИ)	520.102	2.019.471	577.284	3.232.562	531.354	3.056.534	487.493	2.076.356
Вкупно увоз на преработки од риба и рибни производи		**3.441.622**	**8.351.320**	**3.202.100**	**10.044.479**	**2.701.684**	**8.847.895**	**2.681.061**	**8.079.522**

Извор: ДЗС, 2011

Прилог 13. Листа на заштитени имиња на вина

Вина со контролирано и гарантирано потекло, произведени во специфични локалитети

Спечифични локалитети	
- Names ***- Transcript*** (*) ***- English translation*** (*)	***Use*** (*)
- Дисан *- Disan*	*- Дисански локалитет* *- Disanski lokalitet*

1. Вина со контролирано потекло произведени во специфични региони (виогорја)

Специфични региони	
- Names ***- Transcript*** (*) ***- English translation*** (*)	***Use*** (*)
- Скопје *- Skopje*	*- Скопско виногорје* *- Skopsko vinogorje*
- Велес *- Veles*	*- Велешко виногорје* *- Velesko vinogorje*
- Тиквеш *- Tikves*	*- Тиквешко виногорје* *- Tikvesko vinogorje*
- Гевгелија-Валандово *- Gegelija-Valandovo*	*- Гевгелиско-валандовско виногорје* *- Gevgelisko-valandovsko vinogorje*
- Струмица-Радовиш *- Strumica-Radovis*	*- Струмичко-радовишко виногорје* *- Strumicko-radovisko vinogorje*
- Овче Поле *- Ovce Pole*	*- Овчеполско виногорје* *- Ovcepolsko vinogorje*
- Кочани-Виница *- Kocani-Vinica*	*- Кочанско-виничко виногорје* *- Kocansko-vinicko vinogorje*
- Куманово *- Kumanovo*	*- Кумановско виногорје* *- Kumanovsko vinogorje*
- Кратово *- Kratovo*	*- Кратовско виногорје* *- Kratovsko vinogorje*
- Пијанец *- Pijanec*	*- Пијанечко виногорје* *- Pijanecko vinogorje*
- Прилеп *- Prilep*	*- Прилепско виногорје* *- Prilepsko vinogorje*
- Битола *- Bitola*	*- Битолско виногорје* *- Bitolsko vinogorje*
- Преспа *- Prespa*	*- Преспанско виногорје* *- Prespansko vinogorje*
- Охрид *- Ohrid*	*- Охридско виногорје* *- Ohridsko vinogorje*
- Кичево *- Kicevo*	*- Кичевско виногорје* *- Kicevsko vinogorje*
- Тетово *- Tetovo*	*- Тетовско виногорје* *- Tetovsko vinogorje*

(*) In italic: only for information purposes

2. Трпезни вина со географска ознака

Географска ознака	
- Names ***- Transcript*** (*) ***- English translation*** (*)	***Use*** (*) ***- Transcript*** (*) ***- English translation*** (*)
- Македонија *- Makedonija* *- Macedonia*	Регионално вино од Македонија, Македонско регионално вино *- Regionalno vino od Makedonija,* *Makedonsko regionalno vino* *- Regional wine of Macedonia,* *Macedonian regional wine*

(*) In italic: only for information purposes

3. Листа на традиционални изрази и термини за квалитетно вино

Traditional expressions	Transcript	Wines concerned	Language	Type of the traditional term
Регионално вино	Regionalno vino	All	Macedonian македонски	In place of PDO/PGI
Вино со контролирано потекло	Vino so kontrolirano poteklo	All	Macedonian македонски	In place of PDO/PGI
Вино со контролирано и гарантирано потекло	Vino so kontrolirano i garantirano poteklo	All	Macedonian македонски	In place of PDO/PGI
Десертно вино	Desertno vino	All	Macedonian македонски	In place of PDO/PGI
Ознака за потекло (ОП)	Oznaka za poteklo (OP)	All	Macedonian македонски	In place of PDO/PGI
Сопствена берба	Sopstvena berba	All	Macedonian македонски	Description of product characteristic
Доцна берба	Docna berba	All	Macedonian македонски	Description of product characteristic
Изборна берба	Izborna berba	All	Macedonian македонски	Description of product characteristic
Избор на гроздови	Izbor na grozdovi	All	Macedonian македонски	Description of product characteristic
Избор на зрна	Izbor na zrna	All	Macedonian македонски	Description of product characteristic
Рачна берба	Račna berba	All	Macedonian македонски	Description of product characteristic
Одлежано на талог	Odležano na talog	All	Macedonian македонски	Description of product characteristic
Ограничена серија	Ograničena serija	All	Macedonian македонски	Description of product characteristic
Специјална серија	Specijalna serija	All	Macedonian македонски	Description of product characteristic
Приватна серија	Privatna serija	All	Macedonian македонски	Description of product characteristic

БИБЛИОГРАФИЈА

ДЗС. 2006-2011. *Статистички годишник на Република Македонија 2006-2011*. Државен завод за статистика на Република Македонија. Скопје. ДЗС на РМ.

МЗШВ. 2010-2011. *Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*. Скопје.

ДЗС на РМ. 2006-2011. Економски сметки во земјоделството. Државен завод за статистика на РМ, Скопје.

ДЗС. 2011. Анкета за работна сила, 2010. Државен завод за статистика на Република Македонија. Скопје.

ДЗС на РМ. 2011. Соопштение: Земјоделство: Број на добиток, живина и пчелни семејства, 2010. Државен завод за статистика на РМ, Скопје.

ДЗС на РМ. 2011. Соопштение: Земјоделство: Добиточно производство, 2010. Државен завод за статистика на РМ, Скопје.

ДЗС на РМ. 2011. Статистички преглед: Земјоделство: Полјоделство, овоштарство и лозарство, 2010. Државен завод за статистика на РМ, Скопје.

ДЗС на РМ. 2011. Статистички преглед: Земјоделство: Типологија на земјоделските стопанства, 5.1.11.06. Државен завод за статистика на РМ, Скопје.

ДЗС на РМ. 2011. Соопштение: Структурно истражување за земјоделските стопанства, 5.1.10.73 Државен завод за статистика на РМ, Скопје.

Martinovska-Stojceska, A., Surry, Y., Dimitrievski, D. & Sergo, L., Andersson, H. 2011. Economic and technical analysis of Macedonian farms based on farm accountancy data, 2005-2009 period. FASF, Skopje and SLU, Uppsala.

МЗШВ. 2010. Годишен извештај за земјоделство и рурален развој, 2009 година. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Скопје.

МАП. 2010. Истражување на перформансите на индустрија за преработка на овошје и зеленчук 2009. USAID, AgBiz program, Скопје.

МЗШВ. 2010. Податоци/извештаи од секторите и органите во рамки на МЗШВ.

ДЗС на РМ. 2010. Дипломирани студенти, 2.4.11.12.695. Државен завод за статистика на РМ, Скопје.

ДЗС на РМ. 2010. Основни и средни училишта на крајот на учебната година 2009/2010. Државен завод за статистика на РМ, Скопје.

EC. 2010. EU Cereal Farms Report 2010 based on FADN data. European Commission, Directorate-General for Agriculture and Rural Development.

НБРМ. 2010. Извештај за финансиската стаблиност во Република Македонија во 2009 година. Народна банка на РМ, Скопје.

ДЗС на РМ. 2010. Месечен статистички извештај, 1.2.10.08. Државен завод за статистика на РМ, Скопје.

ДЗС на РМ. 2010. Регионите во Република Македонија, 2009, ISSN 1857-6141. Државен завод за статистика на РМ, Скопје.

ДЗС на РМ. 2010. Соопштение: Национални сметки, 3.1.10.01. Државен завод за статистика на РМ, Скопје.

ДЗС на РМ. 2010. Соопштение: Пазар на трудот, 2.1.10.28. Државен завод за статистика на РМ, Скопје.

ДЗС на РМ. 2010. Статистички преглед: Земјоделство: Сточарство, 2007 и 2008 година. Државен завод за статистика на РМ, Скопје.

ДЗС на РМ. 2010. Статистички преглед: Национална економија и финансии – Бруто-домашен производ, 2008. Државен завод за статистика на РМ, Скопје.

ДЗС на РМ. 2010. Статистички преглед: Национална економија и финансии – Бруто-домашен производ, 2009. Државен завод за статистика на РМ, Скопје.

ДЗС на РМ. 2010. Соопштение: Инвестиции во основни средства во 2009 година, 3.1.10.07. Државен завод за статистика на РМ, Скопје.

МОН на РМ. 2010. Стратегија за образование на возрасните во РМ 2010-2015. Центар за образование на возрасни на РМ.

ДЗС на РМ. 2009. Претходни статистички податоци за Република Македонија, 2009 година, ISSN 1409-7494. Државен завод за статистика на РМ, Скопје.

ДЗС на РМ. 2009. Статистика на животна средина, 2009. Државен завод за статистика на РМ, Скопје.

ДЗС на РМ. 2009. Статистички преглед: Земјоделство - Полјоделство, овоштарство и лозарство, 2008. Државен завод за статистика на РМ, Скопје.

ДЗС на РМ. 2009. Статистички преглед: Национална економија – инвестиции во основни средства, 2008. Државен завод за статистика на РМ, Скопје.

Влада на РМ. 2008. Национален развоен план, 2008-2013. Влада на Република Македонија. Скопје.

МОН на РМ. 2008. Закон за високо образование на РМ. Службен весник на РМ 35/2008.

МОН на РМ. 2008. Закон за научно-истражувачка дејност на РМ. Службен весник на РМ 46/2008.

МОН на РМ. 2008. Закон за образование на возрасните на РМ. Службен весник на РМ 7/2008.

МЗШВ. 2007. Национална стратегија за земјоделство и рурален развој, 2007-2013. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство. Скопје.

ДЗС на РМ. 2002. Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002 - Книга V. Државен завод за статистика на РМ, Скопје.

КОРИСНИ АДРЕСИ И ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦИ

Институција/организација	**Интернет-страница**	**Телефон (+389/2)**
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство	www.mzsv.gov.mk	3134 477
МЗШВ Сектор шумарство		3124-290
МЗШВ Сектор земјоделство		3161-710
МЗШВ Сектор за рурален развој		3124-333
МЗШВ Управа за ветеринарно здравство		3112-210
МЗШВ Управа за семе и саден материјал		3226-417
МЗШВ Управа за заштита на растенија		3112-210
МЗШВ Управа за водостопанство		3111-792
Државен земјоделски инспекторат		3121-462
МЗШВ Управа за хидрометеоролошки работи	www.meteo.gov.mk	3097-103
Влада на РМ Сектор за европски прашања (СЕП)	www.sep.gov.mk	3239-165
Министерство за животна средина и просторно планирање	www.moepp.gov.mk	3066-930
Државен завод за статистика	www.stat.gov.mk	3295-668
Агенција за поддршка на развојот на земјоделството	www.agencija.gov.mk	047/228-330
Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој	www.ipardpa.gov.mk	3228-849
Факултет за земјоделски науки и храна	www.fznh.ukim.edu.mk	3115-277
Факултет за ветеринарна медицина	www.fvm.ukim.edu.mk	3240-700
Федерација на фармери	www.ffrm.gov.mk	3012-303